| 8. | Microsurgical dissection of human white matter Zurich Switzerland August 23-25, 2012 | 0,5 |
| 9. | 21st Zurich Course on interventional neuroradiology 22-26 August 2012 Zurich Switzerland | 0,5 |
| 10. | 21st Zurich Course on interventional neuroradiology 26-29 August 2013 Zurich Switzerland | |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 11. | 22nd Zurich Course on interventional neuroradiology 26-29 August 2014 Zurich Switzerland | 0,5 |
| 12. | International Workshop on Neurosurgical Endoscopy Oct 1-2 2009, Istanbul Turkey | 0,5 |
| 13. | X Kongres Neurohirurga Srbije i Crne Gore Novi Sad, 2-5 okt, 2005 | 0,5 |
| 14. | 24thZurich Course on interventional neuroradiology 22-27 August 2016 Zurich Switzerland | 0,5 |
| 15. | Penumbra Strasbourg workshop on mechanical thrombectomy Oct 14, 2015 Strasbourg France | 0,5 |
| 16. | WF NS interim meeting, Porto de Galinhas, Brasil, Sept 14-17 2011. | 0,5 |
| 17. | Endoscopic endonasal pituitary surgeru, Zagreb Croatia, Noe 14, 2014 | 0,5 |
| 18. | Medtronic cervical workshop 10 Noe 2010, Zagreb Croatia | 0,5 |
| | **Студиски престој во странство** - повеќе од 6 месеци | |
| 1. | Белград, 2005-2006, Институт за неврохирургија УКХ КЦС Дел од специјализација по неврохирургија, Mentorship Prof Antunovic | 2,00 |
| 2. | Ohio State University Columbus, Ohio USA, Skull base fellowship, Mentorship Prof. Ammirati 2008 | 2,00 |
| 3. | Zurich Switzerland Interventional neuroradiology fellowship 2012-2013, Unispital Zurich, Mentorship Prof. Valavanis | 2,00 |
| | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која**<br><br>**поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.)**<br><br>- **член** | |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | - AANS Young forum | 2,00 |
| 2. | SEENS- Southeast European neurosurgery society, member of Executive board. Secretary elected 2017 | 2,00 |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 1. | Одлука за координатор на Комисија за малигни болести на ЈЗУ УК за неврохирургија, 10.7.2014 | 1,00 |
| 2. | Одлука за именување член на УО на Клиника за неврохирургија на ден 14.09.2016 | 1,00 |
| 3. | Одлука за именување заменик-член во Централна пописна комисија на ЈЗУ УК за неврохирургија-Скопје, 17.11.2014, од страна на УО на Клиника за неврохирургија | 1,00 |
| 4. | Одлука за Комисија за избор и именување на директор на ЈЗУ УК за неврохирургија врз основа на статутот и член 33 од Одлука на Влада на РМ 19-3434/1 од 8.7.2008 | 1,00 |
| 5. | Одлука за именување претседател на Комисија за интрахоспитални инфекции на ЈЗУ УК за неврохирургија-Скопје, 26.3.2014, од страна на УО на Клиника за неврохирургија | 1,00 |
| 6. | Одлука за именување член на Комисија за етички прашања на ЈЗУ УК за неврохирургија, 24.10.2013, од страна на УО на Клиника за неврохирургија | 1,00 |
| 7. | Одлука за имнување заменик-член на комисија за преиспитување на оцена за привремена спреченост за работа за сите вработени на ЈЗУ УК за неврохирургија, 29.8.2012, од страна на УО на Клиника за неврохирургија | 1,00 |
| 8. | Решение за именување заменик-претседател на комисија за дисциплинска постапка на ЈЗУ УК за неврохирургија, 25.1.2016, од страна на УО на Клиника за неврохирургија | 1,00 |
| 9. | Одлука за именување заменик-член на Комисија за проценка на квалитет на здравствена заштита која врши проценка на медицински постапки за унапредување на квалитетот на медицинската заштита на ЈЗУ УК за неврохирургија, на 29.4.2014, од страна на УО на Клиника за неврохирургија | 1,00 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 10. | Одлука за именување заменик-претседател на Комисија за попис на ЈЗУ УК за неврохирургија, 5.10.2007, од страна на УО на Клиника за неврохирургија | 1,00 |
| 11. | Координатор за кадаверична трансплантација на ЈЗУ УК за неврохирургија | 1,00 |
| | **Вкупно** | 52,50 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 254,26 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 87,75 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 52,50 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24,00 |
| **Вкупно** | 418,51 |

## Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Милчо Пановски с.р.
2. Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ с.р.
3. Проф. д-р Владимир Мирчевски с.р.
4. Проф. д-р Сашко Јовев с.р.
5. Проф. д-р Виктор Камилоски с.р.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Венко Филипче.

Врз основа на изнесените податоци и севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека ас. д-р Венко Филипче поседува научни и стручни кавалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето НАУЧЕН СОРАБОТНИК по предметот хирургија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Венко Филипче да биде избран во звањето НАУЧЕН СОРАБОТНИК по предметот хирургија.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Проф. д-р Милчо Пановски с.р.
2. Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ с.р.
3. Проф. д-р Владимир Мирчевски с.р.
4. Проф. д-р Сашко Јовев с.р.
5. Проф. д-р Виктор Камилоски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МИКРОБИОЛОГИЈА И ПАРАЗИТОЛОГИЈА ЗА ФАРМАЦЕВТИ“ ОД ГРУПА АВТОРИ ОД КАТЕДРАТА ЗА МИКРОБИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката донесена на 1. редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет одржана на 14. 11. 2016 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало ПРАКТИКУМ ПО МИКРОБИОЛОГИЈА И ПАРАЗИТОЛОГИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ФАРМАЦИЈА од авторите: проф. д-р Милена Петровска, проф. д-р Никола Пановски, проф. д-р Каќа Поповска, проф. д-р Елена Трајковска-Докиќ, проф. д-р Жаклина Цековска, проф. д-р Гордана Јанкоска, н. сор. д-р Весна Котевска, доц. д-р Ана Кафтанџиева, доц. д-р Татјана Грданоска, н. сор. д-р Маја Јурхар Павлова, ас. д-р Гордана Мирчевска, ас. д-р Лилјана Лабачевска, и ас. д-р Кирил Михајловски, каде што уредник е проф. д-р Жаклина Цековска, наменет за студентите на интегрираните студии за магистри по фармација, за предметот микробиологија, избрани се проф. д-р Бети Дејанова и проф. д-р Маја Сланинка-Мицеска.

По добивањето на ракописот од учебникот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Практикум за микробиологија и паразитологија за студентите по фармација |
| **Назив на предметната програма:** | Микробиологија и паразитологија |
| **Назив на студиската програма:** | Интегрирани студии за магистри по фармација |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити:** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 90 часа (теорија 60 : практика 30)<br>7 ЕКТС -кредити |
| Предметот микробиологија на Фармацевтскиот факултет е задолжителен (изборен/<u>задолжителен</u>) предмет со фонд на часови - 90, број на ЕКТС-кредити - 7 и се слуша во петти семестар. | |
| | |

| | |
|---|---|
| **Реден број на изданието:** | Прво издание (приспособен според наставната програма) |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 174 страници, 244202 карактери во формат А4, напишани на компјутер, со големина на фонтот - 12. Текстот е поделен во 11 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 120 слики и 32 табели. |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Бети Дејанова, с.р.
2. Проф. д-р Маја Сланинка-Мицеска, с.р.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТИТЕ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е систематизиран во содржина од 11 поглавја, согласно со вежбите за практична настава од предметот микробиологија и паразитологија: 1. Запознавање со сигурно и безбедносно однесување и работење во микробилошки лаборатории; 2. Микроскопски техники (видови микроскопи и микроскопирање) и испитување на морфологијата на бактериите. Нативни препарати. Обоени препарати и нивно микроскопирање (боење по Грам, Љубински, Цил Нилзен, Бури со туш; 3. Култивирање (видови медиуми за култивација, раст на бактериите: морфологија на колонии) и идентификација на бактериите: испитување на нивната биохемиска активност. Автоматизирани методи за идентификација. 4. Серолошки техники на испитување: антиген-антитело реакции. Методи за вирусолошка дијагноза. Молекуларни методи на испитување. 5. Методи за одредување на антимикробна осетливост на бактериите. Диск-дифузионен тест. Синергизам и антагонизам. Докажување на продукција на бета-лактамаза. Методи за одредување на МИК и МБК. Автоматизирани методи за одредување на осетливоста. 6. Стерилизација и дезинфекција. Контрола на стерилизацијата. Испитување на моќ на дезинфициенс. Одбирање на идеален дезинфициенс. Принципи на асептично работење. Микробиолошка контрола на фармацевтски препарати. 7. Микробиолошка дијагноза на инфекции со пиогени коки, Haemophillus, Mycobacterium. 8. Микробиолошка дијагноза на анаеробни инфекции (Clostridium tetani, C. Difficille, Bacteroides). Дијагноза на инфекции со ентеробактерии (E. Coli, Klebsiela, Proteus, Salmonela, Shigella). 9. Микробиолошка дијагноза на инфекции со квасници (Candida, Cryptococcus) (Giardia) (Taenia solium, saginata, H. Nanae. Ascaris, Enterobius) 10. Микроорганизми значајни за фарамцијата. Контаминанти и расипувачи на фарацевтски препарати (Psudomonas, Micrococcus, Serratia, дифтероиди). Продуценти на антибиотици. Пробиотици и нивно значење во хуманата медицина (Bacillus subtililis. Lactobacillus, Bifidobacterium, Enterococcus); 11. Литература.<br>Во согласност со предметната содржина, ракописот ги содржи сите методски единици кои се предвидени во |

| | |
|---|---|
| | практичната настава за студентите по фармација. Притоа, преку поделбата на микроорганизмите според одредени карактеристики, се засноваат сите техники за микробиолошка дијагностика. Во секоја методска единица е јасно прикажан воведниот материјал со дескриптивни карактеристики на предметот од интерес, вклучувајќи слики, табели и шематски прикази соодветни на содржината. Техниките за изведување се јасно и едноставно прикажани, разбирливи за студентот, со можност за табеларен приказ на резултатите и проверка на знаењето со прашања од материјал. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е соодветен и одлично усогласен со предметната програма за интегрирани студии за магистри по фармација. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Овој ракопис е напишан со лесен стил и е лесно разбирлив за студентите по фармација и истовремено овозможува практична примена на знаења и вештини засновани врз содржината од предметот микробиологија и паразитологија. |
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 357 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 24 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 147 слики и 42 табели. |

Врз основа на изнесеното, Комисијата има чест и задоволство овој ракопис да го поддржи и да го предложи да се отпечати како учебник по предметот микробиологија и паразитологија, примарно наменет за студентите на интегрираните студии за магистри по фармација на Фармацевтскиот факултет.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Бети Дејанова, с.р.
2. Проф. д-р Маја Сланинка-Мицеска , с.р.

РЕФЕРАТ

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДИКА НА ЈАЗИКОТ, КОМУНИКАЦИИ И МАСМЕДИУМИ, УЧЕЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ, ЗА ПРЕДМЕТИТЕ: МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ 1, МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО КУЛТУРА НА ГОВОРОТ 2, КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЈАЗИЧНО ИЗРАЗУВАЊЕ ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, РАБОТИЛНИЦА ПО СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ НА МАКЕДОНСКИ, АЛБАНСКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК, ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, МЕДИУМСКА КУЛТУРА, ЗА СТУДИСКИТЕ ГРУПИ ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И ЈАЗИКОТ НА СРЕДИНАТА НА ДОМИНАНТНАТА НАЦИОНАЛНОСТ, ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА БИБЛИОТЕКАРСТВО, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Дневник“ и „Љајм“ од 26 октомври 2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплиниа): методика на јазикот, по предметите: методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 1, методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 2, креативна работилница за јазично изразување, за студиската група предучилишно воспитание на албански наставен јазик, работилница по слободни активности на македонски, албански и турски јазик, за студиската група одделенска настава на албански наставен јазик, комуникации и масмедиуми, по предметот медиумска култура, за студиските групи предучилишно воспитание и одделенска настава на албански наставен јазик и учење на странски јазици, по предметот јазикот на средината на доминантната националност, за студиската група библиотекарство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1319/5, донесена на 5.12.2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Лулзим Алиу, вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Вехби Кадриу, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје и д-р Флорина Шеху, вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): методика на јазикот, по предметите методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 1, методика на

воспитно-образовната работа по култура на говорот 2, креативна работилница за јазично изразување, за студиската група предучилишно воспитание на албански наставен јазик, работилница по слободни активности на македонски, албански и турски јазик, за студиската група одделенска настава на албански наставен јазик, комуникации и масмедиуми, по предметот медиумска култура за студиските групи предучилишно воспитание и одделенска настава на албански наставен јазик и учење на странски јазици, по предметот јазикот на средината на доминантната националност, за студиската група библиотекарство, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Љуљзим Адеми.

### 3. Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Љуљзим Адеми е роден на 17.5.1971 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Зеф Љуш Марку“ во Скопје, 1988/1989 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филилошкиот факултет „Блаже Конески“ – Катедра за албански јазик и книжевност, во учебната 1994/1995 година. Дипломирал на 2.10.1995 година, со просечен успех 9,26.

Кандидатот активно се служи со албанскиот јазик (мајчин јазик), македонскиот, српскиот, хрватскиот и англискиот јазик.

Во учебната 1995/1996 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“. Студиите ги завршил во 2000 година, со просечен успех 9,00. На 13.10.2005 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Литературната норма во медиумите на албански јазик во Република Македонија.*

Докторска дисертација пријавил на 8.12.2008 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“. Дисертацијата на тема: *Стандардниот албански јазик во медиумите на албански јазик во Република Македонија, Република Албанија и Косово* ја одбранил на 22.12.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Агим Полоска, проф. д-р Мируше Хоџа, проф. д-р Вехби Кадриу, проф. д-р Димитар Пандев и доц. д-р Валбона Тоска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област филолошки науки.

На 7.1.2013 година со успех завршил и се стекнал со сертификат и диплома за квалификација од 31 ЕКТС - кредит за образовна политика, на Универзитетот во Љублјана, Р Словенија (Centre for Educational Policy from the Faculty of Education, University of Ljubljana, R. Slovenia (PeF UL), со наслов на трудот: Learning Mother Language, the language of the environment and the foreign language in the Republic of Macedonia.

На 1.11.1997 година е избран во звањето помлад асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областа филолошки науки, по предметот албански јазик со култура на изразувањето.

На 6.5.2006 година е избран во звањето асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областа филолошки науки по предметот, албански јазик со култура на изразувањето.

На 26.4.2012 година е избран во звањето доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областа филолошки науки, по предметот методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот, за студиската група предучилишно воспитание на албански наставен јазик, медиумска култура, за студиските групи предучилишно воспитание и одделенска настава на албански наставен јазик и јазикот на средината на доминантната националност, на студиската група библиотекарство.

Во моментот е доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1028 од 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот бр. 687, 776, 895, 960, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски” во Скопје, кандидатот д-р Љуљзим Адеми изведува настава, вежби, методски хоспитации, клинички вежби на првиот циклус студии на студиската програма одделенска настава, предучилишно воспитание на албански наставен јазик и на студиската програма библиотекарство, како и на втор циклус на студии на студиската програма одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик.

Кандидатот бил ментор на 6 дипломски труда.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 137 дипломски и 2 магистерски труда.

Учесник бил на обуката: **Подготовка на валидни и релијабилни инструменти за процена на јазичната писменост (ЕГРА) кај учениците од почетните одделенија,** нивно усогласување со наставната програма, адаптирање на контекстот во Македонија и пилотирање во избрани основни училишта, земајќи ги предвид прашањата за еднаква етничка и родова вклученост. Проект: „Со читање до лидерство“. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, (Хелен Абаџи – Меѓународен консултант за јазична писменост). Скопје, 16.4.2014 година.

Раководител бил на **Обука за задавање на инструментите за јазична и математичка писменост (ЕГРА и ЕГМА)/Методологија за изработка на инструментот ЕГРА.** Проект: „Со читање до лидерство“. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, (Јехона Џафери, фасилитатор на обуката). Охрид, (25.11. 2013) 25-29 ноември 2013 година.

Раководител бил на работилнците за воспитувачи, наставници и педагози за **„Упатството за изведување наставна пракса на студентите од наставничките факултети“.** OSCE Mission to Skopje, Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет –Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Скопје, октомври-ноември, 2013.

Реализатор бил на еднодневна работилница со студенти од трета година со настава на македонски и албански наставен јазик при Педагошкиот факултет „Св Климент Охридски“ во Скопје, за имплементација на ЕГРА и ЕГМА - тестовите.

Реализатор бил на еднодневна работилница со студентите од трета година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, за имплементација на ЕГРА и ЕГМА - тестовите.

Ментор бил на 4 основни училишта за проектот на УСАИД „Со читање до лидерство за поткомпонентата - Заедници за учење, Чекор по чекор, УСАИД, Скопје, 2015, 2016 год. (4x1)

Реализатор бил на 7 еднодневни работилници „Нашата училница нашиот свет“, Фондација „Чекор по чекор“, 2015, 2016 година.

Реализатор бил на 5 еднодневни работилници „Читаме, учиме се забавуваме“ Фондација „Чекор по чекор“, 2015, 2016 година.

Реализатор бил на 5 еднодневни работилници „Математика +“ Фондација „Чекор по чекор“, 2015, 2016 година.

Реализатор бил на 11 тричасовни работилници за креативни техники за настава по математика за наставници и родители, Фондација „Чекор по чекор“ 2015 година.

Реализатор бил на 11 тричасовни работилници за креативни работилници со наставници и родители за правење на книги.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Љуљзим Адеми има објавено вкупно 9 научни трудови од филолошката област, кои се објавени во зборници од научни собири.

Д-р Љуљзим Адеми бил член на 4 национални научни проекти.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Љуљзим Адеми активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Врши стручна обука на воспитувачи и наставници од предучилишно, основно и средно образование и стручни лица од областа на процена на јазичната писменост, за развој на јазичните вештини кај учениците од почетните одделенија, изведување на практичната настава за студентите од наставничките факултети.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми остварил експертски активности во проектот „Со читање до лидерство", УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор", компонента 1: Процена на јазична и математичка писменост. Изработка на задачи во инструментот за процена на јазичната писменост (ЕГРА) 2014, 2015 и 2016 година. Наблудување на процесот на задавање на ЕГРА и ЕГМА - инструментите во основните училишта во 2014, 2015 и 2016 година, Стандардизација на ЕГРА - инструментот во 2014 година, Подготовка на прирачник за задавање на инструментот за процена на јазична и математичка писменост во 2013 година.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми остварил експертски активности во проектот „Унапредување на наставната практика на наставничките факултети во мултикултурното општество". Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Министерство за образование и наука на Р. Македонија, Биро за развој на образованието на Р Македонија (2013) Изготвување на упатство за изведување на практична настава на студентите од наставничките факултети.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми учествувал како обучувач за подобрување на оценувањето на учениците (Алгоритам, МОН, Скопје, 2014-2015 год.); Формирање и одржување на заедници за учење (Step by step, Скопје, 2015 год.).

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми бил супервизор на проектот „Мозаик за интегрирано мултикултурно образование", наменет за воспитувачи, родители и деца од предучилишно образование (Мозаик, 2015 год.).

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми бил јазичен редактор на емисијата за деца „5+ Nikoqirët", за 2014, 2015 и 2016 година.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми е лектор на: прирачник Peacebuilding Центар за менаџирање на конфликти, 2014 година; прирачник: Сите во акција за безбедни училишта, ОБСЕ, 2013 година; прирачник "Fjalën e ke ti", Дирекција за млади и спорт Европски младински центар, Совет на Европа, 2015 година; Упатство за изведување на практична настава на студентите од наставничките факултети, ОБСЕ , 2013 година.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми е преведувач на: брошура на МОН за меѓуетничка интеграција, ОБСЕ, 2015 година; прирачник со активности "Biblioteka jonë e parë", Фондација „Чекор по чекор", 2015 година.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми бил раководител на Институтот за предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, 2012 – 2016 год. Во моментот е раководител на Институтот за одделенска настава, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, од 2016 год.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје:

- член на Комисија за изготвување на програми за втор циклус студии на Институтот за предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, 2014;
- член на Комисија за изготвување на програми за трет циклус студии за рано детско воспитание и образование, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, 2015;
- член на Работна група за реакредитација на студиските програми на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2016;
- претседател на Организационен одбор на 10. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука „Образованието и глобализацијата“, Охрид, 17-19 септември 2015;
- член на Организационен одбор на 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014;
- член на Организационен одбор на First International Conference on Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments, OSCE, MCED, Faculties of Philosophy and Pedagogy of the University Ss Cyril and Methodius in Skopje Tetovo, Stip, Bitola, 2014;
- член на Комисија за упис на студенти на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје 2013;
- член на Комисија за упис на студенти на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје 2016;
- претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2012;
- претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2013;
- претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2014;
- претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2015;
- претседател на Комисија за јавни набавки при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2014;
- претседател на Комисија за јавни набавки при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2015;
- претседател на Комисија за јавни набавки при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2016;

- член на Комисија за реализација на конкурси за упис на нови студенти на прв циклус студии, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, 2013- 2015 год.;
- член на Комисија за редовен 5 - годишен попис на библиотечниот фонд во библиотеката на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2013;
- член на Комисија за спроведување постапка за одземање на диплома, односно уверение на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (20 студенти);
- член на Комисија за спроведување на постапка за непосредно тајно гласање на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (2);
- член на Комисија за комисиско полагање на предмет од студиската програма библиотекарство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје;
- член на Комисија за разгледување на најавата за отворање на нов Универзитет во РМ - Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми е награден за најдобар труд во јазичната секција на Меѓународна научна конференција ЕМЕЕ, Опатија, Р Хрватска, 2012.

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми е уредник на Информатор за студентите на предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, 2013/2014 година, претседател на Редакцискиот одбор за Информатор за студентите на предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охртидски“ - Скопје.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Љуљзим Адеми, во учебната 2014/2015 година, доби позитивна оценка (9,78) на анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува

наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Љуљзим Адеми.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Љуљзим Адеми поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научните области: методика на јазикот, по предметите: методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 1, методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 2, креативна работилница за јазично изразување, за студиската група предучилишно воспитание на албански наставен јазик, работилница по слободни активности на македонски, албански и турски јазик, за студиската група одделенска настава на албански наставен јазик, комуникации и масмедиуми, по предметот медиумска култура, за студиските групи предучилишно воспитание и одделенска настава на албански наставен јазик и учење на странски јазици по предметот јазикот на средината на доминантната националност, за студиската група библиотекарство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Љуљзим Адеми да биде избран во звањето вонреден професор во научните области методика на јазикот, по предметите: методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 1, методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 2, креативна работилница за јазично изразување, за студиската група предучилишно воспитание на албански наставен јазик, работилница по слободни активности на македонски, албански и турски јазик, за студиската група одделенска настава на албански наставен јазик, комуникации и масмедиуми по предметот медиумска култура, за студиските групи предучилишно воспитание и одделенска настава на албански наставен јазик и учење на странски јазици, по предметот јазикот на средината на доминантната националност, за студиската група библиотекарство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Лулзим Алиу с.р.**
2. **Проф. д-р Вехби Кадриу с.р.**
3. **Проф. д-р Флорина Шеху с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Љуљзим Муртезан Адеми

(име, татково име и презиме)

**Институција:** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** методика на јазикот, комуникации и масмедиуми, учење на странски јазици

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава (предавања) од прв циклус студии** | |
| 1. | 2012/2013, зимски семестар (методика на воспитно образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 1.8 |
| 2. | 2012/2013, зимски семестар (јазик на средината (на доминантната националност), за групата библиотекарство 2+2) | 1.2 |
| 3. | 2012/2013, летен семестар (методика на воспитно образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 1.8 |
| 4. | 2012/2013, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 1.2 |
| 5. | 2012/2013, летен семестар (медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 1.2 |
| 6. | 2013/2014, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 1.8 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
| --- | --- | --- |
| 7. | 2013/2014, зимски семестар (јазик на средината (на доминантната националност), за групата библиотекарство 2+2) | 1.2 |
| 8. | 2013/2014, летен семестар (методика на воспитно образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 1.8 |
| 9. | 2013/2014, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 1.2 |
| 10. | 2013/2014, летен семестар (медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 1.2 |
| 11. | 2014/2015, зимски семестар (методика на воспитно образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 1.8 |
| 12. | 2014/2015, (јазик на средината (на доминантната националност), за групата библиотекарство 2+2) | 1.2 |
| 13. | 2014/2015, летен семестар (методика на воспитно образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 1.8 |
| 14. | 2014/2015, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 1.2 |
| 15. | 2014/2015, летен семестар (медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 1.2 |
| 16. | 2015/2016, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 1.8 |
| 17. | 2015/2016, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 1.2 |
| 18. | 2015/2016, летен семестар (медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 1.2 |
| **Одржување на настава (вежби) од прв циклус студии** | | |
| 1. | 2012/2013, зимски семестар (методика на воспитно образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.9 |
| 2. | 2012/2013, зимски семестар (јазик на средината (на доминантната националност), за групата библиотекарство 2+2) | 0.9 |
| 3. | 2012/2013, летен семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 0.9 |
| 4. | 2012/2013, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 0.45 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 5. | 2012/2013, летен семестар (Медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 0.45 |
| 6. | 2013/2014, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.9 |
| 7. | 2013/2014, зимски семестар (јазик на средината (на доминантната националност), за групата библиотекарство 2+2) | 0.9 |
| 8. | 2013/2014, летен семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 0.9 |
| 9. | 2013/2014, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 0.45 |
| 10. | 2013/2014, летен семестар (медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 0.45 |
| 11. | 2014/2015, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.9 |
| 12. | 2014/2015, (јазик на средината (на доминантната националност), за групата библиотекарство 2+2) | 0.9 |
| 13. | 2014/2015, летен семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 0.9 |
| 14. | 2014/2015, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 0.45 |
| 15. | 2014/2015, летен семестар (медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 0.45 |
| 16. | 2015/2016, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.9 |
| 17. | 2015/2016, летен семестар (медиумска култура, за група одделенска група, 2+1) | 0.45 |
| 18. | 2015/2016, летен семестар (медиумска култура, за група предучилишно воспитување, 2+1) | 0.45 |
| 19. | 2012/2013, зимски семестар (албански јазик со култура на изразувањето 1, 3+2) | 0.9 |
| 20. | 2012/2013, летен семестар (албански јазик со култура на изразувањето 2, 3+2) | 0.9 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 21. | 2013/2014, зимски семестар (албански јазик со култура на изразувањето 1, 3+2) | 0.9 |
| 22. | 2013/2014, летен семестар (албански јазик со култура на изразувањето 2, 3+2) | 0.9 |
| 23. | 2014/2015, зимски семестар (албански јазик со култура на изразувањето 1, 3+2) | 0.9 |
| 24. | 2014/2015, летен семестар (албански јазик со култура на изразувањето 2, 3+2) | 0.9 |
| 25. | 2015/2016, зимски семестар (албански јазик со култура на изразувањето 1, 3+2) | 0.9 |
| 26. | 2015/2016, летен семестар (албански јазик со култура на изразувањето 2, 3+2) | 0.9 |
| **Одржување на настава (клинички вежби) од прв циклус студии** | | |
| 1. | 2012/2013, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.45 |
| 2. | 2012/2013, летен семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 0.45 |
| 3. | 2013/2014, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.45 |
| 4. | 2013/2014, летен семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 0.45 |
| 5. | 2014/2015, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.45 |
| 6. | 2014/2015, летен семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 1 3+2+1) | 0.45 |
| 7. | 2015/2016, зимски семестар (методика на воспитно - образовната работа по култура на говор 2 3+2+1) | 0.45 |
| **Одржување на настава од втор циклус студии** | | |
| 1. | 2015/2016, летен семестар (лексичка семантика 3 часа) | 2.25 |
| **Настава по школи и работилници** | | |
| 1. | Раководител на обука за обучувачи „**Развој на јазичните вештини“.** Проект: „Со читање до лидерство“. УСАИД, | 1,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, Охрид, 6-8 март 2015 година | |
| 2. | Учесник на обука: **Подготовка на валидни и релијабилни инструменти за процена на јазичната писменост (ЕГРА) кај учениците од почетните одделенија,** нивно усогласување со наставната програма, адаптирање на контекстот во Македонија и пилотирање во избрани основни училишта, земајќи ги предвид прашањата за еднаква етничка и родова вклученост. Проект: „Со читање до лидерство“. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор. (Хелен Абаџи – Меѓународен консултант за јазична писменост). Скопје, 16.4.2014 година | 1,0 |
| 3. | Раководител на **Обука за задавање на инструментите за јазична и математичка писменост (ЕГРА и ЕГМА)/Методологија за изработка на инструментот ЕГРА.** Проект: „Со читање до лидерство“. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор. (Јехона Џафери, фасилитатор на обуката). Охрид, (25.11. 2013) 25-29 ноември 2013 година. | 1.5 |
| 4. | Раководител на работилнците за воспитувачи, наставници и педагози за **„Упатството за изведување наставна пракса на студентите од наставничките факултети“.** OSCE Mission to Skopje, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“–Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Скопје, октомври-ноември 2013. | 1,5 |
| 5. | Реализатор на еднодневна работилница со студенти од трета година со настава на македонски и албански наставен јазик при Педагошкиот факултет „Св Климент Охридски“ Скопје, за имплементација на ЕГРА и ЕГМА - тестовите | 1.5 |
| 6. | Реализатор на еднодневна работилница со студентите од трета година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, за имплементација на ЕГРА и ЕГМА - тестовите | 1.5 |
| 7. | Ментор на 4 основни училишта за проектот на УСАИД „Со читање до лидерство за подкомпонентата - Заедници за учење, Чекор по чекор, УСАИД, Скопје 2015, 2016 год. (4x1) | 4 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 8. | Реализатор на 7 еднодневни работилници „Нашата училница нашиот свет“, Фондација „Чекор по чекор“, 2015, 2016 година<br><br>(7x1.5) | 10.5 |
| 9. | Реализатор на 5 ендодневни работилници „Читаме, учиме се забавуваме“ Фондација, „Чекор по чекор“, 2015, 2016 година (5x1.5) | 7.5 |
| 10. | Реализатор на 5 еднодневни работилници „Математика +“ Фондација „Чекор по чекор“, 2015, 2016 година (5x1.5) | 7.5 |
| 11. | Реализатор на 11 тричасовни работилници за креативни техники за настава по математика за наставници и родители, Фондација „Чекор по чекор“, 2015 година | 16.5 |
| 12. | Реализатор на 11 тричасовни работилници за креативни работилници со наставници и родители за правење на книги | 16.5 |
| 13. | **Подготовка на нов предмет:**<br><br>Јазикот на средината, библиотекарство, прв циклус студии (V семестар, 2012/2013 предавања (1 поен) и вежби (0.5 поени) | 1.5 |
| 14. | **Подготовка на нов предмет:**<br><br>Медиумска култура, за одделенска настава и предучилишно воспитание, прв циклус студии (VI семестар, 2012/2013 предавања (1 поен) и вежби (0.5 поени) | 1.5 |
| 15. | **Подготовка на нов предмет:**<br><br>Лексичка семантика, втор циклус студии, 2015/2016 | 1 |
| 16. | Консултации со студенти од прв циклус студии | 0.96 |
| 17. | Консултации со студенти од втор циклус студии | 0,004 |
| 18. | Ментор на 6 дипломски работи | 1.4 |
| 19. | Член на комисија за оцена и одбрана на 2 магистерски труда | 0.6 |
| 20. | Член на комисија за одбрана на 137 дипломски работи | 13,7 |
| | **Вкупно** | **151.664** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во истражувачки тим на проект финансиран од УКИМ: Уверувањата на идните учители и воспитувачи за природата на знаењата, учењата и поучувањето мајчин јазик и математика, Скопје, 2013/14 год. | 3 |
| 2. | Учесник во истражувачки тим на проект финансиран од УКИМ: Интеркултурните компетенции на воспитувачите и развојот на интеркултуралноста во предучилишното воспитание и образование, Скопје,2014 год. | 3 |
| 3. | Учесник на национален научен проект „Со читање до лидерство“, УСАИД, Фондација „Чекор по чекор“, Скопје (2013-2016) | 3 |
| 4. | Учесник во национален научен проект: Проект: Водич за практична работа на студентите од наставничките факултети. Скопје: Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Министерство за образование и наука на Р Македонија, Биро за развој на образованието на Р Македонија. (2013) | 3 |
| 5. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: The violation of the language norm in the media and their influence on the learning of the mother language, Меѓународна научна конференција EMEE, Опатија, Р Хрватска, 2012 (сертификат) | 2 |
| 6. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: The violation of the language norm in the media and their influence on the learning of the mother language, Меѓународна научна конференција EMEE, Опатија, Р Хрватска, 2012 | 1 |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки: Bilinguism among Albanians advantage or disadvantage for preschool children, Conference Proceedings of1-st International Conference „Education Across Borders“ (Florina 5-7 October 2012), University of Western Macedonia, Faculty of Education, Florina, June 2014<br><br>ISBN: 978-618-81385-0-6 | 3 |
| 8. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Bilinguism among Albanians advantage or disadvantage for preschool children, Conference Proceedings of1-st International | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Conference „Education Across Borders" (Florina 5-7 October 2012), University of Western Macedonia, Faculty of Education, Florina, June 2014 (сертификат) | |
| 9. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: Bilinguism among Albanians advantage or disadvantage for preschool children, Conference Proceedings of1-st International Conference „Education Across Borders" (Florina 5-7 October 2012), University of Western Macedonia, Faculty of Education, Florina, June 2014 | 1 |
| 10. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки: Learning Macedonian language as a language of the environment among Albanians in Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 8-th International Conference "Inovations, Challenges and Tendencies in the Post Modern Education", Стара Загора, Бугарија, 12-13 септември 2013.<br><br>ISBN 978-954-314-076-3 | 3 |
| 11. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Learning Macedonian language as a language of the environment among Albanians in Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 8-th International Conference "Inovations, Challenges and Tendencies in the Post Modern Education", Стара Загора, Бугарија, 12-13 септември 2013. (сертификат) | 2 |
| 12. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: Learning Macedonian language as a language of the environment among Albanians in Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 8-th International Conference "Inovations, Challenges and Tendencies in the Post Modern Education", Стара Загора, Бугарија, 12-13 септември 2013. | 1 |
| 13. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки: Транскрипција на странските лични имиња и топонимите во медиумите на албански јазик во Република Македонија, реферат прочитан на Меѓународната конференција за применета лингвистика „Практиката во јазикот, јазикот во практиката", Универзитет ФОН, Факултет за странски јазици, Скопје, 7-8 јуни 2013.<br><br>UDK 811'373.231:003.035=18 UDG 811'373.21:003.035=18 | 3 |
| 14. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Транскрипција на странските лични имиња и топонимите во медиумите на албански јазик во Република Македонија, реферат прочитан на Меѓународната конференција за применета | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | лингвистика „Практиката во јазикот, јазикот во практиката“, Универзитет ФОН, Факултет за странски јазици, Скопје, 7-8 јуни 2013 (сертификат). | |
| 15. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: Транскрипција на странските лични имиња и топонимите во медиумите на албански јазик во Република Македонија, реферат прочитан на Меѓународната конференција за применета лингвистика „Практиката во јазикот, јазикот во практиката“, Универзитет ФОН, Факултет за странски јазици, Скопје, 7-8 јуни 2013. | 1 |
| 16. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: „Gabimet drejtshkrimore në ndarjen e fjalëve në fund të rreshtit në shtypin në gjuhën shqipe në Republikën e Maqedonisë“, VIII Меѓународен семинар на албанологија, Државен универзитет во Тетово, 25-26 септември 2014 година. | 2 |
| 17. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки: The first foreign language (English Language) in the education system of the Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014. | 3 |
| 18. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: The first foreign language (English Language) in the education system of the Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014. (сертификат) | 2 |
| 19. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: The first foreign language (English Language) in the education system of the Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014. | 1 |
| 20. | Коавтор на труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор: The educational software in the Republic of Macedonia and its use in Albanian language classes, Зборник на трудови од 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014. | 3 |
| 21. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: The educational software in the Republic of Macedonia and its use in Albanian language classes, Зборник на трудови од 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014. (сертификат) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: The educational software in the Republic of Macedonia and its use in Albanian language classes, Зборник на трудови од 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014. | 1 |
| 23. | Модератор на секција во работата на 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014 (сертификат). | 0.5 |
| 24. | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор: Possibility of using the techniques of critical thinking in Albanian language classes in the lower grades of primary school in the Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 2-nd International Conference *Education Across Borders*, "Critical Thinking in Education", Корча, Албанија, 31 октомври - 1 ноември 2014.<br><br>ISBN (print): 9789928146274 ISBN (on line): 978992814619 | 3 |
| 25. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Possibility of using the techniques of critical thinking in Albanian language classes in the lower grades of primary school in the Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 2-nd International Conference *Education Across Borders*, "Critical Thinking in Education", Корча, Албанија, 31 октомври – 1 ноември 2014. (сертификат) | 2 |
| 26. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: Possibility of using the techniques of critical thinking in Albanian language classes in the lower grades of primary school in the Republic of Macedonia, Зборник на трудови од 2-nd International Conference *Education Across Borders*, "Critical Thinking in Education", Корча, Албанија, 31 октомври – 1 ноември 2014. | 1 |
| 27. | Модератор на секција во работата на 2-nd International Conference *Education Across Borders*, "Critical Thinking in Education", Корча, Албанија,31 октомври – 1 ноември 2014 (сертификат). | 0.5 |
| 28. | Коавтор на труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор: Teaching practice in curriculum programs of study at the Pedagogical Faculty "Sv. Kliment Ohridski ", First International Conference on Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments, OSCE, MCED, Faculties of Philosophy and Pedagogy of the University Ss Cyril and Methodius in Skopje Tetovo, Stip, Bitola, 2014.<br><br>ISBN 978-608-238-086-5 | 2.7 |
| 29. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Teaching practice in curriculum programs of study at the | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Pedagogical Faculty "Sv. Kliment Ohridski ", First International Conference on Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments, OSCE, MCED, Faculties of Philosophy and Pedagogy of the University Ss Cyril and Methodius in Skopje Tetovo, Stip, Bitola, 2014 (сертификат). | |
| 30. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: Teaching practice in curriculum programs of study at the Pedagogical Faculty "Sv. Kliment Ohridski ", First International Conference on Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments, OSCE, MCED, Faculties of Philosophy and Pedagogy of the University Ss Cyril and Methodius in Skopje Tetovo, Stip, Bitola, 2014. | 1 |
| 31. | Модератор на секција во работата на Teaching practice in curriculum programs of study at the Pedagogical Faculty "Sv. Kliment Ohridski ", First International Conference on Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments, OSCE, MCED, Faculties of Philosophy and Pedagogy of the University Ss Cyril and Methodius in Skopje Tetovo, Stip, Bitola, 2014. (сертификат) | 0.5 |
| 32. | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор: The educational TV shows and their influence on the development of the language skills of the preschool age children, реферат прочитан на 10. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука „Образованието и глобализацијата", Охрид, 17-19 септември 2015. (во печат) | 3 |
| 33. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: The educational TV shows and their influence on the development of the language skills of the preschool age children, реферат прочитан на 10. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука „Образованието и глобализацијата", Охрид, 17-19 септември 2015 (сертификат). | 2 |
| 34. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: The educational TV shows and their influence on the development of the language skills of the preschool age children, реферат прочитан на 10. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука „Образованието и глобализацијата", Охрид, 17-19 септември 2015. | 1 |
| 35. | Модератор на секција на 10. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука „Образованието и глобализацијата", Охрид, 17-19 септември 2015. | 0.5 |
| 36. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Period of novice (beginner) in the teaching process and the initial | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | period of the teaching profession, The 3rd international conference on: ON: "RESEARCH AND EDUCATION – CHALLENGES TOWARDS THE FUTURE" ICRAE Скадар, 2015, (сертификат) | |
| 37. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција со наслов: Period of novice (beginner) in the teaching process and the initial period of the teaching profession, The 3rd international conference on: ON: "RESEARCH AND EDUCATION – CHALLENGES TOWARDS THE FUTURE" ICRAE Скадар, 2015,<br>ISSN: 2308-0825 | 1 |
| 38. | Учество на меѓународна конференција „Моќта на раниот детски развој во градењето на мирот во Европа" Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа, Белград 20-21 септември 2014 година. | 0.5 |
| 39. | Учество на конференција Strengthening the Capacity of Teachers and Professional Staff in Education for a Multi- Ethnic Society, OSCE, MESc, Strumica, 2013 | 1 |
| 40. | Член на тимот за одржување на обуки за наставници од основно и средно образование за оценување, Алгоритам, МОН, 2014-2015 год. | 1 |
| 41. | Учество на First Edu conference for Teachers and it Experts, British Council; National Agency for European Educational Programme and Mobility; UKIM, Faculty for Computer Science and Engineering ; Step by step, Friends of Education, MESc, Struga, 2015 | 0,5 |
| 42. | Учество на Second Edu conference for Teachers and it Experts, British Council; National Agency for European Educational Programme and Mobility; UKIM, Faculty for Computer Science and Engineering ; Step by step, Friends of Education, MESc, Struga, 2016 | 0,5 |
| **Вкупно** | | **73.2** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Уредник на Информатор за студентите на предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" Скопје, 2013/2014 година | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Претседател на Редакциски одбор за Информатор за студентите на предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охртидски“ - Скопје | 1 |
| 3. | Координатор во подготовка на елаборат за студиската програма за предучилишно воспитание при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ 2013/2014 година | 1 |
| 4. | Главен (основен проект)-учесник/соработник<br><br>Проект: **„Со читање до лидерство“**. Компонента 1: Проценка на јазична и математичка писменост. **Изработка на задачи во инструментот за процена на јазична писменост (ЕГРА).**<br><br>УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. (2014-2016) | 2 |
| 5. | Главен (основен проект)-учесник/соработник<br><br>Проект: **„Со читање до лидерство“**. Компонента 1: Проценка на јазична и математичка писменост. **Набљудување на процесот на задавање на ЕГРА и ЕГМА инструментите во основните училишта.**<br><br>УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. (2014-2016) | 1 |
| 5. | Главен (основен проект)-учесник/**соработник**<br><br>Проект: **„Со читање до лидерство“**. Компонента 2: Професионален развој на наставниците. **Тридневна обука за обучувачи за развој на јазичните вештини кај учениците од почетните одделенија**. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. (2015) | 1 |
| 6. | **Главен (основен проект)-учесник/соработник**<br><br>Проект: **„Со читање до лидерство“**. Компонента 1: Проценка на јазична и математичка писменост. **Стандардизција на ЕГРА инструментот** за оценување. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. (2014) | 2 |
| 7. | **Главен (основен проект)-учесник/соработник**<br><br>Проект: **„Со читање до лидерство“**. Компонента 1: Проценка на јазична и математичка писменост. **Подготовка на прирачник за задавање на инструментите за процена на јазична и математичка писменост**. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. (2013) | 2 |
| 8. | **Главен (основен проект)-учесник/соработник** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Проект: **Упатство за изведување практична настава на студентите од наставничките факултети.** (експерт) Скопје: Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Министерство за образование и наука на Р. Македонија, Биро за развој на образованието на Р. Македонија. (2013) | |
| 6. | Супервизор на проектот „Мозаик" за интегрирано мултикултурно образование (во предучилишно), 2015 година | 1 |
| 5. | Лектура на прирачник: Peacebuilding Центар за менаџирање на конфликти, 2014 година | 1 |
| 6. | Лектура на прирачник: Сите во акција за безбедни училишта, ОБСЕ, 2013 година | 1 |
| 7. | Лектура на прирачник "Fjalën e ke ti" Дирекција за млади и спорт Европски младински центар, Совет на Европа, 2015 година | 1 |
| 9. | Лектура на Упатството за изведување на практична настава на студентите од наставничките факултети, ОБСЕ , 2013 година | 1 |
| 10. | Превод на брошура на МОН за меѓуетничка интеграција, ОБСЕ, 2015 година | 1 |
| 11. | Превод на прирачник со активности "Biblioteka jonë e parë", Фондација „Чекор по чекор", 2015 година | 3 |
| 12. | Јазичен редактор на емисијата за деца „5+ Nikoqirët", за 2014, 2015 - 2016 година. | 3 |
| 13. | Рецензент на труд во списанието „Педагошка ревија" (со меѓународен уредувачки одбор), 2014 год. | 0,5 |
| 16. | Член на Комисија за изготвување на програми за втор циклус студии Институтот за предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2014 год. | 1 |
| 17. | Член на Комисија за изготвување на програми за трет циклус на студии за рано детско воспитани и образование. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски", Скопје, 2015 година | 1 |
| 18. | Член на работна група за реакредитација на студиските програми на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, 2016 год. | 0,5 |
| **Вкупно** | | **29** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на Институтот за предучилишно воспитание, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски„, Скопје, од 2012 – 2016 год,. | 3 |
| 2. | Раководител на Институтот за одделенска настава, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, од 2016 год,. | 3 |
| 3. | Претседател на Организационен одбор на 10. Меѓународен балкански конгрес за образование и наука „Образованието и глобализацијата“, Охрид, 17-19 септември 2015. | 2 |
| 4. | Член на организационен одбор на 9-th International BalkanEducation and Science Congress, Едрене, Турција, 16-18 октомври 2014. | 1 |
| 5. | Член на Организационен одбор на First International Conference on Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments, OSCE, MCED, Faculties of Philosophy and Pedagogy of the University Ss Cyril and Methodius in Skopje Tetovo, Stip, Bitola, 2014. | 1 |
| 6. | Член на Комисија за упис на студенти на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2013 година | 0.5 |
| 7. | Член на Комисија за упис на студенти на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2016 година | 0.5 |
| 8. | Претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2012 година | 0.5 |
| 9. | Претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2013 година | 0.5 |
| 10. | Претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје 2014 година | 0,5 |
| 11. | Претседател на Комисија за редовен годишен физички попис на основните средства, ситен инвентар и потрошен материјал на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2015 година | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Претседател на Комисија за јавни набавки при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2014 | 0,5 |
| 13. | Претседател на Комисија за јавни набавки при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2015 | 0,5 |
| 14. | Претседател на Комисија за јавни набавки при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, 2016 | 0,5 |
| 15. | Член на Комисија за реализација на конкурси за упис на нови студенти на прв циклус студии, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје,2013- 2015 год. | 1.5 |
| 16. | Член на комисија за редовен 5 - годишен попис на библиотечниот фонд во библиотеката на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје, 2013 година | 0,5 |
| 17. | Член на Комисија за спроведување постапка за одземање на диплома, односно уверение на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (20 студенти) | 10 |
| 18. | Член на Комисија за спроведување на постапка за непосредно тајно гласање на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ во Скопје (2) | 1 |
| 19. | Член на Комисија за комисиско полагање на предмет од студиската програма библиотекарство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје | 0,5 |
| 20. | Член на Комисија за разгледување на најавата за отворање на нов Универзитет во РМ на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје | 0,5 |
| 21. | Награда за најдобар труд во јазичната секција на Меѓународна научна конференција EMEE, Опатија, Р Хрватска, 2012 | 3 |
| **Вкупно** | | **31,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **151,664** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **73,2** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **29** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **31,5** |
| **Вкупно** | **285,364** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. **Проф. д-р Лулзим Алиу с.р.**
5. **Проф. д-р Вехби Кадриу с.р.**
6. **Проф. д-р Флорина Шеху с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бр. 02-2195/3 од 23.12.2016 година, донесена на седницата одржана на 22.12.2016 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија во врска со објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 2.12.2016 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, по група предмети од наставно-научната област неорганска хемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На конкурсот се пријави кандидатот д-р Методија Најдоски, редовен професор на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот конкурсен материјал, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци и образование

Д-р Методија Најдоски е роден на 17 април 1968 година во Прилеп. Основно и средно образование завршил во родното место. Во учебната 1987/88 година се запишал на студии по хемија, препаративна насока, на Природно-математичкиот факултет, каде што и дипломирал во 1992 година, одбранувајќи ја својата дипломска работа под наслов ХЕМИСКА ДЕПОЗИЦИЈА НА ТЕНКИ СЛОЕВИ ОД БАКАР(II) СУЛФИД.

На постдипломски студии се запишал во учебната 1993/1994 година, а магистерската работа, под наслов: ПРИГОТВУВАЊЕ И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ТЕНКИ СЛОЕВИ ОД СУЛФИДИ НА БАКАР И ОЛОВО И ОКСИДИ НА ЦИНК И КАДМИУМ успешно ја одбранил во јуни 1996 година.

Своето стручно и академско усовршување го продолжува со работа на докторската дисертација. Во 2000 година се здобива со звањето доктор по хемиски науки откако успешно ја одбранува својата дисертација под наслов:

ХЕМИСКИ МЕТОДИ ЗА ПРИГОТВУВАЊЕ КАЛЦИУМ ФОСФАТНИ СЛОЕВИ ВРЗ МЕТАЛНИ СУПСТРАТИ.

## Вработување и напредување во струката

Веднаш по завршувањето на студиите, д-р Методија Најдоски бил задржан на Институтот за хемија како волонтер и бил вклучен во изведувањето на вежбите, сè до 20.5.1993 година кога е примен на работа, на определено време од три години, како стручен соработник во Заводот за неорганска хемија, на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во 1996 година, е избран за помлад асистент во Заводот за неорганска хемија, на Институтот за хемија, при ПМФ во Скопје. Истата година, по одбраната на магистерската работа е избран за асистент на ПМФ, Институт за хемија Скопје, на Заводот за неорганска хемија. За доцент на Институтот за хемија е избран во 2002 година, а во 2007 година е избран за вонреден професор.

Во звањето редовен професор е избран во 2012 година.

Од дипломирањето до денес, д-р Методија Најдоски е активен учесник, како во наставно-образовната, така и во научноистражувачката дејност на Факултетот.

### *Членство во професионални организации и други активности*

Д-р Методија Најдоски членува во повеќе организации и здруженија, меѓу кои се и: Македонско-американската алумни-асоцијација и Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија. Освен тоа, бил член на Организациониот одбор на XXI конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија. Бил член и на комисии на натпреварите по хемија „Наука на младите” за учениците од средните училишта организирани од страна на Сојузот на клубови на млади техничари и природници на Македонија (1993–2015), а и член во комисијата на натпреварите по применета хемија за ученици од основните училишта организирани од страна на Сојузот на клубови на млади техничари и природници на Македонија (2000–2015). Бил член и на комисии за натпреварите по хемија кои ги организира приватниот колеџ „Јахја Кемал” од Скопје и тоа на две нивоа, за ученици од средните училишта и за ученици од основните училишта (2001–2015), последниов познат под називот „Дејан Димовски”. Бил член и на Комисијата за оценување на трудови од област на хемијата и физиката на регионалниот натпревар што се одржал 2005 година, во Софија, Република Бугарија.

Тој е член на Тимот за брз одговор за заштита и спасување од хемиски несреќи при Дирекцијата за спасување.

Исто така, тој бил и член на Испитна комисија за полагање на стручен испит на приправници во јавните средни училишта.

Покрај тоа, тој е еден од основачите на Лабораторијата за методика на хемиското експериментирање.

Во низата други активности треба да се истакне и учеството на кандидатот во поставената минеролошка збирка на Институтот за хемија, која е една од ретките во Македонија.

Д-р Методија Најдоски, исто така, е цивилен експерт на Република Македонија во НАТО-Брисел.

Тој беше координатор на модулот форензичка хемија за студиите од втор циклус по форензика и координатор на студиските програми при Институтот за хемија, а во рамките на активностите за студирањето по кредит-трансфер системот самостојно подготви интернет-страница со информации за студентите.

Една од специфичните активности на колегата Најдоски е и неговиот стручен, филмски ангажман со учество во шест проекти во улога на пиротехничар за изведување на специјални ефекти, а за истакнување е учеството во снимањето на филмовите „Балканот не е мртов“ и „Трето полувреме“.

Колегата Најдоски, исто така, учествувал на семинари и работилници од област на прочистување на вода кои ги организирал Црвениот крст на Македонија.

***Наставно-образовна активност***

По изборот во звањето редовен професор, д-р Методија Најдоски изведува настава по предметите: експериментална неорганска хемија за студентите на применета насока при Институтот за хемија, општа хемија за студентите од биохемија и физиологија студиската програма на студии по биологија и хемија за студентите на студии по физика. На првиот циклус студии, тој е избран наставник за изборните предмети: форензичка хемија и експериментирање на микроскала кој беше избран од неколку студенти. Во рамките на постдипломските студии, тој е избран наставник за низа предмети од втор и трет циклус, при што треба да се истакне дека изведувал дел од наставата и вежбите по предметите: форензичка хемија и физичко-хемиска анализа на траги. Од изборот во звањето доцент па до денес, колегата Најдоски видно се залага за обезбедување на учебни помала. Имено, уште за првата генерација на неговите студенти на студии по биологија кандидатот подготвил белешки од предавањата, интерна збирка задачи и интерен практикум за лабораториските вежби, со што на студентите им обезбедил соодветен материјал за совладување на содржините од овој предмет. Оваа група студенти за реализацијата на наставата и вежбите по предметот општа хемија денес на располагање имаат рецензирани (публикувани): практикум за лабораториските вежби, збирка задачи која, покрај теоретските основи, содржи и 200 решени задачи и современ учебник. Во својот практикум, колегата Најдоски осмислил и опишал низа нови експерименти и вежби. На студентите им подготвил современ учебник во боја, во којшто се повикува на голем број експерименти кои се дадени во видеоформат на ДВД-диск. На овој начин, при користењето на учебникот, студентите имаат можност да видат видеоексперименти кои што треба да им помогнат во совладувањето на содржините од овој предмет. Покрај тоа, за наставата и вежбите по предметот експериментална неорганска хемија и Експериментирање на микроскала, воведени со новите наставни планови, ги има публикувано книгите „Експериментална неорганска хемија“ и „Microscale chemistry experiments using water and disposable materials“. Последнава е

преведена на германски јазик и се користи од страна на наставниците во некои основни и средни училишта во Германија.

За студентите на вториот циклус студии по форензика модул: хемија, колегата Најдоски подготвил два интерни практикума за делот на својот ангажман, т.е. за траги од користење на огнено оружје, пожари и експлозиви. За усовршување и успешно реализирање на овој ангажман, д-р Најдоски престојувал во Институтот за форензички истражувања во Краков и Нотингем Трент универзитетот.

Во делот на наставно-образовната активност, за посебно обележување е авторството и коавторството на кандидатот кое бележи публикација на 10 книги и 9 учебни помагала (интерни скрипти, интерни практикуми и еден рецензиран практикум).

Во рамките на предавањата, д-р Најдоски изведува екперименти и користи современи методи со видеоуред и нагледни средства, како и мултимедијални презентации. За изведувањето на наставата неодминливо треба да се истакне ентузијазмот со кој се ангажира со демонстрациони екперименти по предметите: општа хемија, хемија и експериментална неорганска хемија со што, секако, придонесува во осовременувањето на наставно-образовниот процес на Институтот за хемија.

По неговото вработување, континуирано продолжува со осмислување на експериментите по хемија и во таа насока во таа област досега има публикувано 32 труда во списанија со меѓународен и национален карактер. Тој, исто така, на барање на професорите по хемија од средното образование, изведувал експерименти во училиштата со што учествува во популаризацијата на хемијата и нејзиното приближување кон помладите генерации.

Дизајнирањето на нови, како и модифицирањето на познати експерименти и нивната примена во методиката на хемиското експериментирање, овозможила учество на колегата Најдоски во низа манифестации во странство, во Мексико, Израел, Кувајт, Јапонија, Романија, Србија и во Хрватска. Во изборниот период бил поканет да одржи низа предавања и работилници. При тоа, одржал предавања на референтни странски универзити, и тоа четири предавања на Бар Илан универзитетот во Израел, едно предавање на Сендаи универзитетот во Јапонија и три предавања на ПМФ при Универзитетот во Загреб, Хрватска. Исто така, бил поканет предавач на низа предавања од областа на тенки филмови и енергетски материјали во Лајпциг, Германија и Клуж, Романија, при што било изведено и оценување на студентите.

Во неговата досегашна актива се бележат 42 предавања и 17 работилници во странство.

Учествувал во три наставно-образовни проекти. Бил ментор на еден кандидат на одбранет магистерски труд и ментор на два кандидата за докторска дисертација.

Од досега изложеното, може да се види дека колегата Најдоски, покрај неговите редовни обврски во изведувањето на наставата, значително придонесува во зголемувањето на учебникарскиот фонд на Институтот за хемија и за популаризација на експериментирањето во хемијата во странство и во земјава, како и приближување на хемиските експерименти кон помладите генерации.

Кандидатот досега престојувал на различни универзитети и други институции во странство, и тоа во: Соединетите Американски Држави (1999), Израел (2005, 2008, 2011, 2014, 2016), Мексико (2006), Германија (2007, 2008, 2009), Романија (2007, 2008), Англија (2008), Полска (2008), Шпанија (2008), Бугарија (2010, 2014, 2015, 2016), Белгија (2010), Словачка (2010), Хрватска (2012-2016), Јапонија (2014) и Словенија (2016).

Кандидатот проф. д-р Методија Најдоски добил позитивна оценка од анонимно спроведената анкета со студентите на ПМФ во Скопје.

***Научноистражувачка активност***

По изборот за редовен професор, д-р Методија Најдоски продолжува да работи и да истражува во препаративната неорганска хемија или, поточно, неорганските синтези во инженерство на наноматеријалите и за спектроскопски испитувања. Имено, неговата научна работа е насочена кон развивање на хемиски методи за депозиција на неоргански материјали, во форма на тенки слоеви кои најчесто имаат електрохромни својства. Во периодот од изборот за доцент, па до денес работи на феноменот на електрохромизам на тенки филмови на соединенија на волфрам, на ванадиум, на железо, на манган и др. Во делот на спектроскопските истражувања учествува со синтеза на соединенија од типот на струвити и некои дихидроген фосфати. Покрај тоа, за истакнување е и неговото учество во истражувања во областа на синтеза и карактеризација на јаглеродни наноцевки.

Во изборниот период учествувал во четири научноистражувачки проекти, а во два од овие (меѓународни проекти): „Дизајн на нови, евтини методи за хемиска депозиција на неоргански тенки филмови, нивна електрохемиска

карактеризација и примена како хроноамперометриски биосензори и електро-хромни уреди“ и „Приготвување и карактеризацијата на електрохромни тенки филмови од ванадиумови оксиди“, кандидатот бил раководител.

Цитираноста на научните резултати на кандидатот, според базата на податоци Scopus, изнесува вкупно 827 пати, а според Google Scholar, цитираноста е вкупно 1110 пати, со *h* = 14. Вкупниот број на цитираност на трудовите на д-р Најдоски во SCI изнесува 806 со *h* = 12.

***Издавачка активност***

Д-р Методија Најдоски досега објавил вкупно 96 труда, од кои 85 во научни и образовни списанија и 11 објавени во зборници на трудови на научни манифестации, и презентирал повеќе од 54 соопштенија на разни научни и образовни манифестации. По изборот за редовен професор објавил 22 научни труда од кои 16 во меѓународни списанија со фактор на влијание, 2 во списанија без фактор на влијание и 4 во зборник на трудови од научни манифестации. Бројот на објавени образовни трудови изнесува 32.

Во изборниот период, кандидатот одржал 10 предавања на научен/стручен собир и 6 предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество. Исто така, во изборниот период одржал 8 предавања по покана на странски универзитети и 17 работилници во странство.

Објавените трудови во извештајниот период се делат во три категории: (I) приготвување и карактеризација на тенки филмови од електрохромни неоргански супстанци (8, 9, 11, 12, 28, 31, 33, 35, 38, Анекс 2), (II) инфрацрвена спектроскопија на соли од групата на фосфати и арсенати (29, 31, 37, 40, 43, Анекс 2) и (III) категорија разно (10, 30, 36, 39, 42, Анекс 2).

**Краток осврт на трудовите објавени во интернационални списанија со фактор на влијание во извештајниот период:**

Во трудот 28 (A simple chemical method for deposition of electrochromic potassium manganese oxide hydrate thin films), презентиран е нов хемиски метод за брза, хемиска депозиција на електрохромни тенки филмови од бирнеситен тип, т.е. калиум манган оксид монохидрат ($K_{0,27}MnO_2{\cdot}H_2O$). Овој метод се изведува на собна температура со примена на хемиска реакција во воден

раствор од калиум перманганат и манган (II) хлорид. Хемиската депозиција овозможува приготвување на тенки филмови со дебелина од 50 до 250 nm. Најдобри електрохромни својства се постигнати со користење на воден раствор од $KNO_3$ при што разликата во трансмитанцата на 400 nm помеѓу редокс состојбите на филмот е 40%.

Во трудот 29 (Vibrational spectra of cobalt dihydrogen phosphate dihydrate, $Co(H_2PO_4)_2{\cdot}2H_2O$), презентирани се инфрацрвени и рамански спектри на протиран и деутериран кобалт(II) дихидроген фосфат дихидрат. Во овој труд се дискутирани внатрешните вибрации на дихидроген фосфатните, хидроксидните јони и либрациите на молекулите од вода. Деталните толкувања на вибрационите спектри се засновани на изотопски и температурни поместувања на вибрационите ленти. Оваа студија открива силни спрегања помеѓу $PO_4$ валентните и POH деформационите модови, како и помеѓу $PO_4$ деформационите модови и либрациите на молекулите од вода.

Во трудот 30 (Effect of microwave radiation on dielectric behavior of two vegetable oils) презентирана е студија на влијанието на загревање со микробранова печка врз диелектричните својства и процесите на оксидација на маслиновото масло и рафинирани сончогледови масла. Истражувањето е спроведено со загревање на примероците во микробранова печка (850 W, 2,450 MHz) од 0 до 14 минути. Резултатите покажуваат деградација на диелектричните карактеристики, спроводливоста и стабилноста на масла со зголемување на текот на времето на изложеност на микробрановото зрачење. Диелектричната константа на маслиново масло е речиси константна, додека вредностите на диелектричната константа на сончогледовото масло осцилираат околу почетната вредност. Истражувањето, исто така, покажа дека маслиновото масло има четири реда повисока електрична спроводливост од онаа на сончогледовото масло, што се поврзува со високата содржина на мононезаситени масти.

Трудот под реден број 31 (Preparation of electrochromic thin films by transformation of manganese(II) carbonate) е посветен на нов метод за депозиција на тенки филмви од манган (II) карбонат од еден раствор врз електроспроводливи стаклени супстрати. Хемиската депозиција се изведува од воден раствор којшто содржи уреа и $MnCl_2$, а приготвените тенки филмови се со дебелина во опсег од 70 до 500 nm. Хемискиот процес се базира на хидролиза на манган комплекси со уреа. Електрохемиски и оптички својства се испитувани во осум различни електролити во неутрална и алкална средина. Најдобри електрохромни својства се постигнати во двокомпонентен воден раствор од 0,1 $mol/dm^3$ $KNO_3$ и 0,01 $mol/dm^3$ KOH. Истражувањето откри постоење на електрохемиска трансформација на тенките филмови од $MnCO_3$ во бирнеситен тип на манган(IV) оксид. Овие тенки филмови покажуваат електрохромна

промена на бојата од светла кафеава до бледожолта следена со 30 % разлика во трансмитанцата при двете сстојби на бранова должина од 400 nm.

Во трудот под реден број 32 (Infrared and raman spectra of magnesium ammonium phosphatehexahydrate (struvite) and its isomorphous analogues. IX: Spectra of protiated and partially deuterated cubic magnesium caesium phosphate hexahydrate), презентирана е компаративна студија на кубичен и хексагонален $MgCsPO_4 \cdot 6H_2O$. За таа цел биле снимени инфрацрвени и рамански спектри на делумно деутерирани аналози. Анализата покажала дека аналозите се слични, особено во регионите на HOH валентните и деформационите вибрации. Со споредување на инфрацрвените спектри особено на делот што се должи на вибрациите на молекулите на водата на протираното соединение снимени на собна температура како и на оние при температура на вриење на течен азот со оние спектри од серијата на делумно деутерирани аналози, може да се каже со сигурност дека лентите на 924 и 817 $cm^{-1}$ се резултат од либрации на молекулите на водата и др. Во раманскиот спектар на протираното соединение, една многу интензивна лента била забележана на 930 $cm^{-1}$, којашто само незначително се поместува на 929 $cm^{-1}$ во спектарот на деутерираното соединение.

Трудот под број 33 (Effect of deposition conditions on the electrochromic properties of nanostructures thin films of ammonium intercalated vanadium pentoxide xerogel) е првиот од серијата трудови кои се посветени на студија на нови хемиски методи за депозиција на тенки филмови од оксиди на ванадиум и карактеризација на нивните електрохромни својства. Овој труд е посветен на испитувањето на влијанието на температурата и времето на депозиција врз електрохромните својства на наноструктурните тенки филмови од $(NH_4)_{0,3}V_2O_5 \cdot 1,25H_2O$ приготвени со ново дизајниран хемискиот метод. Тенките филмови се карактеризирани со прашокова рендгенска анализа, IR-спектроскопија, и TG-DTA-техники. Електрохемиските и електрохромните својства се изучувани на две серии на тенки филмови подготвени на 50 и 85 °C при различно време на депозиција. Сите филмови покажале двостепен електрохромизам со промена на боја од жолта во зелена и од зелена во сина боја. Овие промени се поврзани со процесот на редукција и оксидација меѓу V(V) и V(IV) оксидациски состојоби. Резултатите покажале стабилност на тенките филмови по подолго чување и за период од најмалку сто циклуси на редокс процеси. Испитувањето на оптичките својства на тенките филмови од $(NH_4)_{0,3}V_2O_5 \cdot 1,25H_2O$ утврдило дека тие значително зависат од условите на хемиската депозиција и дека повисоката температурата е поволна во обезбедување на повисоки вредности на разликата на трансмитанцата меѓу двете редокс состојби. Најдобар резултат е постигнат за разликата на трансмитанцата од 55 % на 400 и 900 nm, со што јасно се забележува

потенцијалот на тенките филмови од амониум интеркалиран ванадиум(V) оксид за комерцијална примена во електрохромни уреди.

Трудот под број 34 (Influence of vanadium concentration and temperature on the preparation of electrochromic thin films of ammonium intercalated vanadium(V) oxide xerogel nanoribbons) претставува своевидно продолжение на претходната студија. Во него е презентиран нов и едноставен хемиски метод за приготвување на тенки филмови од амониум интеркалиран ванадиум(V) оксид хидрат. Хемиската депозиција била извршена во воден раствор од амониум метаванадат и оцетна киселина, на температура помеѓу 50 и 85 °C. Во зависност од концентрацијата на ванадиум и температурата на депозиција се добиваат различни ванадиум(V) оксиди. Испитувањето на морфологијата на тенките фимови од $(NH_4)_{0,15}V_2O_5\cdot1,3H_2O$ покажа присуство на случајно ориентирани ленти со дијаметар од приближно 100 nm и долги приближно 500 nm. Тие се составени од помали наночестички со дијаметар од 50 до 100 nm. Два релативно стабилни редокс пара се забележани во цикличните волтамограми. Тие одговараат на двостепен електрохромизам со промена на бојата од жолта во зелена и од зелена во сина. Утврдено е и дека дебелината на тенките филмови има силно влијание врз разликата во трансмитанцата на двете редокс состојби на тенките филмови. Најдобриот резултат во однос на разликата во трансмитанцата изнесува 54 % на бранова должина 400 nm. Овој резултат е постигнат со тенки филмови со дебелина од приближно 200 nm. Овој резултат ги прави овие тенки филмови многу привлечни за примена во електрохромни уреди.

Трудот под реден број 35 (Light absorption mechanisms in sodium vanadium bronze thin films in electrochromic cells) е посветен на испитување на механизмите на светлосна апсорпција во тенки филмви од електрохромна натриум ванадиум бронза. Таа претставува смеса од хидриран $NaV_6O_{15}$ (доминантна компонента) и $Na_{1,1}V_3O_{7,9}$. Оптичките спектри на апсорпција на светлина во делот на видливата светлина беа анализирани со помош на комбинација на метод на авторите во делот од спектарот на слаба апсорпција и стандарден метод за утврдување на оптичката ширина на забранетата зона во делот од оптичките спектри карактеризирани со силна апсорпција, којшто е поврзан со директено дозволени електронски премини. Вредностите за оптичката ширина на забранетата зона се поврзани со различни придонеси за индиректно дозволени, директно забранети и директно дозволени премини и тие се определени за три вредности на електричниот напонот (2 V, 0 V и -2 V) применет во електрохромната ќелија на тенок филм од натриум ванадиумова бронза. При тоа, идентификувани се три индиректно дозволени електронски премини со следниве вредности на оптичката ширина на забранетата зона: 1,398 eV, 2.377 и 2.605 eV. Утврдено е дека тие вклучуваат апсорпција/емисија на фонони со енергија од околу 50 MeV. Испитувањето покажало и намалување на вредностите на оптичката ширина на

забранетата зона со зголемување на позитивниот напон и спротивно, зголемувањето на негативниот напон ги зголемува вредностите на оптичката ширина на забранетата зона.

Трудот под реден број 36 (Properties assessment of multiwalled carbon nanotubes. A comparative study) презентира компаративна студија на својствата на повеќезидни јаглеродни наноцевки, приготвени со пиролиза на полиетилен, со комерцијални повеќезидни јаглеродни наноцевки. Примероците за анализа со јаглеродни наноцевки беа приготвени со пиролиза на полиетилен со мала густина, во автоклав, во присуство на катализатор кобалт(II) ацетат дихидрат. Примероците од наноцевки биле испитувани со скенирачка електронска микроскопија, прашкова рендгенска анализа, вибрациона спектроскопија и термогравиметрија. Во дифрактограмот на приготвените примероци биле забележани дифракциони максимуми кои потекнуваат од присуството на елементарен кобалт, што не е случај со примероците од комерцијалните јаглеродни наноцевки. При испитувањето на примероците со раманска спектроскопија бил забележан интересен ефект на ласерското зрачење врз пробите. Имено, во раманскиот спектар на проби што се снимени со ласерска моќ од 0,111 mW се појаваат ленти од кобалт(II,III) оксид што јасно покажува постоење на процес на оксидацијата на честички од кобалт од пробите во $Co_3O_4$. Во инфрацрвените спектри на пробите снимени на собна температура и на температура на течен азот не постои забележливо температурно влијание врз изгледот на спектарот и во фреквенцијата како и во интензитетот на лентите. Резултатите од TGA покажале дека пробите од јаглеродните наноцевки до 350 °C се термички стабилни во воздух, а над оваа температура процесот на оксидативно распаѓање се одвива брзо и завршува на приближно 420 °C а енергијата на активација за термичкото распаѓање на наноцевките е 139 kJ $mol^{-1}$.

Во трудот под реден број 37 (Preparation, structural, thermogravimetric, and spectroscopic study of magnesium potassium arsenate hexahydrate), прикажани се резултатите од уточнувањето на кристалната структура на магнезиум калиум арсенатот хексахидратот, $MgKAsO_4·6H_2O$. Оваа супстанција кристализира во орторомбична простор група $Pmn2_1$ со Z = 2, како и биоминералот струвит. Термогравиметриските испитувања покажале целосна дехидрација на $MgKAsO_4·6H_2O$ во еден чекор, со еден ендотермен пик на 87,9 °C. Во овој труд дадени се инфрацрвени и рамански спектри на протирани и деутерирани примероци на поликристални проби кои биле снимени на собна температура и на температурата на вриење на течен азот. Снимените спектри се асигнирани а направена е и спектар-структурна корелација.

Во трудот под реден број 38 (Electrochromic thin films of sodium intercalated vanadium(V) oxide xerogels: chemical bath deposition and characterization) е

изведена детална студија на електрохромните својства на тенки филмови од натриум интеркалиран ванадиум(V) оксид ксерогелови. Во овој труд е опишан оптимизиран метод на хемиски бања применет за приготвување тенки филмови со состав $Na_{0,33}V_2O_5 \cdot nH_2O$ ($n$ = 1 и 1,3). Методот се базира на реакција на контролирана депозиција што се одвива во воден раствор на натриум метаванадат и на диетил сулфат при температура 85 °C. Со примена на рендгенска прашкова анализа испитуван е составот и структура на филмовите и промените кои се случуваат за време на продолжено стареење. Тенките филмови од $Na_{0,33}V_2O_5 \cdot nH_2O$ покажуваат стабилна електрохемиска како и релативно висока електрохромна активност. Разликата во трансмитанцата при двете редокс сстојби за приготвените филмови изнесува 55 % и по 500 циклуси во електрохромна ќелија, што е ветувачки резултат за потенцијална примена на овие тенки филмови за производство на електрохромни уреди.

Трудот под број 39 (The correlation between structure and *β*-nucleation efficiency of Ba, Sr, Ca and Mg pimelates in isotactic polypropylene) е посветен на студија што ја изучува корелацијата помеѓу структурата и *β*-нуклеационата ефикасност на земноалкалните пимелати во изотактичен полипропилен. Земноалкалните пимелати се синтетизирани со растворање на земноалкални карбонати во раствор од пимелинска киселина. Синтетизираните соединенија се карактеризирани со користење на инфрацрвена спектроскопија и рендгенска дифракција. Нуклеационата активност на овие пимелати е испитувана во процесот на кристализација на полипропилен во неизотермични услови и таа е следена и со диференцијална скенирачка калориметрија. Резултатите покажале нуклеациона активност, дури и при присуство од 0,1 % од пимелатите. Нуклеационата активност во најголем дел била манифестирана од калциум пимелатот. Кога овој пимелат бил искористен за нулеација содржината на β кристалната фаза во полипропилен се движи од 0,90 до 0,94, во зависност од брзината на ладење, во споредба со вредностите на *β* кристалната фаза 0,18-0,35 кога бил користен магнезиум пимелат. Во полимери кристализирани со користење на бариум или стронциум пимелат како нуклетори, вредноста за *β*-кристалната фаза изнесува 0,47-0,77.

Трудот под реден број 40 (Thermal, spectral and microscopic studies of water-rich hydrate of the type $Mg_2KH(PO_4)_2 \cdot 15H_2O$. Thermal transformations) е посветен на термичките трансформации на соединението со хемиска формула $Mg_2KH(PO_4)_2 \cdot 15H_2O$. Соединението $Mg_2KH(PO_4)_2 \cdot 15H_2O$ е редок пример на високо хидрирана сол што содржи $H(PO_4)_2$ симетрични димери. Во овој труд, е ставен посебен акцент на неговите спектроскопски и термички карактеристики. Инфрацрвените спектри биле снимени на собна температура и температура на вриење на течен азот. Термичките трансформации на $Mg_2KH(PO_4)_2 \cdot 15H_2O$ се испитувани со симултани техники на TG/DTA/масена спектрометрија во широк

температурен интервал до 1000 °C. При тоа било утврдено дека двата процеса, дехидрација и дехидрација-кондензација, настануваат до 400 °C и не може да се разликуваат еден од друг. Производите на термичката дисоцијација се чини дека се комплексни смеси што содржат фосфати и различни кондензирани фосфати.

Трудот под број 41 (Thermal analysis of multi-walled carbon nanotubes material obtained by catalytic pyrolysis of polyethylene) е посветен на термичка анализа на повеќеѕидни јаглеродни наноцевки. Хемиското рециклирање на бионеразградливите отпадни полимери претставува перспективен метод за претворба на отпадната пластика во појдовна суровина за добивање горива, хемикалии и за производство на материјали. Во последниве години отпадната пластика се употребува како евтина суровина за јаглеродни наноцевчиња. Во овој труд е анализирано однесувањето на повеќеѕидни јаглеродни наноцевчиња добиени со каталитичка пиролиза на отпаден полиетилен со ниска густина при нивна термичка обработка. Термогравиметриската анализа на материјалот од повеќеѕидните јаглеродни наноцевчиња е изведувана при брзини на загревање од 2 до 20 ºC $min^{-1}$ и со помош на методот на интерполација на добиените термогравиметриски криви е направен обид да се квантифицира комплексниот процес на оксидација/деградација на материјалот. Покажано е дека конкурентните процеси на оксидација и согорување имаат големо влијание врз диференцијално-термичките (DTG) криви и бројот на максимуми добиени со интерполација.

Трудот под реден број 42 (A simple chemical method for visualization of sebaceous fingerprints on unfired cartridge cases by prussian blue deposition) е посветен на нов хемиски метод за визуализација на латентни отпечатоци на металната површина од куршуми и некои метални површини. Методот се заснова на хемиска депозиција на пруското сино на неконтаминирани метални површини. Депонираниот материјал лесно се нанесува на површината со последователно потопување на примероците во кисел воден раствор од $Fe_2(SO_4)_3$ и воден раствор од $K_4[Fe(CN)_6]$. Депонираниот материјал од пруско сино се нанесува во долините помеѓу сртови на папиларните линии. Предложениот методот е едноставен и покажува одлична репродуктивност, што го прави погоден за примена во случаи кога се работи за неиспукани куршуми без корозија на својата метална површина.

Во трудот со број 43 (Characterization and thermal decomposition of $Mg_2KH(AsO_4)_2{\cdot}15H_2O$) детално се изучуваат податоци од инфрацрвената и раманската спектроскопија како и на резултатите од термичка анализа и фазната претворба на $Mg_2KH(AsO_4)_2{\cdot}15H_2O$. Оваа сол е единствен пример на сол која содржи димерни единици $[H(AsO_4)_2]$ во нејзината кристална структура. При нејзино загревање постојат два процеси на дехидратација. Меѓутоа, тие не може

да се разликуваат дури и со ниска стапка на греење од 1 °C $min^{-1}$. Со примена на рендгенска дифракција и инфрацрвена спектроскопија утврдено е дека производ на термичката дехидрација на $Mg_2KH(AsO_4)_2·15H_2O$ е комплексна смеса од повеќе фази, која содржи најмалку $Mg_2As_2O_7$ и $KMgAsO_4$ како нејзини компоненти. Кристализацијата на производ на термичката дехидрација, сепак, е многу сложен процес (посложен отколку во случајот на $Mg_2KH(PO_4)_2·15H_2O$), и утврдено е дека постои третман на температури повисоки од 500 °C. Истражувањето, исто така, покажала дека $Mg_2KH(AsO_4)_2·15H_2O$ останува стабилен за времее од една година на складирање при амбиентални условите а потоа супстанцата е подложна на делумна дехидратација.

**Краток осврт на трудовите со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание во извештајниот период:**

Трудот под број 8 (Chemical deposition of nano-sized electrochromic thin films of $Na_{0.33}V_2O_5·H_2O$ xerogels) е посветен на испитувањето на електрохромните својства на тенки филмови од натриум интеркалирани ванадиум(V) оксидни гелови. Испитуваните примероци биле приготвени од хемиска бања со депозиција од раствор што содржел натриум метаванадат и диетил сулфат. Приготвени се тенки фимови со дебели од приближно 50 и 110 nm. Електрохромните својства биле испитувани во два неводени електролита $LiClO_4$/пропилен карбонат и LiCl/ метанол. Тенките филмови од $Na_{0,33}V_2O_5·H_2O$ покажуваат висока електрохромна активност со разлика во трансмитанцата од 42 % на бранова должина од 900 nm.

Трудот под број 9 (Electrochromic properties of prussian blue thin films prepared by chemical deposition method) е посветен на студија на електрохромните својства на тенок филм од пруско сино. Тенките филмови се приготвени се хемиски метод на депозиција од два раствора. Испитувањето е извршено со приготвување на тест електрохромен уред. Промената на бојата се одвивала од сина во зелена а потоа со промена на поларитетот повторно во сина и безбојна. Од оптичките спектри снимени во видлиот дел на спектарот биле определени контрастниот однос и оптичката ширина на забранетата зона. Исто така, испитувана е зависноста на оптичката густина од густината на полнежот и проценета е ефикасноста на обојување којашто изнесува 149,8 $cm^2$ $C^{-1}$.

Издавачката дејност на кандидатот е особено изразена во делот на учебните помагала. Досега има објавено 18 вакви помагала, меѓу кои се 7 учебника, две збирки задачи и 9 интерни скрипти и практикуми од кои еден е рецензиран практикум. Тука се вбројуваат книгите: Експериментот во настава по хемија (книга I и II), Експериментална неорганска хемија, Општа и неорганска хемија, Збирка задачи по општа и неорганска хемија, Збирка решени задачи по општа хемија Хемиски експерименти во оптичка проекција за наставата по хемија, Microscale chemistry experiments using water and disposable materials, Chemie im Kleinmaßtab Experimente mit wasser in einwegmaterialien, Интерен практикум по форензичка хемија и Интерен практикум по физичко-хемиски анализи на траги. Во врска со публикувањето на книгите на странски јазик треба да се истакне дека тие се плод на меѓународната соработка на кандидатот со колеги од Германија и Египет.

Во неговата издавачка активност се вбројуваат и седум мултимедијални дискови од кои два се на странски јазик, т.е. на англиски и на германски.

### *Награди и признанија*

За досегашната творечка работа д-р Методија Најдоски е награден со следниве награди и признанија:

1. награда за најуспешна иновација од универзитетите во Република Македонија доделена на 26-та Интернационална изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади „Макинова 2006“, за иновацијата ОБРАЗОВНИ КОМПЛЕТИ ЗА НАСТАВАТА ПО ХЕМИЈА;

Овој труд претставува фази-невронски модел на потрошувачката на енергија за греење и ладење на станбени згради, кој може да се искористи и за предвидување на оваа потрошувачка за краток временски период од неколку дена. Моделот е заснован врз софистицирани постапки на фази логиката и вештачките невронски мрежи, и иако постојат неколку објавени трудови кои применуваат невронски модели, истражувањето во рамките на овој труд покажаа дека се уште во литературата нема предложено невронски модели за енергртска ефикасност на станбени згради кои се засновани врз машината на релевантни вектори, ниту пак фази-невронски модели кои користат машина на релевантни вектори за учење. Машината на релевантни вектори е врвна техника за учење и овој труд најверојатно претставува за првпат фази-невронски модел за енергетска ефикасност базиран на Вапниковата статистичка теорија за учење, Типинговата машина на релевантни вектори и Кимовиот фази-невронски систем. Моделот претставува фази систем од типот на Тагаки-Сугено, кој за учење ја користи проширената машина на релевантни вектори. Енергетската ефикасност на станбените згради е моделирана врз основа на расположливите физички и геометриски параметри на зградите како, на пример, површината на зградите, ѕидната површина, кровната површина, висината, ориентацијата, застаклената површина итн. Поведението на моделот е оценето преку неговиот индекс на поведение и е споредено со неколку други фази и невронски модели. Симулациските резултати јасно ги покажуваат одличните својства на моделот од аспект на точноста и поведението. Моделот може да најде примена кај компаниите кои се занимаваат со динамичко управување со системите за ладење и греење на станбените згради.

7. Б. Живанова, **Е. Лазаревска**, Роботска рака што решава Судоку, Зборник трудови од 13. Меѓународна конференција ЕТАИ 2016, Септември 22-24, Струга, Македонија.

Трудот прикажува изведба и примена на роботска рака со два степени слобода на движење, која има задача да решава 4X4 Судоку игра. Пребарувањето на Интернет за ваков проект не даде никаков резултат освен еден мобилен LEGO-робот, што значи дека многу веројатно овој проект е меѓу првите од таков вид. Софтверскиот дел од проектот е напишан користеј'и библиотеки од MATLAB, додека за хардверскиот дел е користен микроуправувачот ArduinoUno и серво-мотори. Проектот е дел од практичната настава по предметот roботика 1 на ФЕИТ.

8. **E. Lazarevska**, Comparison of Different Models for Wind Speed Prediction, Proceedings of the**42nd Annual Conference of IEEE Industrial Electronics Society, October 24-27, 2016, Florence, Italy.**

Трудот претставува неколку неконвенционални модели за предвидување на брзината на ветерот засновани врз фази-логиката и вештачките невронски мрежи. Најпрво се претставени два фази модела, изградени врз основа на различни метеоролошки податоци како, на пример, сончевата радијација, релативната влажност, околната температура, атмосферскиот притисок итн. За добивање на овие два модела е применет идентификациониот алгоритам на Сугено и Јасукава. Потоа е предложен фази-невронски модел заснован врз статистичката теорија на учење. Моделот е Такаги-Сугено фази модел кој користи проширена машина на релевантни вектори за учење на параметрите и бројот на фазиправилата. Конечно, два невронски модела за предвидување на брзината на ветерот се предложени врз основа на техникие на екстремната машина за учење. Двата невронски модела претставуваат невронски мрежи со по еден скриен слој, но со различни алгоритми за учење. Првиот е заснован врз класичната екстремна машина за учење, а вториот ја применува филозофијата на инкременталната екстремна машина за учење. Добиените модели се споредени од аспект на нивното поведение, и иако сите поседуваат одлични апроксимативни својства, најдобри симулациски резултати покажа моделот заснован врз инкременталната екстремна машина за учење.

9. **E. Lazarevska**, Neural Network Approach based on Convex Incremental Learning Machine for Prediction of Diffuse Solar Radiation, Proceedings of the 8th International Congress on Ultramodern Telecommunications and Control Systems, October 18-20, 2016, Lisbon, Portugal.

Овој труд прикажува алтернативен приод кон моделирањето на дифузното сончево зрачење засновано вра методите на екстремната машина за учење, кои привлекуваат сè поголемо внимание во научната јавност во моментот. Предложени се неколку модели засновани врз класичната, инкременталната и конвексно-инкременталната екстремна машина за учење, кои се споредени меѓусебно, како и со други расположливи модели, со цел да се оцени нивното поведение. Паралелно со моделите, дискутирани се и некои битни особини на применетите алгоритми за учење, и едновремено се предложени и алтернативни решенија за некои од чекорите при обучувањето на мрежите. Имено, спроведеното истражување во рамките на овој труд покажа дека случајниот избор на параметрите на скриениот слој во невронската мрежа значително влијае врз апроксимативните својства на мрежата. Во трудот е предложено едноставно решение за надминување на овој проблем. Исто така, констатирано е дека инкременталната екстремна машина не обезбедува најмала можна

апроксимативна грешка, бидејќи излезните параметри на мрежата не се нагодуваат по додавањето на нов неврон во скриениот слој. Трудот предлага едноставно решение и за овој проблем. Конечно, конвексната инкрементална екстремна машина за учење настојува да го надмине споменатиот проблем со точноста на моделот, меѓутоа сеуште постига помала точност од нашето предложено решение во трудот. И покрај се, постапките засновани врз екстремната машина за учење се одликуваат со екстремна едноставност, екстремно добро апроксимативно поведение и екстремна брзина на пресметките.

10. **E. Lazarevska**, A Fuzzy Model of the Residuary Resistance of Sailing Yachts, Proceedings of the XIII International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, November 09-11, 2016, Nis, Serbia.

Трудот претставува неконвенционален приод кон моделирањето на резидуарниот отпор кај јахтите заснован врз фази логиката. Предложени се два фази модели изградени врз основа на различни параметри кои ја опишуваат геометријата на трупот од бродот и Фродовиот број.За идентификација на овие модели е употребен идентификациониот алгоритам на Сугено и Јасукава. Симулациските резултати јасно ги покажуваат предностите и добрите индекси на поведение на овие модели. Најзначајно кај нив е дека тие го моделираат резидуарниот отпор кај јахтите со многу мал број параметри, во споредба со постоечките полиномни формули. Исто така, овој приод е особено значаен затоа што му овозможува на истражувачот меѓу множеството влезни големини, да ги одбере само најбитните, кои највеќе влијаат врз излезот на моделот, што е посебно битно во случаите на системи со голем број влезни големини. Применетиот идентификациски алгоритам врши параметарска идентификација при секој чекор на структурна идентификација на фази правилата, што значително ја зголемува точноста на добиените фази модели. Тоа, пак, од своја страна резултира во поуспешен избор на влезните големини за моделот. Параметарска идентификација се врши и за параметрите од премисите и за параметрите од последиците на фази-правилата. Конечно, наместо параметарска идентификација само на конечниот фази-модел од градиент тип, таа се изведува во текот на целиот процес на пресметување на парцијалните изводи на излезот од моделот во однос на усвоените влезови. На овој начин, двата фази-модела многу успешно го моделираат даденото влезно-излезно множество, генерирајќи го саканиот излез само со помош на две влезни големини, наспроти конвенционалните регресиони модели, кои вклучуваат огромен број параметри и коефициенти.

11. **E. Lazarevska,** Modeling of Residuary Resistance in Sailing Yachts Based on Extreme Learning Machine, Proceedings of the XIII International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, November 09-11, 2016, Nis, Serbia.

Резидуарниот отпор кај јахтите е многу битен при нивното проектирање, затоа што влијае врз поведението на јахтата и пресметката на потребната пропулсивна сила. Оттаму и интересот за негово

моделирање и досега постојат неколку полиномни формули засновани врз регресиона анализа. Меѓутоа, сите тие се оптоварени со голем број параметри и нивните коефициенти зависат од брзината на бродот. Затоа во овој труд е предложен алтернативен приод кон моделирањето на резидуарниот отпор заснован врз концептот на екстремната машина за учење. Предложениот модел е изграден врз основа на множество од различни параметри кои ја опишуваат геометријата на трупот на бродот и Фродовиот број. Истражувањето во рамките на трудот покажа дека екстремната машина за учење не зависи позначајно од типот на активирачката функција на скриените неврони, но дека зависи од случајниот избор на праметрите на скриениот слој. Факторот на случајност влијае врз својството за апроксимација на овие модели. Затоа во трудот е предложено едноставно решение на овој проблем. Прикажаниот невронски модел се одликува со многу добро поведение кое е оценето преку неговиот показател на поведение.

12. **E. Lazarevska,** A Neuro-Fuzzy Model of the Inverse Kinematics of a 4 DOF Robotic Arm, Proceedings of the $14^{th}$ International Conference on Modelling and Simulation UKSim, March 28-30, 2012, Cambridge, UK, pp. 306-311.

Трудот претставува фази-невронски модел на инверзната кинематика на роботска рака со 4 степени слобода на движење, кој го применува алгоритамот за учење со релевантни вектори. Иако и директната кинематика на роботската рака може да се моделира многу едноставно на сличен начин, трудот се фокусира врз многу поинтересната инверзна задача, зошто нејзиното решение претставува основа за проектирање на роботското управување. Предложениот модел е од типот на Такаги – Сугено фази-моделите, но неговите параметри и бројот на фази правила се генерираат и оптимизираат автоматски преку усвоениот алгоритам за учење со релевантни вектори на Типинг. Презентираниот модел ја илустрира ефикасноста на усвоениот пристап за моделирање.

13. Elizabeta Lazarevska, Jovan Trpovski, **Fuzzy-Neural Approach to Modelling a Tower Crane,**Proceedings of the Seventh Triennial International Conference Heavy Machinery HM 2011, Vrnjacka Banja, June 29-July 02, 2011, pp. 37-42.

Во трудот е прикажана постапка за моделирање на градежна дигалка заснована врз постапките и методите на фази логиката и невронските мрежи. За целите на моделирањето, дигалката е претставена како роботска рака со 4 степени слобода на движење, па задачата на моделирање на дигалката е сведена на проблемот на моделирање на динамиката на роботска рака. Иако со применетата постапка може да се моделира и директната кинематика на роботската рака, во трудот вниманието е насочено кон многу поинтересниот проблем за моделирање на нејзината инверзна кинематика. Така, за набљудуваната роботска рака со 4 степени слобода на движење, со која е претставена градежната дигалка, е изграден фази невронски модел, кој користи алгоритам за учење заснован врз концептот на релевантни вектори развиен од М. Е. Типинг. Применетиот фази-невронски модел успешно го моделира движењето на дигалката во просторот и како таков претставува основа за развој

на ефикасен систем за управување со нејзината работа. Иако дигалки кои работат без помош на човечки оператор се далеку од реалноста, спроведеното истражување во рамките на овој труд претставува само мал придонес кон напорите за создавање целосно автоматизирани дигалки кои работат самостојно без човечко присуство.

14. Е**лизабета Лазаревска**, Моделирање на инверзната кинематика на сферна роботска рака со помош на фази логиката, Зборник трудови од 10. Меѓународна конференција ЕТАИ 2011, Охрид, 16-20 септември 2011.

Одредувањето на инверзната кинематика на дадена роботска рака претставува една од најважните задачи во нивното управување. Кога се работи за едноставни роботски механизми какви што се, на пример, рамнинската роботска рака со два и три степени слобода на движење, нивната инверзна кинематика може да се определи релативно едноставно со некоја од традиционалните методи. Меѓутоа, со зголемувањето на сложеноста на роботската конфигурација и нејзиниот број степени слобода на движење, пресметувањето на инверзната кинематика станува сè посложено и позахтевно од аспект на пресметувачкото време и процесирачките ресурси. За разлика од задачата за одредување на директната кинематика на една роботска рака, задачата на инверзната кинематика во општ случај не само што е изразено сложена, туку и води кон повеќезначни решенија, а понекогаш и не дава решение. Оттаму, се бараат други поинакви приоди кон решавањето на овој проблем. Еден таков алтернативен приод кон проблемот на одредување на инверзната кинематика на дадена роботска рака нуди фази-логиката и тој е применет во овој труд за моделирање на инверзната кинематика на сферна роботска рака со три степени слобода на движење. За таа цел е создаден ANFIS-модел на инверзната кинематика на набљудуваната роботска рака и истиот е тестиран по пат на компјутерски симулации. Целата постапка на моделирање и симулација е изведена со помош на програмската апликација FuzzyLogicToolbox на MATLAB, а добиените резултати ги потврдуваат можностите и ефикасноста на ANFIS-системот за моделирање на инверзната кинематика кај роботските манипулатори.

15. **Елизабета Лазаревска**, Цветко Андрееcки, Симулација и управување на роботска рака со SIM MECHANICS, SIMULINK и MATLAB, Зборник трудови од 10. Меѓународна конференција ЕТАИ 2011, Охрид, 16-20 септември 2011.

Во трудот е прикажана постапка за моделирање и управување на роботска рака со 3 степени слобода на движење. Задачата на управувачот е следење однапред зададена траекторија. За остварување на таа цел најнапред е составен механички модел на роботската рака со помош на програмската апликација SimMechanicsна MATLAB. За управување на роботската рака е употребен управувач кој користи соодветен математички модел на раката. Ако математичкиот модел на роботската рака се совпаѓа со механичкиот модел во SimMechanics, тогаш затворениот систем на автоматско управување со движењето на роботската рака ќе има линеарен модел и самото управување може да се реализира со едноставен ПД-управувачки закон. Целата постапка на моделирање и управување на роботската рака е симулирана со помош на

програмските апликации SimMechanics,Simulinkи MATLAB. Главното внимание во трудот е насочено кон можностите на програмската апликација SimMechanicsза моделирање и симулација во роботиката, која цел е остварена преку моделирање на конкретен роботски механизам, како и кон демонстрација на примената на конкретен роботски управувачки алгоритам врз добиениот SimMechanicsмодел.

16. Elizabeta Lazarevska, Jovan Trpovski, A Neuro-Fuzzy Model of the Solar Diffuse Radiation with Relevance Vector Machine, Proceedings of the 11th International Conference EPQU'11, Lisbon, 17-19 October 2011, pp. 1-6.

Податоците за сончевото зрачење претставуваат основа во скоро сите истражувања и примени од областа на сончевата енергија. За жал, најголемиот број метеоролошки станици обезбедуваат податоци само за глобалното сончево зрачење. Поради тоа, дифузното и директното сончево зрачење мора да се пресметуваат индиректно вез основа на расположливите податоци за глобалното сончево зрачење. Иако денес постојат поголем број математички модели на дифузното сончево зрачење, тие имаат значителни недостатоци, какви што се зависноста на моделот од географската положба на мерењата, временските услови, видот, расположливите податоци итн. Во трудот е прикажан неконвенционален модел на дифузното сончево зрачење, кој значително се разликува од веќе постојните модели, а е заснован на фази логиката и вештачките невронски мрежи. Применетиот фази-невронски модел всушност претставува фази-логички систем со иста структура како еден Такаги -Сугемо модел, но кој поседува механизам за учење заснован врз теоријата на невронските мрежи и машинското учење. Алгоритамот за учење го користи концептот на релевантни вектори, и овозможува автоматско одредување на бројот потребни фази правила и вредности на функциите на припадност. Перформансите на моделот се споредени со перформансите на други модели прикажани во литературата по пат на компјутерски симулации. Добиените резултати покажуваат дека применетиот фази-невронски модел се одликува со голема ефикасност, мали димензии и широка применливост.

17. **Elizabeta Lazarevska**, Jovan Trpovski,Modeling of Nonlinear Industrial Processes Based on Artificial Neural Network Theory, Proceedings of the 16th International Symposium on Power Electronics - Ee 2011, Novi Sad, Republic of Serbia, 26th - 28th, October 2011.

Во трудот се прикажани невронски модели на три различни индустриски процеси, кои ја илустрираат ефикасноста и можностите на применетите вештачки невронски мрежи за моделирање и идентификација на непознати нелинеарни индустриски системи. Применетите невронски мрежи припаѓаат на класата рекурентни невронски мрежи, кои се добиваат со додавање мемориски елементи во feedforward невронските мрежи. На тој начин невронската мрежа станува способна за моделирање динамички системи, без да има потреба од експлицитно задавање на сите минати вредности на влезовите и излезите од моделираниот систем. Можностите на овие невронски модели за идентификација на динамички системи од непознат ред и/или непознато

доцнење е тестирана со неколку експерименти. Во трудот се прикажани резултатите од симулацијата на моделите на три индустриски процеси: процесот на топење цинк, процесот на согорување во гасна печка и работа на машина за валање. Сите три експерименти ја потврдуваат ефикасноста на применетите невронски модели за моделирањето непознати динамички системи.

**18. E. Lazarevska**, G. Vladev, Fuzzy Logic Toolbox Application for Modeling the Inverse Kinematics of a Multiple DOF Robot, Proceedings of X Triennial International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, Niš, Serbia, November $10^{th}$-$12^{th}$, 2010, pp. 97-100.

Трудот претставува експериментален модел на инверзната кинематика на роботска рака со 3 степени слобода на движење. За едноставни конфигурации како, на пример, рамнинска роботска рака со 2 степена слобода на движење, инверзната кинематика на раката може едноставно да се определи аналитички. Меѓутоа, со зголемувањето на бројот степени на слобода на роботската рака, решението на нејзината инверзна кинематика станува се потешко и компјутационо поскапо. Оттаму, се бараат нови начини за моделирање на инверзната кинематика. Фази логиката пружа алтернативен приод кон моделирањето на инверзната кинематика на една роботска рака и истата е применета во овој труд. Моделирањето на инверзната кинематика е извршено со помош на FuzzyLogicToolbox од МАТЛАБ. Потоа е извршена проценка на моделот од аспект на неговата точност и способност да ја моделира инверзната кинематика на одбраната роботска рака. Извршените компјутерски симулации ја потврдија ефикасноста на избраниот приод и покажаа дека FuzzyLogicToolbox е успешен во решавањето вакви проблеми.

19. J. Trpovski, **E. Lazarevska**, A Real-Time GPS Based Vehicle Tracking, Navigation and Monitoring System, Proceedings of X Triennial International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, Niš, Serbia, November $10^{th}$-$12^{th}$, 2010, pp.190-193.

Во трудот е прикажан конкретен систем за следење на движењето на возен парк во реално време со помош на GPSсистем, кој е реализиран во една од водечките компании во МК. Возниот парк се состои од 30 возила-цистерни, а секое од нив поседува соодветен GPSуред, кој секои 30 секунди ги доставува неопходните информации за следење на возилата до соодветен сервер, користејќи ја локалната мобилна телефонска мрежа. Информациите за позицијата, брзината, правецот на движење, отворањето и затворањето на вентилите, количеството наточено и источено гориво итн., потоа се праќаат до базната сатница во реално време во вид на лесно читливи карти, извештаи и дијаграми, до кои може да се пристапи само со помош на пресметувач со интернет- приклучок и соодветен веб-пребарувач. Базната станица се состои од многу брз систем на кој е инсталиран VTS-систем за следење на возила. Се работи за некомерцијален апликативен софтвер, кој претставува оригинален труд на авторите. Меѓу поважните карктеристики на апликацијата се можноста за следење на движењето на возилата во реално време, меморирањето на сите претходни податоци и големата база на податоци, развиена поддршка на системот, видеоможностите итн. Таа поддржува големина на

возен парк од 1 до 100 возила, а нејзината база на податоци овозможува брзо и ефикасно меморирање на сите податоци, како и брзо и ефикасно издавање на најразлични извештаи.

## 4. **ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно- образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елизабета Лазаревска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, како и од позитивната оценка од студентската анкета при самоевалуација на Факултетот, Комисијата заклучи дека д-р Елизабета Лазаревска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област 21808-системско инженерство, автоматика и роботика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, како и на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Елизабета Лазаревска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област 21808-системско инженерство, автоматика и роботика.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Миле Станковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Владимир Димчев, член, с.р.
3. Проф. д-р СтојчеДесковски (професор во пензија),член, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **д-р Елизабета Дончо Лазаревска**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **21808-системско инженерство, автоматика и роботика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава (студии од прв циклус)** | **43.8** |
| | - Линеарни динамички системи (3+0+0), летен 2011/12 | 1.8 |
| | - Линеарни динамички системи (3+0+0), летен 2012/13 | 1.8 |
| | - Системи на автоматско управување (3+0+0), зимски 2014/15 | 1.8 |
| | - Теорија на автоматско управување 1 (2+0+0), зимски 2013/14 | 1.2 |
| | - Теорија на автоматско управување 1 (2+0+0), зимски 2014/15 | 1.2 |
| | - Теорија на автоматско управување 1 (2+0+0), зимски 2015/16 | 1.2 |
| | - Теорија на автоматско управување 2 (2+0+0), летен 2013/14 | 1.2 |
| | - Теорија на автоматско управување 2 (2+0+0), летен 2014/15 | 1.2 |
| | - Теорија на автоматско управување 2 (2+0+0), летен 2015/16 | 1.2 |
| | - Основи на машинска интелигенција (3+0+0), зимски 2011/12 | 1.8 |
| | - Основи на машинска интелигенција (3+0+0), зимски 2012/13 | 1.8 |
| | - Основи на машинска интелигенција (3+0+0), зимски 2013/14 | 1.8 |
| | - Машинско учење (2+0+0), летен 2013/14 | 1.2 |
| | - Машинско учење (2+0+0), летен 2014/15 | 1.2 |
| | - Вовед во роботика и интелигентни системи (3+0), зимски 2011/12 | 1.8 |
| | - Вовед во роботика и интелигентни системи (3+0), зимски 2012/13 | 1.8 |
| | - Вовед во роботика и интелигентни системи (3+0), зимски 2013/14 | 1.8 |
| | - Роботика 1 (2+0+0), летен 2013/14 | 1.2 |
| | - Роботика 1 (2+0+0), летен 2014/15 | 1.2 |
| | - Роботика 1 (2+0+0), летен 2015/16 | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Моделирање, идентификација и симулација (3+0+0), зимски 2011/12<br>- Моделирање, идентификација и симулација (3+0+0), зимски 2012/13<br>- Моделирање, идентификација и симулација (2+0+0), зимски 2013/14<br>- Моделирање, идентификација и симулација (2+0+0), зимски 2014/15<br>- Моделирање, идентификација и симулација (2+0+0), зимски 2015/16<br>- - Проектирање на роботизирани производни линии (3+0+0), летен 2012/13<br>- Проектирање на роботизирани производни линии (3+0+0), летен 2013/14<br>- Синтеза на процесни и роботски системи (3+0+0), летен 2011/12<br>- Синтеза на процесни и роботски системи (3+0+0), летен 2012/13 | 1.8<br>1.8<br>1.2<br>1.2<br>1.2<br>1.8<br>1.8<br>1.8<br>1.8 |
| **2** | **Одржување на настава (студии од втор циклус)** | **23.25** |
| | Експертски системи, управување и одлучување, (2+0+0+4), зимски 2011/12<br>Интелигентно управување во современата роботика (2+0+0+4), зимски 2011/2012<br>Интелигентно управување во современата роботика (3+0+0+3), зимски 2013/2014<br>Интелигентно управување во современата роботика (3+0+0+3), летен 2013/2014<br>Интелигентно управување во современата роботика (3+0+0+3), зимски 2014/2015<br>Вештачка интелигенција (3+0+0+3), зимски 2013/2014<br>Вештачка интелигенција (3+0+0+3), зимски 2014/2015<br>Мобилна роботика (3+0+0+3), зимски 2013/2014<br>Мобилна роботика (3+0+0+3), зимски 2014/2015<br>Идентификација и естимација (3+0+0+3), зимски, 2014/15<br>Идентификација и естимација (3+0+0+3), зимски 2015/16 | 1.5<br>1.5<br>2.25<br>2.25<br>2.25<br>2.25<br>2.25<br>2.25<br>2.25<br>2.25<br>2.25 |
| **3** | **Настава во летни школи и работилници** | **2** |
| | - E. Lazarevska, "Cloud Robotics", RoboMAC 2012.<br>- E. Lazarevska, "Swarm Robotics", RoboMAC 2013. | 1<br>1 |
| **4** | **Подготовка на нов предмет** | **4** |
| | Вештачка интелигенција (2. циклус студии)<br>Идентификација и естимација (2. циклус студии)<br>Мобилна роботика (2. циклус студии)<br>Интелигентно управување во современата роботика (2. Циклус студии) | 1<br>1<br>1<br>1 |
| **5** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **13** |

| | | |
|---|---|---|
| | - Пред., ауд. и лаб. вежби: Линеарни динамички системи (КСИА - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Вовед во роботика и интелигентни системи (КСИА - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Основи на машинска интелигенција (КСИА - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Моделирање, идентификација и симулација (КСИА - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Проектирање на роботизирани производни линии (КСИА - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Роботика 1 (КСИАР - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Теорија на автоматско управување 1 (КСИАР - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Теорија на автоматско управување 2 (КСИАР - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Машинско учење (КСИАР - прв циклус студии)<br>- Лаб. вежби: Практикум по MATLAB (сите - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Синтеза на процесни и роботски системи (КСИАР - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Проектирање системи на автоматско управување (КСИАР - прв циклус студии)<br>- Пред., ауд. и лаб. вежби: Системи на автоматско управување (ЕЕУМ, ЕАОИЕ, ИКИ - прв циклус студии) | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 6 | **Одржување на консултации (студии од прв циклус)** | **2,448** |
| | - зимски 2011/12 (МИС-50, РИС-48)<br>- зимски 2012/13 (МИС-66, ОМИ-28, РИС-42)<br>- зимски 2013/14 (МИС-52, ОМИ-26, ТАУ1-45, РИС-24)<br>- зимски 2014/15 (МИС-45, ТАУ1-57, САУ-111)<br>- зимски 2015/16 (МИС-40, ТАУ1-40)<br>- летен 2011/12 (ЛДС-62, СПРС-21, ПРПЛ-7)<br>- летен 2012/13 (ЛДС-64, СПРС-25, ПРПЛ-28)<br>- летен 2013/14 (МУ-15, ТАУ2-41, Р1-39, СПРС-12, ПРПЛ-15)<br>- летен 2014/15 (МУ-18, ТАУ2-44, Р1-47, ПСАУ-15, ПРПЛ-12)<br>- летен 2015/16 (ТАУ2-37, Р1-33, ПСАУ-15) | 0,196<br>0,272<br>0,294<br>0,426<br>0,16<br>0,18<br>0,234<br>0,244<br>0,272<br>0,17 |
| 7 | **Одржување на консултации (студии од втор циклус)** | **0.058** |

| | | |
|---|---|---|
| | Експертски системи, управување и одлучување, (2+0+0+4), зимски 2011/12 (5)<br>Интелигентно управување во современата роботика (2+0+0+4), зимски 2011/2012 (1)<br>Интелигентно управување во современата роботика (3+0+0+3), зимски 2013/2014 (2)<br>Интелигентно управување во современата роботика (3+0+0+3), летен 2013/2014 (1)<br>Интелигентно управување во современата роботика (3+0+0+3), зимски 2014/2015 (2)<br>Вештачка интелигенција (3+0+0+3), зимски 2013/2014 (1)<br>Вештачка интелигенција (3+0+0+3), зимски 2014/2015 (3)<br>Мобилна роботика (3+0+0+3), зимски 2013/2014 (7)<br>Мобилна роботика (3+0+0+3), зимски 2014/2015 (4)<br>Идентификација и естимација (3+0+0+3), зимски, 2014/15 (1)<br>Идентификација и естимација (3+0+0+3), зимски 2015/16 (1)<br>Истражувачки проект од областа на автоматиката, роботиката и системското инженерство (0+0+0+6), зимски 2014/15 (1) | 0.01<br>0.002<br>0.004<br>0.002<br>0.004<br>0.002<br>0.006<br>0.014<br>0.008<br>0.002<br>0.002<br>0.002 |
| **8** | **Ментор на дипломска работа (10)** | **2.0** |
| | 1. Решение бр. 09-6/107/1 од 20.02.2012<br>2. Решение бр. 09-6/57 од 23.02.2012<br>3. Решение бр. 09-6/243/1 од 08.03.2012<br>4. Решение бр. 09-6/159/1 од 09.04.2014<br>5. Решениебр. 09-6/275/1 од 12.11.2014<br>6. Решение бр. 09-6/281/1 од 22.12.2014<br>7. Решениебр. 09-6/202/1-2-2 од 22.01.2015<br>8. Решениебр. 09-6/250/1-2-2 од 23.01.2015<br>9. Решениебр. 09-6/167/1 од 06.04.2015<br>10. Решение бр. 09-6/285/1 од 09.12.2015 | 0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2 |
| **9** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (31)** | **3.1** |
| | 1. Решениебр. 09-6/129/1 од 03.04.2013<br>2. Решениебр. 09-6/130/1 од 03.04.2013<br>3. Решениебр. 09-6/131/1 од 03.04.2013<br>4. Решениебр. 09-6/149/1 од 05.04.2013<br>5. Решениебр. 09-6/279/2 од 16.01.2014 | 0.1<br>0.1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. Решение бр. 09-6/63/1 од 18.03.2014<br>7. Решение бр. 09-6/81/1 од 18.03.2014<br>8. Решениебр. 09-6/122/1 од 31.03.2014<br>9. Решениебр. 09-6/151/1 од 14.04.2014<br>10. Решениебр. 09-6/91/1 од 09.05.2014<br>11. Решениебр. 09-6/92/1 од 09.05.2014<br>12. Решениебр. 09-6/22/1 од 17.09.2014<br>13. Решениебр. 09-6/155/1 од 18.09.2014<br>14. Решениебр. 09-6/190/1-2-2 од 23.09.2014<br>15. Решениебр. 09-6/301/1-2-2 од 26.09.2014<br>16. Решениебр. 09-6/278/1-2-2 од 02.10.2014<br>17. Решениебр. 09-6/44/1-2-2 од 15.10.2014<br>18. Решениебр. 09-6/217/1-2-2 од 17.10.2014<br>19. Решениебр. 09-6/285/1 од 22.12.2014<br>20. Решениебр. 09-6/293/1 од 23.12.2014<br>21. Решениебр. 09-6/295/1 од 12.01.2015<br>22. Решениебр. 09-6/153/1-2-2 од 20.01.2015<br>23. Решениебр. 09-6/150/1-2-2 од 27.01.2015<br>24. Решениебр. 09-6/248/1-1-2 од 09.02.2015<br>25. Решениебр. 09-6/170/1-2-2 од 13.02.2015<br>26. Решениебр. 09-6/269/1-1-2 од 16.02.2015<br>27. Решениебр. 09-6/32/1 од 17.02.2015<br>28. Решениебр. 09-6/148/1 од 12.03.2015<br>29. Решениебр. 09-6/162/1 од 01.04.2015<br>30. Решениебр. 09-6/249/1 од 07.04.2015<br>31. Решение бр. 09-6/178/1 од 15.05.2015 | 0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1<br>0.1 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 0.1 |
| **10** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4)** | **1.2** |
| | Бр. 02-1436/23 од 19.8.2015 (Душко Ставров)<br><br>Бр. 02-684/4 од 26.3.2014 (Михаил Цветков)<br><br>Бр. 02-2500/19 од 19.11.2014 (Марија Петковска)<br><br>Бр. 02-1574/22 од 3.7.2013 (Горан Владев) | 0.3<br><br>0.3<br><br>0.3<br><br>0.3 |
| **11** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3)** | **1.5** |
| | Одлука бр. 02-3125/6 од 28.11.2012 (Горан Стојановски)<br><br>Одлука бр. 02-1574/5 од 3.7.2013 (Весна Антоска)<br><br>Одлука бр. 02-1834/7 од 21.8.2013 (Весна Ојлеска) | 0.5<br><br>0.5<br><br>0.5 |
| **12** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | **24** |
| | 1. Е. Лазаревска, В. Ојлеска, Збирка решени задачи од областа на линеарните дискретни динамички системи– 1. издание, УКИМ Скопје, Македонија, 2016.<br><br>2. Е. Лазаревска, Збирка на одбрани решени задачи од областа на синтезата на системи на автоматско управување– 1. издание, УКИМ Скопје, Македонија, 2016.<br><br>3. Е. Лазаревска, Збирка решени задачи по вовед во роботика– 1. издание, УКИМ Скопје, Македонија, 2016.<br><br>4. Е. Лазаревска, Збирка задачи по предметот теорија на автоматско управување 1, – 1. издание, ФЕИТ Скопје, Македонија, 2015.<br><br>5. Е. Лазаревска, Решени задачи од областа моделирање, симулација и идентификација на динамички системи– 1. издание, ФЕИТ Скопје, Македонија, 2015.<br><br>6. Е. Лазаревска, В. Ојлеска,Решени задачи во МАТЛАБ од областа на линеарните динамички системи – 1. издание, УКИМ Скопје, Македонија, 2011. | 4<br><br>4<br><br>4<br><br>4<br><br>4<br><br>4 |
| **12** | **Интерна скрипта од предавања** | **8** |
| | 1. Е. Лазаревска, Предавања по предметот моделирање, симулација и идентификација – 1. издание, ФЕИТ Скопје, Македонија, 2015.<br><br>2. Е. Лазаревска, Основи на машинската интелигенција – 1. издание. | 4<br><br>4 |
| **13** | **Интерна скрипта од вежби** | **6** |
| | 1. Упатство за лабораториски вежби по предметот моделирање, симулација и идентификација | 3<br><br>3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Упатство за лабораториски вежби по преметот теорија на автоматско управување 1 | |
| | **ВКУПНО** | ***134,36*** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Одбранета докторска теза** | **8** |
| **2** | **Одбранета магистерска теза** | **4** |
| **3** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **54,9** |
| | 1.**E. Lazarevska**, Wind Speed Prediction with Extreme Learning Machine, Proceedings of the IEEE Intelligent Systems IS'2016, September 04-06, Sofia Bulgaria, pp. 154-159.<br>2. **E. Lazarevska**, A Neuro-Fuzzy Model of the Residuary Resistance of Sailing Yachts, Proceedings of the IEEE Intelligent Systems IS'2016, September 04-06, Sofia Bulgaria, pp. 173-179.<br>3. E. Lazarevska, Wind Speed Prediction Based on Incremental Extreme Learning M dings of the 9th Eurosim Congress on Modelling and Simulation, September 12-16 l, pp. 487-492.<br>4. **E. Lazarevska**, Comparison of Different Models for Residuary Resistance Prediction, Proceedings of the 9th Eurosim Congress on Modelling and Simulation, September 12-16, Oulu Finland, pp. 518-523.<br>5.**E. Lazarevska**, Fuzzy Modelling of Diffuse Solar Radiation, Proceedings of the SAI Intelligent Systems Conference 2016,September 21-22, 2016, London, UK, pp. 39-48.<br>6. E. Lazarevska, Estimation of Energy Performance of Residential Buildings ed Relevance Vector Machine, Proceedings of the 13th International Conference ETA ber 22-24, Struga, Macedonia.<br>7. Б. Живанова, **Е. Лазаревска**, Роботска рака што решава Судоку, Зборник трудови од 13. Меѓународна конференција ЕТАИ 2016, Септември 22-24, Струга, Македонија.<br>8. **E. Lazarevska**, Comparison of Different Models for Wind Speed Prediction, Proceedings of the **42nd Annual Conference of IEEE Industrial Electronics Society, October 24-27, 2016, Florence, Italy.**<br>**9. E. Lazarevska**, Neural Network Approach based on Convex Incremental Learning Machine for Prediction of Diffuse Solar Radiation, Proceedings of the 8th International Congress on Ultramodern Telecommunications and Control Systems, October 18-20, Lisbon, Portugal.<br>10.**E. Lazarevska**, A Fuzzy Model of the Residuary Resistance of Sailing Yachts, Proceedings of the XIII International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, November 09-11, 2016, Nis, Serbia.<br>**11. E. Lazarevska,** Modeling of Residuary Resistance in Sailing Yachts Based on | 3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>3<br>2,7<br>3<br>3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Extreme Learning Machine, Proceedings of the XIII International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, November 09-11, 2016, Nis, Serbia. | 3 |
| | **12. E. Lazarevska,** A Neuro-Fuzzy Model of the Inverse Kinematics of a 4 DOF Robotic Arm, Proceedings of the $14^{th}$ International Conference on Modelling and Simulation UKSim, March 28-30, 2012, Cambridge, UK, pp. 306-311. | 3 |
| | 13. **Elizabeta Lazarevska**, Jovan Trpovski, **Fuzzy-Neural Approach to Modelling a Tower Crane,** Proceedings of the Seventh Triennial International Conference Heavy Machinery HM 2011, Vrnjacka Banja, June 29-July 02, 2011, pp. 37-42. | 3 |
| | 14. **Елизабета Лазаревска**, Моделирање на инверзната кинематика на сферна роботска рака со помош на фази логиката, Зборник трудови од 10. Меѓународна конференција ЕТАИ 2011, Охрид, 16-20 септември, 2011. | 2.7 |
| | 15. **Елизабета Лазаревска**, Цветко Андреески, Симулација и управување на роботска рака со SIM MECHANICS, SIMULINK и MATLAB, Зборник трудови од 10. Меѓународна конференција ЕТАИ 2011, Охрид, 16-20 септември, 2011. | 3<br>2.7 |
| | 16.**Elizabeta Lazarevska**, Jovan Trpovski, A Neuro-Fuzzy Model of the Solar Diffuse Radiation with Relevance Vector Machine, Proceedings of the $11^{th}$ International Conference EPQU'11, Lisbon, 17-19 October 2011, pp. 1-6. | 2.7 |
| | 17. **Elizabeta Lazarevska**, Jovan Trpovski,Modeling of Nonlinear Industrial Processes Based on Artificial Neural Network Theory, Proceedings of the $16^{th}$ International Symposium on Power Electronics - Ee 2011, Novi Sad, Republic of Serbia, $26^{th}$ - $28^{th}$, October 2011. | 2.7 |
| | **18. E. Lazarevska**, G. Vladev, Fuzzy Logic Toolbox Application for Modeling the Inverse Kinematics of a Multiple DOF Robot, Proceedings of X Triennial International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, Niš, Serbia, November $10^{th}$-$12^{th}$, 2010, pp.97-100. | 2.7 |
| | 19. J. Trpovski, **E. Lazarevska**, A Real-Time GPS Based Vehicle Tracking, Navigation and Monitoring System, Proceedings of X Triennial International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements, Niš, Serbia, November $10^{th}$-$12^{th}$, 2010, pp.190-193. | 2.7 |
| | **ВКУПНО** | ***66,9*** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Книга од стручна област** | **8** |
| | 1. **Е. Лазаревска**, Моделирање, симулација и идентификација на динамички системи, 2011. | 8 |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Раководител на внатрешна организациона единица -** Раководител на институтот АСИ | **3** |
| 2 | **Член на комисија за избор во звање** | **2** |
| | Бр. 02-3077/9 од 29.9.2011 (избор на двајца демонстратори)<br>Бр. 02-1403/10 од 30.5.2012 (избор на м-р Горан Стојановски за асистент)<br>Бр. 02-1403/9 од 30.5.2012 (избор на м-р Весна Ојлеска за асистент)<br>Бр. 02-3125/6 од 28.11.2012 (избор на д-р Горан Стојановски во доцент)<br>Бр. 02-717/6 од 27.3.2013 (избор на наставник)<br>Бр. 02-2013/4 од 29.1.2014 (избор на д-р Весна Ојлеска во доцент)<br>Бр. 02-2500/3 од 19.11.2014 (избор на д-р Васко Саздовски во насловен доцент)<br>Бр. 02-2117/5 од 18.11.2015 (Душко Ставров)<br>Бр. 02-1268/09 од 16.6.2016 (Горјан Нацински)<br>Бр. 02-1268/10 од 16.6.2016 (Матеј Добревски) | 0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2<br>0.2 |
| 3 | **Член на факултетска комисија** | **2,5** |
| | Одлука бр. 02-126/21 од 26.01.2011 – Комисија за клиничка настава за студиска програма КСИА<br>Одлука бр. 02-3297/47 од 26.10.2011 – Комисија за студентска практична настава<br>Одлука бр. 02-2787/55 од 31.10.2012 – подкомисија за евалуација на студиски програми за насоката КСИАР<br>Одлук БР. 02-3125/54 ОД 28.11.2012 – Комисика за модернизација и осовременување на студиските програми на ФЕИТ<br>Одлука бр. 02-684/35 од 26.03.2014 – Комисија за избор на истакнати стручњаци од практиката за АСИ | 0.5<br>0.5<br>0.5<br>0.5<br>0.5 |
| 4 | **Раководител на постдипломски или докторски студии –** 2 мандата | **4** |
| 5 | **Координатор на студиска програма - АРСИ** | **1** |
| 6 | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** – новиот зборник на ФЕИТсо наслов International Journal of Electrical Engineering and Information TechnologiesIJEEIT | **1** |
| 7 | **Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| | - ETAI 2011, Ohrid, Macedonia, Sep 24-26, 2011.<br>- ETAI 2013, Ohrid, Macedonia, Sep 26-28, 2013.<br>- ETAI 2015, Ohrid, Macedonia, Sep 16-20, 2015.<br>- ETAI 2016, Struga, Macedonia, Sep 22–24, 2016. | 1<br>1<br>1<br>1 |
| | **ВКУПНО** | ***17,5*** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **134,36** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **66,9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **25,5** |
| **ВКУПНО** | **226,76** |

Рецензентска комисија:

1.Проф. д-р Миле Станковски, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Владимир Димчев, член, с.р.

3. Проф. д-р СтојчеДесковски, (професор во пензија) член, с.р.

ИСПРАВКА ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

Во **Билтенот бр.1135 од 1.12.2016 година на стр.244** во текстот на Извештајот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во **наставно-научната област плодност на земјиштето и фертилизација** на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје, **треба да се изврши техничка исправка на следниов текст**: Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 1.9.2016 година, **наместо весникот „Дневник“ треба да стои „Нова Македонија “.**

**Преглед**
**на прифатена магистерска програма**
**на Факултетот за музичка уметност – Скопје**

| | Презиме и име | Наслов на композиција за изработка на магистерски труд | Ментор | Датум и број на одлука на ННУС |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Крајку Малбора | - Francis Poulenc - Sonate<br>- Carl Maria von Weber – Variations  Op. 33<br>- Ernesto Cavallini – Serenata<br>- Paul Jeanjean – Arabesques<br>- Manuel de Falla – Hommage<br>- Arthur Coquard – Melodie et Scherzetoo Op. 68<br>- Astor Piazzola – Tango – Etude No. 3. | Проф. м-р Стојан Димов | 02-1098/1 од 21.12.2016 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ КИНЕЗИОЛОШКА АНТРОПОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” (УКИМ) во Скопје, на 51 седница одржана на 17.11.2016 година, донесе Одлука со број 0201-1514/4, со која е одредена Рецензентска комисија во врска со пријавата на кандидатот д-р Митричка Цамбазовска–Старделова, вонреден професор по предметот кинезиолошка антропологија, за избор на наставник по предметот теорија на кинезиолошка антропологија во наставно–научно звање – редовен професор, во состав: проф. д-р Роберт Христовски, претседател, проф. д-р Александар Туфекчиевски, член и проф. д-р Даниела Шукова-Стојмановска, член. На објавениот конкурс во весниците: „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5.10.2016 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област фундаментална кинезиологија, по предметот кинезиолошка атропологија, се пријави кандидатот д-р Митричка Цамбазовска-Старделова. По разгледувањето на нејзината пријава и поднесената документација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот го донесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци за кандидатот

Кандидатот вонр. проф. д-р. Митричка Ц. Старделова е родена на 17.12.1976 година во градот Винтертур, кантон Цирих, Швајцарија, во интелектуално семејство. Предучилишното и основното образование го продолжила во Скопје. Завршила средно фискултурно училиште предвремено со одличен успех (5.00). Исто така, завршува и гимназија „Никола Карев“ во Скопје. За време на школувањето била повеќе пати наградувана и пофалувана со различни награди: книги, пофалници, примерно поведение, покажан успех, како и за учество во различни активности преку спортските училишни друштва. За постигнатите високи спортски резултати била често одликувана со различни медали: златни, сребрени, бронзени, како и за колективни високи спортски резултати во подмладокот на ракометниот спортски клуб “Ѓорче Петров“. Медицинскиот факултет го завршила за рекордно време со висок просек и само по завршувањето на претклиничките испити кандидатката се запишала и на Факултетот за физичка култура ( во 1997г.), кој го завршила во 2001 г. со висок просек (над 9,40).

По завршувањето на двата факултета - медицински и физичка култура, кандидатката продолжила со своето образование на постдипломски студии по киненезиологија на ФФК во Скопје, кои ги завршила за рекордно време. Се запишала на постдипломски студии по кинезиологија и магистрирала на многу актуелна тема под наслов: „Анализа на морфолошките и функционалните способности кај учениците од основното и средното образование“, во Скопје, во 2004 г. Нејзината стручна, општествена и научна работа интензивно продолжува и така во 2006 г. успева да ја одбрани докторската десертација на тема: „Онтогенетскиот развој кај учениците од двата пола од основното и средното образование како предиквија за селекција во спортот“. Така, кандидатката релативно млада успева да се стекне со две средни училишта, два факултета и докторска десертација.

**1.Наставна активност**

До изборот за вонреден професор, кандидатката напишала преку педесет стручни и научни трудови и била соработник во пишувањето на повеќе книги, како што се: Теорија на кинезиолошката антропологија, Кинезиолошка медицина, Прирачник за вежби по предметот теоријата на кинезиолошката антропологија и други. Од изборот во звање вонреден професор до кандидатурата за редовен професор ја има следнава наставна активност:

Наставната работа на кандидатката започнува со изборот за помлад асистент, во која се пројавува со посебни способности околу водењето на вежбите со студентите и изработката на семинарските работи. Несебично е вклучена со консултации од наставната дисциплина кинезиолошка антропологија и ужива посебен авторитет меѓу студентите. Пројавува посебна активност кон стручната и научната работа што може да се заклучи од големиот број приложени трудови.

Во периодот по нејзиниот избор во звањето насловен доцент, реализирала практична и теоретска настава, како и консултации по предметите: кинезиолошка теорија и кинезиолошка антропологија во физичкото образование и спорт и ангажирана е за реализација на предметната програма по предметот основи на спортски менаџмент 1 и предметот основи на спортски менаџмент 2. Притоа учествувала во реализацијата на предавањата на сите тековни семинари и консултации по предметите кинезиолошка теорија и кинезиолошка антропологија организирани со вонредните студенти, а била и вклучена во предавањата од постдипломски студии како и консултациите со постдипломците. Од реизборот во звањето насловен доцент, се јавува еднаш како ментор на дипломска работа, а повеќепати и како член на комисии за одбрана на дипломски работи.

Од 2012 година е вонреден професор на предметот на кој конкурира. Кандидатката е вклучена во реализација на практичната и теоретската настава со редовните и вонредните студенти од прв циклус студии на насоките физичко

образование и спорт по предметот кинезиолошка антропологија како задожителен предмет во прва година (втор семестар).

Кандидатката е вклучена во реализација на наставата со студентите од втор и трет циклус студии на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје. Успешно ја извршува и својата должност како секретар на постдипломски студии, каде што доаѓаат до израз нејзините организациски способности и одлична комуникација со колегите и студентите. Во овој период, учесник е и предавач на повеќе семинари, симпозиуми и конгреси во и надвор од земјава, кои се поврзани со - кинезиологијата, кинезиолошката теорија, кинезитерапијата и медицината, спортот и спортските повреди и физичкото образование воопшто.

Кандидатката била ментор на повеќе дипломски работи, член на комисија во многу дипломски работи, исто така била член на комисија на повеќе магистерски трудови и ментор на кандидат за изработка на магистерски труд, како и член на рецензентски комисии за оцена на семинарски трудови од трет циклус студии.

**2. Стручно-научна апликативна активност**

Врз основа на објавените трудови може да се констатира дека пројавува посебни активности кон стручната и научната работа што може да се заклучи од големиот број на приложени трудови. Од доставените трудови особено се гледа нејзината насоченост кон кинезиолошката теорија. Одлично ги разработува проблемите на современата кинезиолошка антропологија. Од изборот во звањето вонреден професор, па се до денес, учествувала на повеќе стручно-научни собири во земјава и во странство и успеала да објави повеќе трудови.

По последниот избор во звањето вонреден професор, како автор или коавтор има објавено повеќе стручни и научни трудови од областа на кинезиолошката антропологија, кинезиолошката медицина, спортот и физичкото образование воопшто. Како автор или коавтор од последниот реизбор во звањето насловен доцент, па до сега има презентирано и објавено 35 труда. Освен активното учество со презентација на трудови, кандидатката се појавува и како модератор на 1. и 2. Интернационална научна конференција RESEARCH IN PHYSICAL EDUCATION, SPORT AND SPIRIT.

| 41 | Етнофармакологија 2 ЕКТС (60 часа), зимски 2016/17 | 2,4 |
| | - од втор циклус студии | |
| 42 | Анализа на микотоксини во хербални суровини, хербални преработки и додатоци на храна (30 часа), летен 2015/16 | 1,5 |
| | - од трет циклус студии | |
| 43 | Конзервација на генетски ресурси на медицински и ароматични растенија (90 часа), 3 ЕКТС 2012/13 | 5,4 |
| 44 | Етнофармакологија (90 часа), 3 ЕКТС 2012/13 | 5,4 |
| 45 | Медицински и ароматични растенија (морфологија и екологија) (180 часа), 6 ЕКТС 2012/13 | 10,8 |
| 46 | Конзервација на генетски ресурси на медицински и ароматични растенија (90 часа), 3 ЕКТС 2014/15 | 5,4 |
| 47 | Етнофармакологија 3 ЕКТС 2014/15 (90 часа) | 5,4 |
| 48 | Медицински и ароматични растенија (морфологија и екологија) 6 ЕКТС 2014/15 (180 часа) | 10,8 |
| 49 | Конзервација на генетски ресурси на медицински и ароматични растенија 3 ЕКТС 2015/16 (90 часа) | 5,4 |
| 50 | Етнофармакологија (90 часа), 3 ЕКТС 2015/16 | 5,4 |
| 51 | Медицински и ароматични растенија (морфологија и екологија) (180 часа), 6 ЕКТС 2015/16 | 10,8 |
| 52 | Современи трендови на традиционалната медицина – медицински габи - центар за континуирана едукација | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 53 | Оправданост на медицинска употреба на *Cannabis sativa*- центар за континуирана едукација | ` 1 |
| 54 | Регулирање на неодобрена употреба на регистрирани лекови - центар за континуирана едукација | 1 |
| 55 | Фармацевтски маркетинг - центар за континуирана едукација | 1 |
| 56 | 6-ти конгрес на фармација во македонија | 1 |
| 57 | Легализација на канабисот за употреба во медицински цели во Република Македонија - МАЛМЕД | 1 |
| 58 | Хомеоптатија – медицина на XXI-от век Продис | 1 |
| 59 | 4-та конференција за интелектуална сопственост во фармацевтска индустрија | 1 |
| 60 | 4-ти македонски конгрес за историја на медицина | 1 |
| 61 | Mesmap - 2013 | 1 |
| 62 | Mesmap - 2015 | 1 |
| 63 | 7th Cmapseec | 1 |
| 64 | 8th Cmapseec | 1 |
| 65 | 9th Cmapseec | 1 |
| 66 | Incpu 2013 | 1 |
| 67 | Incpu 2015 | 1 |
| 68 | Международнынаучко-практические курсы „Лекарственное растениеводство и современная фармацевтическая промышленность" | 1 |
| | Одржување на теренска настава | |
| 69 | Фармацевтска ботаника летен 2012/13 теренска настава 64 часа | 2,56 |
| 70 | Фармацевтска ботаника летен 2013/14 теренска настава 64 часа | 2,56 |
| 71 | Фармацевтска ботаника летен 2014/15 теренска настава 64 часа | 2,56 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 72 | Фармацевтска ботаника летен 2015/16 теренска настава 64 часа | 2,56 |
| | Подготовка на нов предмет | |
| 73 | предавања (етнофармакологија) | 1 |
| 74 | предавање (Анализа на микотоксини во хербални суровини, хербални преработки и додатоци на храна) | 1 |
| 75 | Консултации со студенти 2012/13 (498 студенти) | 0,996 |
| 76 | Консултации со студенти 2013/14 (649 студенти) | 1,298 |
| 77 | Консултации со студенти 2014/15 (602 студенти) | 1,204 |
| 78 | Консултации со студенти 2015/16 (643 студенти) | 1,2896 |
| 79 | Консултации со студенти 2016/17 (395 студенти) | 0,79 |
| 80 | Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса (6 студенти) | 1,2 |
| 81 | Ментор на дипломска работа (4 студенти) | 0,8 |
| 82 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (6 кандидати) | 3,0 |
| 83 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (17 студенти) | 1,7 |
| 84 | Рецензент за издавање на учебник со наслов: „Добра лабораториска пракса“ од авторот проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, решение бр. 2502-137/5 од 5. 7. 2013 | 1 |
| 85 | Пакет материјали за одреден предмет (етнофармакологија, анализа на микотоксини во хербални суровини, хербални преработки и додатоци на храна) | 2 |
| | **(20) Вкупно** | 244,6176 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (научноистражувачка):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 86 | Ментор на докторска дисертација (3) | 9 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 87 | Коментор на докторска дисертација (1) | 1,5 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание | |
| 88 | Biljana Bauer, Doprinos obitelji Bauer razvitku farmacije u Makedoniji, Farmaceutski glasnik, 2014; 70(3): 167-174 | 4 |
| 89 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, Biljana Gjorgeska, Fatty acid composition od seed oil obtained from different canola varieties, Farmaceutski glasnik, 2015; 71(1): 1-7. | 3,2 |
| 90 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, Svetlana Cekovska, The development of approaches to healing through the ages, Farmaceutski glasnik, 2015; 71(2): 65-72. | 3,2 |
| 91 | Suzana Apostolovska, Biljana Bauer Petrovska, Medical Fungi, International journal of Pharmaceutical research, 2015, 7(1):25-29. | 3,6 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | |
| 92 | Zoran Kavrakovski, Katerina Jugreeva, Biljana Bauer Petrovska, Testing for drug and alcohol abuse at the workspace, Maced. Pharm. bull., 2009; 55 (1,2): 75-78. | 4,8 |
| 93 | Biljana Bauer Petrovska, Historical review of medicinal plants' usage, Pharmacognosy Reviews, 2012; 6(11):1-5 | 6 |
| 94 | Vesna Kostic, Shaban Memeti, Biljana Bauer, Fatty acid composition of edible oils and fats, Journal of Hygienic Engineering and Design, 2013; Vol. 4: 112-116. | 4,8 |
| 95 | Vesna Kostic, Shaban Memeti, Biljana Bauer, Gas-chromatographic analysis of some volatile congeners in different types of strong alchocolic fruit spirits, Journal of Hygienic Engineering and Design, 2013; Vol. 4: 98-102. | 4,8 |
| 96 | Vesna Kostic, Bistra Angelovska, Evgenija Kiroska-Petreska, Biljana Bauer, Determination of pesticide residues in plant based foods from the Republic of Macedonia, Journal of Food and Nutrition Sciences, 2014; 2(4): 124-129. | 3,6 |
| 97 | Vesna Kostic, Biljana Gjorgeska, Bistra Angelovska, Biljana Bauer, Sofija Petkovska, Distribution of the total arsenic content in drinking water obtained from different water | 3,6 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | sources in the Republic of Macedonia, Journal of Food and Nutrition Sciences, 2014; 2(4): 146-155 | |
| 98 | Vesna Kostic, Biljana Bauer, Zoran Kavrakovski, Lithium content in potable water, surface water, ground water, and mineral water on the territory of Republic of Macedonia, International Journal of Medicine and Public Health, 2014; 4(3): 189-193. | 4,8 |
| 99 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, Svetlana Cekovska, The History of Methods of Healing, Current trends in Biotechnology and Pharmacy, 2015: 9(1): 500-506. | 4,8 |
| 100 | Vesna Kostik, Biljana Gjorgjeska, Biljana Bauer, Kiril Filev, Production of shell eggs enriched with n-3 fatty acids, IOSR Journal of Pharmacy, 2015, 5(8): 48-51. | 3,6 |
| 101 | Bauer Biljana, Kostik Vesna, Cekovska Svetlana, Kavrakovski Zoran, Cannabis history and timeline, Sixth Congress of Pharmacy in Macedonia with International participation, 62 (suppl) 477-478 | 3,6 |
| 102 | Elena Trajkoska Bojadziska, Jana Simonovska, Olga Popovska, Zeljko Knez, Zoran Kavrakovski, Biljana Bauer, Vesna Rafajlovska, Development of nanoemulsion formulations of wild oregano essential oil using low energy methods, Sixth Congress of Pharmacy in Macedonia with International participation, 62 (suppl) 397-398 | 3,6 |
| | Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание | |
| 103 | Билјана Бауер, Три генерации фармацевти, Аптекар, 2014, II (5):29-31 | 2 |
| 104 | Весна Костиќ, Бистра Ангеловска, Билјана Бауер, Литиум – микроелемент значаен за човековиот организам, Фармацевтски информатор, 2013; 36: 35 | 1,6 |
| | Труд со оригинални научно/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | |
| 105 | Biljana Bauer Petrovska, Estimation of the protein quality of some Macedonian edible Tricholomataceaeae mushrooms, Proceedings of the seventh conference on medicinal and | 3 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | aromatic plants of Southeast European countries, Subotica, 2012: 98-103 | |
| 106 | Biljana Bauer Petrovska, Gordana Jankoska, Antimicrobial activities of some traditional natural oil extracts, Proceedings of the seventh conference on medicinal and aromatic plants of Southeast European countries, Subotica, 2012: 465-468 | 2,7 |
| 107 | Biljana Bauer Petrovska, Svetlana Cekovska, Vitanov Petre, Changes in biochemical composition of the beverage produced by Japanese crystals during prolonged fermentation, Proceedings of the seventh conference on medicinal and aromatic plants of Southeast European countries, Subotica, 2012: 402-406 | 2,4 |
| 108 | Biljana Bauer, Mitko Karadelev, Medicinal mushrooms and therapy: translating a traditional practice into western medicine, Proceedings of the 8th conference on medicinal and aromatic plants of Southeast European countries, Durres, 2014: 67-75 | 2,7 |
| 109 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, Use of St John's Wort through the ages, Proceedings of the 8th conference on medicinal and aromatic plants of Southeast European countries, Durres, 2014: 76-82 | 2,7 |
| 110 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, The content of saturated, monounsaturated and polyunsaturated fatty acids in the seeds of different canola varietes, Proceedings of the 8th conference on medicinal and aromatic plants of Southeast European countries, Durres, 2014: 176-181 | 2,7 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат | |
| | - усна презентација | |
| 111 | Биљана Бауер, Придонесот на семејството Бауер за развој на фармацијата во Македонија, IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април, 2013, Скопје, Р Македонија | 1 |
| 112 | Биљана Бауер, Развој на идеите за начинот на лекување низ вековите, IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април, 2013, Скопје, Р Македонија | 1 |
| 113 | Vesna Kostic, Shaban Memeti, Biljana Bauer, Fatty acid composition of edible oils and fats, Conference in food quality | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | and safety and hygienic engineering and design 2013- Macedonia, 19-20 September, Skopje, Republic of Macedonia, 2013, | |
| 114 | Vesna Kostic, Shaban Memeti, Biljana Bauer, Gas – chromatographic analysis of some volatile congeners in different types of strong alchocolic fruit spirits, Conference in food quality and safety and hygienic engineering and design 2013- Macedonia, 19-20 September, Skopje, Republic of Macedonia, 2013. | 1 |
| 115 | Biljana Bauer, Vesna Kostic, The Development Of Ideas Of Healing Through The Ages, Mesmap 2015, 22-25 April, Antalya, Turkey 2015. | 1 |
| 116 | Bauer Biljana, The cultivation of medicinal plants in Macedonia, International seminar: “Medical crop and modern pharmaceutical industry”, 23-25 June, 2015, St. Petersburg. | 1 |
| 117 | Bauer Biljana, The medicinal plants cultivation in Macedonia, International scientific-practical courses: “Medical crop science and modern pharmaceutical industry”, 11-12 July, 2016, St. Petersburg. | 1 |
| 118 | Demush Bajraktari, Biljana Bauer Petrovska, Environmental pollution and heavy metals, metalloids concentration and antioxidant status of medicinal plants, 6$^{th}$ International Conference of Ecosystems ICE 2016, 3-6 June Tirana, Albania, 2016. | 1 |
| | - постер | |
| 119 | Biljana Bauer Petrovska, Estimation of the protein quality of some Macedonian edible tricholomataceaeae mushrooms, 7$^{th}$ CMAPSEEC, 27-31 May, Subotica, Serbia, 2012. | 0,5 |
| 120 | Biljana Bauer Petrovska, Gordana Jankoska, Antimicrobial activities of some traditional natural oil extracts, 7$^{th}$ CMAPSEEC, 27-31 May, Subotica, Serbia, 2012. | 0,5 |
| 121 | Biljana Bauer Petrovska, Svetlana Cekovska, Vitanov Petre, Changes in biochemical composition of the beverage produced by Japanese crystals during prolonged fermentation, 7$^{th}$ CMAPSEEC, 27-31 May, Subotica, 2012. | 0,5 |
| 122 | Biljana Bauer, Vesna Kostic, Biljana Manevska, Zoran Kavrakovski, Mitko Karadelev, Accumulation of toxicological important components in mushrooms from Macedonia, | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Mesmap 2013, 17-20 April, Gazimagosa (Famagusta) Turkish Republic of Northern Cyprus, 2013. | |
| 123 | Biljana Bauer, Vesna Kostic, Biljana Manevska, Zoran Kavrakovski, Quantitative assessment of toxic trace elements in local brands of tea in Macedonia, Mesmap 2013, 17-20 April, Gazimagosa (Famagusta) Turkish Republic of Northern Cyprus, 2013. | 0,5 |
| 124 | **Biljana Bauer, Zoran Kavrakovski, Vesna Kostik, *Phytolacca americana* L.: An ethnopharmacological and toxicological review, International conference on natural products utilization: from plants to pharmacy shelf (INCPU 2013), 3-6 November, Bansko, Bulgaria.** | 0,5 |
| 125 | Biljana Bauer, Zoran Kavrakovski, Vesna Kostik, An ethnopharmacological and toxicological review of *Ecballium elaterium* (L.) A. Rich., International conference on natural products utilization: from plants to pharmacy shelf (INCPU 2013), 3-6 November, Bansko, Bulgaria. | 0,5 |
| 126 | Biljana Bauer, Mitko Karadelev, Medicinal mushrooms and therapy: translating a traditional practice into western medicine, 8$^{th}$ Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 19-22 May, Durres, Albania. | 0,5 |
| 127 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, Use of St John's Wort through the ages, 8$^{th}$ Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 19-22 May, Durres, Albania. | 0,5 |
| 128 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, The content of saturated, monounsaturated and polyunsaturated fatty acids in the seeds of different canola varietes, 8$^{th}$ Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 19-22 May, Durres, Albania. | 0,5 |
| 129 | Vesna Kostik, Boban Gorgievski, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Biljana Bauer, Occurrence of aflatoxines in raw peanuts and peanut products determined by fluorometry and liquid chromatography with fluorescence detection, 7$^{th}$ European Congress on Food, 21-24 May, Ohrid, Macedonia 2014. | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 130 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Chemical composition of essential oils of wild-growing *Mentha piperita* L and *Mentha spicata* L from the Mariovo region, Republic of Macedonia, Mesmap 2015, 22-25 April, Antalya, Turkey 2015. | 0,5 |
| 131 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Antifungal activity of the essential oils of wild-growing *Mentha piperita* L and *Mentha spicata* L from the Mariovo region, Republic of Macedonia, Mesmap 2015, 22-25 April, Antalya, Turkey 2015. | 0,5 |
| 132 | Bauer Biljana, Vesna Kostik, Zoran Kavrakovski, Marijuna once and today, II congress of pharmacists of Montenegro with the international participation, 28-31 may, Budva, Montenegro. | 0,5 |
| 133 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Bioactive compounds of *Rosa canina* L. biotypes from spontaneous flora of Republic of Macedonia, 2$^{nd}$ International conference bon natural products utilization: From plants to pharmacy shelf, 14-17 October, Plovdiv, Bulgaria 2015. | 0,5 |
| 134 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Presence of pesticide residues in different types of fruits and vegetables originated from the Republic of Macedonia, 2$^{nd}$ International conference bon natural products utilization: From plants to pharmacy shelf, 14-17 October, Plovdiv, Bulgaria 2015. | 0,5 |
| 135 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Impact of macro-environmental conditions during the storage of medicinal plants on the content of aflatoxins, 9$^{th}$ Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 26-229 May, Plovdiv, Bulgaria 2016. | 0,5 |
| 136 | Bauer Biljana, Kostik Vesna, Cekovska Svetlana, Kavrakovski Zoran, Cannabis history and timeline, Sixth Congress of Pharmacyin Macedonia with International participation, 1-5 June, Ohrid, 2016. | 0,5 |
| 137 | Elena Trajkoska Bojadziska, Jana Simonovska, Olga Popovska, Zeljko Knez, Zoran Kavrakovski, Biljana Bauer, Vesna Rafajlovska, Development of nanoemulsion formulations of wild oregano essential oil using low energy methods, Sixth Congress of Pharmacy in Macedonia with International participation, 62 (suppl) 397-398 | 0,5 |
| | Апстракти објавени во зборник на конференција | |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | -меѓународна | |
| 138 | Biljana Bauer Petrovska, Estimation of the protein quality of some Macedonian edible *Tricholomataceaeae* mushrooms, 7th CMAPSEEC, 27-31 May, Subotica, Serbia, 2012 | 1 |
| 139 | Biljana Bauer Petrovska, Gordana Jankoska, Antimicrobial activities of some traditional natural oil extracts, 7th CMAPSEEC, 27-31 May, Subotica, Serbia, 2012 | 1 |
| 140 | Biljana Bauer Petrovska, Svetlana Cekovska, Vitanov Petre, Changes in biochemical composition of the beverage produced by Japanese crystals during prolonged fermentation, 7th CMAPSEEC, 27-31 May, Subotica, 2012 | 1 |
| 141 | Biljana Bauer, Vesna Kostic, Biljana Manevska, Zoran Kavrakovski, Mitko Karadelev, Accumulation of toxicological important components in mushrooms from Macedonia, Mesmap 2013, 17-20 April, Gazimagosa (Famagusta) Turkish Republic of Northern Cyprus, 2013 | 1 |
| 142 | Biljana Bauer, Vesna Kostic, Biljana Manevska, Zoran Kavrakovski, Quantitative assessment of toxic trace elements in local brands of tea in Macedonia, Mesmap 2013, 17-20 April, Gazimagosa (Famagusta) Turkish Republic of Northern Cyprus, 2013 | 1 |
| 143 | Билјана Бауер, Придонесот на семејството Бауер за развој на Фармацијата во Македонија, IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април, 2013, Скопје, Р Македонија. | 1 |
| 144 | Билјана Бауер, Развој на идеите за начинот на лекување низ вековите, IV македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 18-19 април, 2013, Скопје, Р Македонија. | 1 |
| 145 | Vesna Kostic, Shaban Memeti, Biljana Bauer, Fatty acid composition of edible oils and fats, Conference in food quality and safety and hygienic engineering and design 2013-Macedonia, 19-20 September, Skopje, Republic of Macedonia, 2013. | 1 |
| 146 | Vesna Kostic, Shaban Memeti, Biljana Bauer, Gas – chromatographic analysis of some volatile congeners in different types of strong alchocolic fruit spirits, Conference in food quality and safety and hygienic engineering and design | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | 2013- Macedonia, 19-20 September, Skopje, Republic of Macedonia, 2013. | |
| 147 | **Biljana Bauer, Zoran Kavrakovski, Vesna Kostik, *Phytolacca americana* L.: An ethnopharmacological and toxicological review, International conference on natural products utilization: from plants to pharmacy shelf (INCPU 2013), 3-6 November, Bansko, Bulgaria.** | 1 |
| 148 | Biljana Bauer, Zoran Kavrakovski, Vesna Kostik, An ethnopharmacological and toxicological review of *Ecballium elaterium* (L.) A. Rich., International conference on natural products utilization: from plants to pharmacy shelf (INCPU 2013), 3-6 November, Bansko, Bulgaria. | 1 |
| 149 | Biljana Bauer, Mitko Karadelev, Medicinal mushrooms and therapy: translating a traditional practice into western medicine, 8$^{th}$ Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 19-22 May, Durres, Albania. | 1 |
| 150 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, Use of St John's Wort through the ages, 8$^{th}$ Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 19-22 May, Durres, Albania. | 1 |
| 151 | Biljana Bauer, Vesna Kostik, The content of saturated, monounsaturated and polyunsaturated fatty acids in the seeds of different canola varietes, 8$^{th}$ Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 19-22 May, Durres, Albania. | 1 |
| 152 | Vesna Kostik, Boban Gorgievski, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Biljana Bauer, Occurrence of aflatoxines in raw peanuts and peanut products determined by fluorometry and liquid chromatography with fluorescence detection, 7$^{th}$ European Congress on Food, 21-24 May, Ohrid, Macedonia 2014. | 1 |
| 153 | Biljana Bauer, Vesna Kostic, The Development Of Ideas Of Healing Through The Ages, Mesmap 2015, 22-25 April, Antalya, Turkey 2015. | 1 |
| 154 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Chemical composition of essential oils of wild-growing *Mentha piperita* L and *Mentha spicata* L | 1 |

| **Ред. број** | **Назив на активноста (научноистражувачка):** | **Поени** |
|---|---|---|
| | from the Mariovo region, Republic of Macedonia, Mesmap 2015, 22-25 April, Antalya, Turkey 2015. | |
| 155 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Antifungal activity of the essential oils of wild-growing *Mentha piperita* L and *Mentha spicata* L from the Mariovo region, Republic of Macedonia, Mesmap 2015, 22-25 April, Antalya, Turkey 2015. | 1 |
| 156 | Bauer Biljana, Vesna Kostik, Zoran Kavrakovski, Marijuna once and today, II congress of pharmacists of Montenegro with the international participation, 28-31 may, Budva, Montenegro 2015. | 1 |
| 157 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Bioactive compounds of *Rosa canina* L. biotypes from spontaneous flora of Republic of Macedonia, 2nd International conference bon natural products utilization: From plants to pharmacy shelf, 14-17 October, Plovdiv, Bulgaria 2015. | 1 |
| 158 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Presence of pesticide residues in different types of fruits and vegetables originated from the Republic of Macedonia, 2nd International conference bon natural products utilization: From plants to pharmacy shelf, 14-17 October, Plovdiv, Bulgaria 2015. | 1 |
| 159 | Kostik Vesna, Bauer Biljana, Impact of macro-environmental conditions during the storage of medicinal plants on the content of aflatoxins, 9th Conference on Medicinal and Aromatic Plants of Southeast European Countries CMAPSEEC, 26-29 May, Plovdiv, Bulgaria 2016. | 1 |
| 160 | Bauer Biljana, Kostik Vesna, Cekovska Svetlana, Kavrakovski Zoran, Cannabis history and timeline, Sixth Congress of Pharmacy in Macedonia with International participation, 1-5 June, Ohrid, 2016. | 1 |
| 161 | Elena Trajkoska Bojadziska, Jana Simonovska, Olga Popovska, Zeljko Knez, Zoran Kavrakovski, Biljana Bauer, Vesna Rafajlovska, Development of nanoemulsion formulations of wild oregano essential oil using low energy methods, Sixth Congress of Pharmacy in Macedonia with International participation, 62 (suppl) 397-398. | 1 |
| 162 | Demush Bajraktari, Biljana Bauer Petrovska, Environmental pollution and heavy metals, metalloids concentration and antioxidant status of medicinal plants, 6th International | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Conference of Ecosystems ICE 2016, 3-6 June Tirana, Albania, 2016. | |
| | **(20) Вкупно** | 134,8 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Основен школски или средношколски учебник | |
| 163 | автор | 7 |
| 164 | коавтор | 6 |
| | Експертски активности на евалуација, стручна ревизија, супервизија | |
| 165 | Рецензент на научни проекти за Министерство за наука (4) | 4 |
| 166 | Рецензент за 13 списанија (Journal of Natural Pharmaceuticals, Macedonian Journal od Medical Sciences, International Journal of medicine and public health, Current trends in biotechnology and Pharmacy, Journal of Agricultural and food chemistry, Journal of Integrative medicine, Journal of Etnopharmacology, Jornal of Pharmacy and pharmaceutical sciences, Food chemistry, ACS Publications, Македонски фармацевтски билтен, Industrial Crops and Products, Journal of Medicinal Food) | 13 |
| 167 | Рецензент на зборник на трудови од научен/стручен собир (7th Amapseec 2012, 8th Amapseec 2014) | 2 |
| 168 | Рецензент на книга: „Лековити билки за лекување на органите за дишење“ од Петар Мојсоски | 1 |
| | Учество во работа на комисии за државни натпревари | |
| 169 | Признание за учество на 50-Јубилеен државен натпревар на младите истражувачи од Република Македонија на оценувачка комисија Билјана Бауер во областа фармација, Скопје 2014 | 1 |
| 170 | Признание за учество на 52-Државен натпревар на младите истражувачи од Република Македонија на | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
| --- | --- | --- |
| | оценувачка комисија Билјана Бауер во областа фармакологија, Скопје, 2016 | |
| | превод | |
| 171 | -дел од книга: Принципи и практика на радиолошката онкологија | 1 |
| 172 | Член во комисија за професионални и стручни прашања, работно тело на Фармацевтската комора на Македонија, 11.9.2012 година | 4 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание | |
| 173 | Македонски фармацевтски билтен | 1 |
| | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | |
| 174 | 6 мфд 2016, 7th Amapseec 2012, 8th Amapseec 2014. | 3 |
| | Член на факултетска комисија (2) | |
| 175 | Конкурска комисија за учебната 2012/2013 | 0,5 |
| 176 | Комисија за еквиваленција на студиски програми како помошно тело на Наставно-научниот совет, 13.11.2013 година | 0,5 |
| | Член на Комисија за избор во звање | |
| 177 | Член на Комисија за избор на наставник во сите звања за научната област аналитика на лекови, Решение бр. 2502-101/37 од 20. 05. 2013 | 0,2 |
| 178 | Член на Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областите фармацевтска ботаника и фармакогнозија, Решение бр. 02-356/5 од 22. 6. 2015 | 0,2 |
| 179 | Член на Комисија за избор на наставник во областите фармакогнозија и фармацевтска ботаника, Решение бр. 02-231/3 од 21. 4. 2016 | 0,2 |
| | Учество во Комисии и тела на државни и други органи | |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 180 | Член на Комисија за лекови за хумана употреба, Решение бр. 02-7437/1 од 10. 9. 2015 | 1 |
| 181 | Член на Комисија за лекови за хумана употреба, Решение бр. 07-12493/1 од 17. 12. 2014 | 1 |
| 182 | Член на Комисија за лекови за оценување на исполнување на условите во однос на просторот, опремата и кадарот за добивање на одобрение за одгледување на коноп, Решение бр. 19-622/1 од 4. 10. 2016 | 1 |
| 183 | Испитувач за спроведување на пробна работа и стручниот испит на фармацевтите со завршено високо образование | 1 |
| | **Вкупно** | 49,6 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 244,6176 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 134,8 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 49,6 |
| **Вкупно** | 429,0176 |

**Членови на Комисијата**

Проф д-р Светлана Кулеванова, с.р.

Проф д-р Александар Димовски, с.р.

Проф д-р Митко Караделев, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЕОПОЛИТИЧКО ЗНАЧЕЊЕ И ЗАШТИТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ“ ОД М-Р БОРЧЕ ЧАМИНСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.9.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Борче Чамински со наслов „Геополитичко значење и заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани“, во состав: проф. д-р Митко Котовчевски (претседател), проф. д-р Тони Милески (ментор), проф. д-р Синиша Даскаловски (член), проф. д-р Лидија Георгиева (член) и проф. д-р Томе Батковски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Борче Чамински, со наслов „Геополитичко значење и заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани“, содржи 249 страници компјутерски обработен текст со фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 198 фусноти, 145 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека ширењето на глобалниот тероризам, организираниот криминал и можностите на се′ поактуелниот „сајбер- тероризам“ добиваат карактер на глобални безбедносни ризици, а критичната инфраструктура станува нивна потенцијална цел. Потребата од едно вакво продлабочено проучување, произлегува од фактот што геополитичкото значење и заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани претставува проблем кој на национално ниво не е доволно истражен. Основните цели, при спроведувањето на истражувањето, се стекнување конкретни сознанија за улогата на геополитиката и неодложната потреба од дефинирање на институциналните форми за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од сериозните ефекти на асиметричните закани. По целите следуваат хипотезите на истражувањето (една општа и пет посебни хипотези), според кои се постулира дека „зголеменото влијание на геополитичките детерминанти и реалниот ризик од асиметричните закани придонесоа за

воочување на потребата од дефинирање на ефективна стратегија за заштита на енергетската инфраструктура, како еден од столбовите на националната безбедност". На крајот од воведот се потенцирани методологијата, начинот на реализацијата и значењето на истражувањето.

Во **првата глава** од дисертацијата се елаборира енергетската инфраструктура на Република Македонија. Во неа се опишани шесте сектори на енергетската инфраструктура на Република Македонија: секторот за јаглен, електроенергетскиот сектор, секторот за нафта и нафтени продукти, секторот за природен гас, секторот за производство на топлина и секторот за обновливи извори на енергија. Покрај деталниот опис на секој сектор одделно, во оваа точка е утврдена актуелната состојба и капацитетот на енергетската инфраструктура од аспект на задоволувањето на реалните енергетски потреби на Република Македонија.

**Втората глава** од дисертацијата носи наслов „Концепт на геополитика и асиметрични закани". Во првиот дел е направена теоретска анализа на концептот на геополитиката од аспект на нејзиниот историски и дискурзивен контекст на употреба, започнувајќи од периодот на империјализмот, преку периодот на Студената војна, па сѐ до денес. Нагласувајќи го синтетичкиот карактер на геополитиката и нејзините допирни точки со останатите општествени науки – пред се со географијата - во првата потточка е извршено дефинирање на концептот на геополитиката и анализирана е етимологијата на геополитиката. Од анализата на наведените дефиниции, кои потекнуваат од интелектуалци активни во различни временски периоди, м-р Чамински констатира дека геополитиката во современиот свет е начин на перцепција на светот, односно претставува наука за начинот на кој треба да се владее.

Во вториот дел од втората глава се разработува концептот на асиметричните закани. Во неа, асиметричните закани се разгледуваат како американски концепт кој ги дефинира современите безбедносни закани во меѓународните односи. Посебно внимание во оваа точка е посветено на проблемот кој се јавува од аспект на тешкотиите при дефинирањето, отколку при идентификувањето на асиметричните закани. Во тој контекст, преку сфаќањето на поимот симетрија - како едно од основните начела на математиката и физиката, како и неговото различно јазично значење и толкување од страна на научната и политичката заедница, анализирани се повеќе дефиниции. Генерално, под поимот асиметрични закани се подразбира сето она што послабата страна го чини во обидот да ја победи посилната страна, со цел да ја ослабат решителноста и способноста на современите држави за ефективна употреба на нивните конвенционални воени сили. Како резултат на аморфниот карактер на асиметричните закани и состојбата во безбедносното опкружување надмоќни, врз основа на теоријата за типологизација на заканите на Чарлс Примерман, е изведена следната оперативна дефиниција кој обезбедува поедноставно разбирање на асиметричните закани: „Асиметричните закани се променливи, нетрадиционални и насилни методи на непријателско дејство преземени од држава или недржавен ентитет против слабите точки на безбедносните системи и критичната инфраструктура на западните земји и нивните сојузници, со цел постигнување на конкретни политички, религиозни или идеолошки цели,

со употреба на неконвенционално оружје и тактики кои предизвикуваат сериозни безбедносни, политички и економски последици“.

Во **третата глава** се разработуваат геополитичките аспекти на енергетската инфраструктура на Република Македонија низ призмата на историско-еволутивен, структурно-дискриптивен, емпириско-аналитички и компаративен приказ. Дефинирана како „адекватно, достапно и сигурно снабдување со енергија“, во првата потточка се прикажува еволуцијата, економските и безбедносните аспекти на енергетската безбедност, започнувајќи од седумдесеттите години на XX век па се до денес кога е развиен т.н. современ концепт на енергетската безбедност. Притоа, заштитата на енергетската инфраструктура на Република Македонија е потенцирана како еден од основните услови за одржување на енергетската безбедност. Со цел согледување на геополитичкото значење на енергетската инфраструктура на Република Македонија, во оваа глава е извршена компаративна анализа на енергетските биланси на ЕУ и Република Македонија. Меѓу другото, прикажани се и одредени алтернативи за развој на енергетската инфраструктура кои се во контекст на стратегиските определби на земјата. Според изнесеното, доследното почитување на Европската енергетска политика – поддржано со сериозни инвестиции во енергетскиот сектор - претставува едно од клучните решенија за развој на енергетската инфраструктура на Република Македонија и осигурување на нејзината енергетска безбедност.

Во **четвртата глава** од дисертацијата се прикажани глобалните промени во геополитиката на енергетските ресурси кои се случија кон крајот на првата и почетокот на втората деценија на XXI век. Клучните геополитички настани (подемот на Русија и зајакнувањето на нејзиното влијание во Европа преку енергетската политика, економскиот развој на Кина и Индија како и новата улога на САД како еден од клучните фактори на меѓународниот енергетски пазар), се анализирани како примери кои укажуваат на фактот дека енергијата е основниот елемент на националната моќ, способен да го промени геополитичкиот пејзаж на Европа, особено на Балканскиот Полуостров, кој стана главен енергетски јазол на ЕУ во кој се судираат геостратегиските интереси на западните сојузници предводени од САД, од една, и Русија и Кина, од друга страна. За опишување на оваа ситуација се употребува терминот „Нова студена војна“, употребен од страна на Ричард Саква во функција на појаснување на приодот, односно стратегијата на руската надворешна политика во контекст на приближување кон Западот, притоа без да бидат доведени во прашање националните интереси на двете страни. Посебен акцент во оваа точка е ставен на новата геополитичка улога и геостратегиска положба на Република Македонија во Европа, подеднакво важна за реализација на стратегиските енергетски проекти поддржани од клучните актери и нивните сојузници во „Новата студена војна“. Во тој контекст се разгледани повеќе геополитички ризици и предизвици за Република Македонија, започнувајќи од загрозување на суверенитетот и епилог сличен на украинската криза, до целосно политичко обединување и насочување на целокупниот дипломатски капацитет во насока на забрзување на интеграцијата во евроатлантските структури.

Во **петтата глава** се елаборирани асиметричните закани по безбедноста на енергетската инфраструктура на Република Македонија.

Во првата потточка, насловена како Историски преглед на терористичките напади на енергетската инфраструктура, извршена е компаративна анализа на две јавно достапни бази (Национален конзорциум за проучување на тероризмот и одговори/The National Consortium of the Study of Terrorism and Responses to Terrorism и База за напади на енергетска инфраструктура/Energy Infrastructure Attack Database), кои содржат податоци за асиметрични напади врз глобалната енергетска инфраструктура. Во продолжение е прикажан енергетскиот тероризам, кој, покрај нападите на енергетските капацитети и нивниот персонал, вклучува и разни илегални активности преземени против или во врска со енергетската инфраструктура (кражби од нафтоводи и гасоводи, изнудување на финансиски средства со закана за оштетување на инфраструктурата и сл.). Освен потенцијалот на современите безбедносни закани да предизвикаат значителни финансиски, материјални и човечки загуби, во оваа глава е даден приказ на разузнавањето во функција на превенирање на асиметричните закани по безбедноста на енергетската инфраструктура на Република Македонија.

Во **шестата глава** насловена како „Правни регулативи за заштита на енергетската инфраструктура од асиметрични закани," преку компаративна анализа и анализа на содржината, разработени се правните норми за заштита на енергетската инфраструктура на ЕУ, Германија и Република Македонија, улогата на НАТО во безбедноста на енергетската инфраструктура и целите на националните стратегии за заштита на критичните инфраструктури на современите демократски држави.

Во првиот дел од шестата глава се прикажува историјата и еволуцијата на правната регулатива за заштита на енергетската инфраструктура на ЕУ, започнувајќи со Европската стратегија за одржлива, конкурентна и безбедна енергија и Европската програма за заштита на критичната инфраструктура од 2006 година, па се до Ревизијата на Директивата на Советот на ЕУ за одредување и означување на европската критична инфраструктура од 2012 година и Работниот документ за новиот пристап кон Европската програма за заштита на критичната инфраструктура правејќи ја европската критична инфраструктура побезбедна од 2013 година. На сличен начин, во продолжение се прикажува историјата и еволуцијата на правната регулатива за заштита на енергетската инфраструктура на СР Германија, како дел од критичната инфраструктура која има најголемо значење за економската и развојната политика на земјата. Понатаму е даден приказ на улогата на НАТО во безбедноста на енергетската инфраструктура, започнувајќи од стратегискиот концепт на НАТО од 1999 година, кој нарушувањата на протокот на виталните ресурси ги дефинира како потенцијална безбедносна закана по интересите на Алијансата, па се′ до Самитот во Лисабон во 2010 година, кога беа потврдени принципите и клучните области за инволвирање на Алијансата, претходно дефинирани на Самитот во Букурешт во 2008 година. Во оваа глава се идентификувани и споредени целите на националните стратегии за заштита од критичната инфраструктура дефинирани во официјалните регулативи на САД, Канада, Австралија, Велика Британија, Норвешка, Шведска, Холандија и на веќе анализираната правна регулатива на Германија. При тоа е констати-

рано дека постојат цели за заштита на критичната инфраструктура, дефинирани на три хиерархиски нивоа. Во продолжение следува приказ на актуелната правна регулатива за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија, која за разлика од претходно анализираните регулативи е децентрализирана и се карактеризира со големи недостатоци и предизвици кои, пред се′, произлегуваат од сè уште недефинираната критична инфраструктура и недостатокот од соодветна стратегија за нејзина заштита.

Во **седмата глава,** насловена како „Ефективна стратегија за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија,“ се прикажани релевантните законски и подзаконски акти кои делумно ја регулираат безбедноста на енергетската инфраструктура како национален безбедносен проблем за кој државниот и приватниот сектор имаат подеднакво важна одговорност и законски обврски. Во тој контекст, иако во согласност со искуствата на современите демократски држави, во првиот дел од оваа глава е извршена анализа на содржината на правните норми и недостатоци за донесување на Стратегија за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија (Стратегија за одбрана на Република Македонија, Закон за енергетика, Закон за управување со кризи и Закон за заштита и спасување), преку кои се утврдени клучните правни недостатоци, на кои Република Македонија во иднина ќе треба да ги насочи напорите во функција на креирање поволни услови за донесување на ефективна стратегија за заштита на енергетската инфраструктура. Во продолжението на седмата глава илустрирани се елементите на Националната стратегија за заштита на енергетската инфраструктура, базирани на современиот концепт за заштита на енергетската инфраструктура, како интегрален дел од националните стратегии за заштита на критичната инфраструктура. Како дополнување на тоа, е прикажан моделот кој се предлага како основа за изработка и донесување на централизирана Стратегијата за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија, изработен согласно принципот „од горе кон долу“ и со дефинирани цели за заштита поставени на највисоко стратегиско ниво кои ја нагласуваат улогата на енергетската инфраструктура како еден од столбовите на националната безбедност на Република Македонија.

Во **осмата глава** насловена како „Перцепција на геополитичкото значење и безбедноста на енергетската инфраструктура на Република Македонија“ се презентирани обработените податоци и заклучоци добиени од реализираната анкета за перцепцијата на студентите и вработените во неколку институции од системот (најголемиот дел од системот за национална безбедност) за геополитичкото значење и заштитата на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани.

Во **заклучните согледувања** од докторската дисертација, најнапред се изложува една ретроспектива на енергетската инфраструктура на Република Македонија која директно ја засега енергетската безбедност на државата, а потоа се прикажува значењето на фактот дека националната енергетска инфраструктура (за разлика од критичната) е прецизно дефинирана, што претставува основниот чекор во процесот на регулирање на нејзината безбедност. Во продолжение, со конкретната претстава на концептите на геополитиката и асиметричните

закани, креирани се услови кои ја поставија основата за една поопширна анализа на еволуцијата на геополитичките влијанија врз националната, во корелација со регионалната и глобалната енергетска инфраструктура. Во таа насока се констатира дека енергијата и понатаму е еден од основните елементи на националната моќ на енергетски стабилните земји, способен да влијае на економската и безбедносната состојба на која било енергетски зависна земја, вклучувајќи ја и Република Македонија. Тоа подразбира дека геополитичките промени имаат значително влијание врз глобалната, регионалната и националната енергетска безбедност. Понатаму се прикажани заклучоците од анализата на влијанието на асиметричните закани врз безбедноста на националната енергетска инфраструктура. Иако веројатноста од загрозување на енергетската инфраструктура на Република Македонија не е на високо ниво, сепак се издвоени неколку конкретни индикатори кои укажуваат дека ризикот не само што постои, туку тој сè повеќе и повеќе се зголемува. Од нив е констатирано дека секоја закана од терористички напад на глобалната и регионалната енергетската инфраструктура во никој случај не смее да се игнорира, ниту да биде предмет на претерана и неконтролирана реакција, туку треба да биде приоритетен безбедносен проблем на системот за национална безбедност, особено на разузнавачко-безбедносните служби, согласно со мерките кои ги презема ЕУ и нејзините земји членки. Тоа значи дека асиметричните закани кон енергетската инфраструктура претставуваат сериозен безбедносен ризик и предизвик за националната безбедност.

Во продолжение се прикажани заклучоците од анализата на правните регулативи за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија и дел од земјите членки на ЕУ и НАТО, според кои тие ја претставуваат основата за ефикасна заштита на глобалната, регионалната и националната енергетска инфраструктура. Како надополнување на оваа констатација, детерминирани се следниве параметри за дефинирање и изработка на ефективна стратегија за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија: 1) прецизно дефинирање на критичната инфраструктура; 2) одредување на критичните објекти од енергетскиот сектор; 3) создавање национална и централизирана рамка за соработка; 4) прецизно дефинирање и спроведување на превентино-безбедносните стандарди и методи од страна на инволвираните институции од државниот и приватниот сектор. Врз основа на нив, изработен е соодветен модел на стратегија, според кој енергетската инфраструктура е еден од столбовите на националната безбедност на Република Македонија.

**Предмет на истражување**

Предметот на истражување во докторската дисертација тргнува од констатациите дека ЕУ претставува најголемиот увозник на енергија и втор најголем потрошувач на енергија на глобално ниво. Следејќи го трендот на зголемената потрошувачка, се проценува дека за период од 30 години, околу 70% од потребната енергија на ЕУ би била од увоз. Зависноста на европските земји од фосилните горива, чии најголеми резерви ги поседуваат земјите од Блискиот Исток, Русија и поранешните советски републики, претставува сериозен проблем за енергетската безбедност на целиот регион. Ако се земе предвид фактот дека станува збор

за земји и региони кои се одликуваат со политичко-безбедносна нестабилност, неминовно е да се констатира дека енергетската безбедност на европските земји е зависна од геостратегиските цели, националните интереси и безбедноста на енергетската инфраструктура на земјите извори на енергетски ресурси.

Како дел од Европа и аспирант за целосна интеграција во ЕУ и НАТО, Република Македонија се соочува со истиот проблем. Нејзиниот енергетски потенцијал, кој се темели на јагленот и водениот потенцијал, не обезбедува доволно енергија која би ги задоволила реалните побарувања. Потребата од увоз на дополнителна електрична енергија и фосилни горива ја чини енергетската безбедност зависна од регионалната енергетска инфраструктура која поминува преку териториите на соседните земји. Дополнително, евроатлантските аспирации и активното воено учество во мировните операции во Ирак и Авганистан ја чинат земјата потенцијална цел на одмазнички терористички напади.

Токму од тие причини, кандидатот Чамински сугерира дека предмет на ова истражување ќе биде геополитичкиот фактор и асиметричните закани од аспект на безбедноста на енергетската инфраструктура на Република Македонија.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација**

Геополитичкото значење и заштитата на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани претставува тема која на национално ниво не е целосно истражена. Како дел од глобалниот проблем наречен „енергетска безбедност“, темата е опфатена во делата: „Енергетска безбедност идеи од Азија и Европа“, од Антонио Маркина, „Предизвици на енергетската безбедност за 21 век“, од Гал Луфт и Ан Корин и „Енергетска безбедност“, од проф. д-р Тони Милески. Заклучоците на наведените дела укажуваат на неминовното влијание на геополитичките турбуленции врз енергетската безбедност во светски рамки. Меѓу другото, тероризмот е истакнат како еден од најголемите безбедносни ризици и предизвици од аспект на безбедноста на националната и регионалната енергетска инфраструктура, а економските последици и нивното влијание врз националната и регионалната безбедност го претставуваат главниот фокус на наведените дела.

Особено карактеристично е тоа што и наведените дела, решенијата на проблемот го гледаат низ призмата на теоретската рамка на регионалната безбедност, со акцент на унапредувањето на регионалната соработка, либерализацијата на енергетскиот пазар и заедничкиот (теоретски и институционален) пристап при справувањето со заканите по безбедноста на енергетската инфраструктура. Во наведените дела, кои претставуваат основниот репер за предметното истражување, не се целосно опфатени причинско-последичните односи на геополитичките влијанија, асиметричните закани и нивните последици при евентуално загрозување на безбедноста на енергетската инфраструктура. Исто така, недостасуваат конкретни мерки за заштита и актери, односно соодветни стратегии кои би одговориле на ризиците и заканите во функција на заштитата на енергетската инфраструктура како гарант за економската стабилност и националната безбедност.

**Краток опис на применетите методи**

Индукцијата и дедукцијата се основните методолошки постапки на ова истражување, додека како посебни методи се употребени и методите на анализа на содржината, дескрипција и компаративниот метод. Анализата на содржината и дескрипцијата се применети при анализа на официјалните документи и правни акти наведени во библиографијата, додека преку дедуктивно-индуктивниот метод се извлекуваат научни докази за влијанието на геополитиката и асиметричните закани врз безбедноста на енергетската инфраструктура, за на крајот, преку компаративно-индуктивниот метод на проучување на правните регулативи, да се дојде до научен заклучок кој ја потврдува општата хипотеза. Емпирискиот дел од дисертацијата се базира на анализа на резултати добиени по спроведен анкетен прашалник за конкретната проблематика.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Врз основа на анализата на добиените одговори од спроведеното емпририско истражување, м-р Чамински констатира дека за разлика од останатите институции, интересот, степенот на соработка и, пред се′, професионалноста, предничеа кај студентите од Институтот за безбедност, одбрана и мир, како и вработените во ЦУК. Притоа, констатирана е незаинтересираност за соработка на останатите институции кои дадоа симболичен придонес во истражувањето (МО, МВР, АЕРМ и ДЗС). Што се однесува до операторите од енергетскиот сектор кои беа дел од целната група (МЕПСО и ЕЛЕМ), не беше добиен ниту еден одговор на електронскиот прашалник. Овој податок оди во прилог на изведените заклучоци дека од аспект на безбедноста на енергетската инфраструктура, беше констатиран недостатокот од соработка и координација на енергетските оператори со институциите од системот за безбедност на Република Македонија. Исто така, воочено е дека енергетските оператори не ги земаат предвид во доволна мера потенцијалните асиметрични закани за енергетската инфраструктура.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Борче Чамински, со наслов „Геополитичко значење и заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани“ претставува истражување во научното подрачјето на општествени науки, поконкретно во областите интегрална безбедност и геополитика. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел стекнување конкретни сознанија за улогата на геополитиката и неодложната потреба од дефинирање на институционалните форми за заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од катастрофалните ефекти на асиметричните закани. Се очекува оваа дисертација да даде своевиден научен придонес во разјаснувањето на феномените поврзани со енергетскиот систем, геополитиката и асиметрилните закани, како и да понуди можен модел за креирање сеопфатна стратегија за заштита на критичната енергетска инфраструктура.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автор: Global Changes in Geopolitics of Energy Resources, Risk and Challenges for the Republic of Macedonia. Contemporary Macedonian Defense / Sovremena Makedonska Odbrana, Vol.XV, No.29, December 2015, ISSN 1409-8199 (p. 37);

[2]. Автор: The Militant Islamist Ideology as a Threat to the National Security of the Republic of Macedonia. KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V11/1, 2015, ISSN 1857-92 (p. 123).

**Заклучок и предлог**

Главните научни придонеси на кандидатот се однесуваат на пионерските обиди, преку научна методолошка рамка, да се истражува проблематика која е поврзана со геополитичкото значење на критичната инфраструктура во Република Македонија и нејзината заштита од асиметрични закани.

Како подрачја на примена на добиените резултати првенствено можат да се апострофираат безбедносната сфера и електроенергетскиот систем на државата. Евентуалните ограничувања на примена на добиените резултати можат да бидат рефлексија од воочената празнина во поглед на комуникацијата, координацијата и соработката помеѓу безебедносните институции во државата и конкретните институции од сферата на енергетиката во Република Македонија. Сепак, детектираните проблеми претставуваат позитивен исчекор во нивното.

Можните понатамошни истражувања можат да бидат насочени кон сеопфатно дефинирање на критичната инфраструктура во Република Македонија и изнаоѓањето на ефективни стратегии и модели за нивна заштита.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Борче Чамински со наслов „Геополитичко значење и заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани“.

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Митко Котовчевски, претседател с.р.

2. Проф. д-р Тони Милески, ментор с.р.

3. Проф. д-р Синиша Даскаловски, член с.р.

4. Проф. д-р Лидија Георгиева, член с.р.

5. Проф. д-р Томе Батковски, член с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА СОБРАНИЕТО ВО КОНТРОЛА И НАДЗОР НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р СЕВИЉ МУАРЕМОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Врз основа на членОВИТЕ 61 и 62 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии докторски студии на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Унив. гласник бр.245, 2 мај 2013 г.), а по предлог на Советот на студиската програма за трет циклус докторски студии по безбедност, одбрана и мир и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXIX редовна седница одржана на 31. X 2016 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оценка на докторската дисертација под наслов: „Улогата на Собранието во контрола и надзор на безбедносниот сектор на Република Македонија", поднесена од м-р Севиљ Муаремоска пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир и формира Комисија во состав: проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Билјана Ванковска и проф. д-р Ќебир Авзиу. Комисијата го разгледа трудот и заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Опис на трудот*

Докторската дисертација со наслов: „Улогата на Собранието во контрола и надзор на безбедносниот сектор на Република Македонија", на м-р Севиљ Муаремоска, изложен е на вкупно 310 страници. Интегралниот текст на дисертацијата содржи вовед, седум засебни глави со повеќе поднаслови кои произлегуваат едни од други и меѓусебно се надополнуваат, заклучоци и преглед на релевантна литература (книги,

трудови во списанија, годишници, зборници и др, правни извори и елекронска база на податоци), главно на англиски и на македонски јазик. Основните делови на трудот се со следниве наслови: (1) Методолошка рамка; (2) Безбедносен сектор; (3) Механизми за контрола на безбедносниот сектор; (4) Институционални и формални претпоставки за вршење на парламентарна контрола; (5) Безбедносен сектор на Република Македонија; (6) Парламентарна контрола и надзор на безбедносниот сектор – институционални и формални претпоставки за вршење парламентарна контрола во Република Македонија; (7) Резултати од истражувањето за улогата на Собранието во контрола и надзор на безбедносниот сектор на Република Македонија.

Докторската дисертација претставува сложен и обемен научен труд темелен на широко разработена теориска рамка на истражување на безбедносниот сектор и парламентарната контрола и надзор на безбедносниот сектор во Р Македонија, поткрепена со систематско собирање на факти и последователна нивна анализа кои се употребени во презентацијата на заклучоците на крајот на трудот.

При изработката на трудот докторандот се придржувал до соодветната методологија за изработка на докторска дисертација и користел јасен стил на презентација на содржината. Дисертацијата претставува самостоен научен труд преку кој кандидатката ја потврдува способноста за самостојна научна и теоретска работа. Пишувана е на јасен и разбирлив јазик, со добро структурна содржина и поткрепена со богата странска и домашна литература, релевантна за областа на проучувањето.

Структурата на трудот е избалансирана, а текстот е презентиран на концизен начин. Кандидатот со изборот на предметот на истражувањето се определил да анализира актуелен и комплексен проблем, додека теориската и практичната операционализација покажува дека успешно ја владее теориската рамка на безбедносната наука, како и концепциските релации и терминологијата која што произлегува од интердисциплинарниот пристап.

***Предмет на истражување***

Врз основа на општиот пристап на проблемот и на поставените цели на истражувањето, кандидатката м-р Севиљ Муаремоска ја даде следнаба генерална хипотеза: Спроведувањето ефикасна парламентарна контрола на безбедносниот сектор на Р Македонија е условено од соодветната примена на механизмите за контрола што му стојат на располагање на Собранието, што е своевиден предуслов за ефектуирање на барањата на демократското општество. Исто така, преку анализата направена во теоретската разработка и во изведените заклучоци, кандидатката ги потврди следниве посебни хипотези: Примената на формалните механизми за контрола и нивното значење во општиот концепт за надзор на работата на безбедносните институции има исклучително значење; Постоењето заокружена законска рамка за работата на Собранието придонесува тој да си ја остварува својата функција, што ќе значи синхронизирана активност и интензивирање на контролирачките напори на работата на безбедносниот сектор; Контролирачките улоги на парламентот ги детерминираат политичко-безбедносните односи во Р Македонија; Собранието, како централна институција на законодавната власт, придонесува за градење на демократското мислење за неопходноста од контрола на безбедносниот сектор; Ефикасната парламентарна контрола е условена од соодветната примена на механизмите за контрола што му стојат на располагање на Собранието; Постоењето соодветни парламентарни комисии за контрола е важен предуслов за ефикасна контрола на безбедносниот сектор; Моделите на парламентарна контрола на безбедносниот сектор на некои од современите демократски држави од непосредното и поширокото опкружување се повеќе функционални во однос на моделот на Р Македонија.

***Состојба на подрачјето во кое се работи дисертацијата***

Тргнувајќи од современите теориско-концепциски пристапи кои ја втемелуваат и ја детерминираат рамката на согледувањето, на разбирањето, на моделирањето и на операционализирањето на цивилната контрола на безбедносниот сектор како глобален предизвик,

кандидатката мошне умешно, стручно и научно, со голема имагинација и иновативност ја анализира парламентарната контрола на безбедносниот сектор како доминантен сегмент на цивилната контрола во насока на нудење на функционален модел за ефикасна парламентарна контрола на безбедносниот сектор.

***Методи и техники на истражување***

Кандидатката м-р Севиљ Муаремоска, за да ги постигне поставените цели и задачи на истражувањето, во дисертацијата применила соодветни начини на истражување. Тоа подразбира примена на истражувачки методи, постапки и инструменти кои овозможиле собирање, средување, обработка и анализа на податоците, а преку соодветно утврдената методолошка рамка дошла до научни сознанија за истражувачкото прашање, како и можност за проверка на поставените хипотези.

Од методолошка гледна точка, значајно при истражувањето и разработката на материјата претставува утврдувањето (анализата) на моменталната состојба, ефикасноста, оправданоста, транспарентноста, поставеноста, меѓусебната координација и соработка на постојните механизми за контрола и надзор на безбедносниот сектор во креирањето на отчетни, исполнителни и одговорни безбедносни субјекти. Според тоа, методолошката рамка ја детерминираат дескриптивниот и структуралниот карактер на истражувањето. Главната определба на истражувањето е детерминирање на поставеноста, развојот и перспективите на македонскиот модел на парламентарна контрола на безбедносниот сектор и неговата ефикасност. Во согласност со поставената хипотетичка рамка, предметот и целта на истражувањето, кандидатката ги користела следниве методи на истражувањето: анализа на содржината, компаративен, историски, дескриптивен и аналитичко-интетички метод.

Методот анализа на содржина кандидатката го применила во анализа на домашни и странски извори на литература. До потребните основни вредности во анализа на содржината се дошло со употреба на квантитативна и квалитативна анализа, т.е. фреквентна и семантичка

анализа. Додека, пак, дескриптивниот метод бил ставен во функција на изработка на научна дескрипција на редица сеопфатни, систематизирани целини и објективен приказ за појавата која се истражува, преку систематско прибирање на податоци и извлекување соодветни заклучоци. Во докторската дисертација бил применет и аналитичко-синтетичкиот метод - како почетна и основна логичко-методолошка постапка со цел мисловно теориско и практично раздвојување или концентрирање на предметот на истражување и неговите составните делови. Индуктивно-дедуктивниот метод е применет како најопшт пристап во извлекувањето на заклучоците, додека историско-компаративниот метод овозможува преку споредување на развојот на идејата за контрола и надзор на безбедносниот сектор да се утврдат почетните форми и механизми на парламентарна контрола, како и нивната трансформација во согласност со демократските текови и со позитивното право кое ја регулира самата проблематика. Од методските постапки, со оглед на карактерот на истражуваниот проблем, посебно е користено интервјуто (*нестандардизирано)* како најсоодветна методолошка техника за прибирање податоци. Истражувањето нуди основа за утврдување на ставови, погледи, мислења и толкување на одредени прашања од областа на безбедноста во делот на парламентарна контрола и надзор на безбедносните институции и на нивното работење. Во реализација на истражувањето за парламентарна контрола и надзор на безбедносниот сектор, за потребите на овој докторат, анализата и интерпретацијата на податоците се врши до нивото на научно-емпириска елаборација на проблемот кој е предмет на истражување. Предмет на посебното истражување биле: постојните парламентарни механизми за контрола на безбедносниот сектор во Република Македонија. За таа цел, направена е анализа на податоците содржани во Извештаите за работењето на Собранието достапни на официјалната веб- страница на Собранието на Република Македонија за секој контролен механизам одделно, од осамостојувањето на Република Македонија заклучно со 2015 година. Целта на ова истражување е да се открие и да се разбере начинот на кој функционираат парламентарните механизми за контрола и надзор на безбедносниот. Основна цел на истражувањето била насочена кон

соберање објективни, односно целосни, проверливи, системски и прецизни податоци за состојбата што е предмет на истражување. Во однос на изборот на примерокот, во овој случај бил користен примерокот на процена како најтипичен за квалитативните истражувања. Примерокот што е опфатен со интервјуто е намерен заради добивање податоци од поранешни и актуелни пратеници кои биле или се членови на парламентарните комисии за надзор над работата на безбедносниот сектор, поранешни и актуелни претставници на извршната власт и претставници на експертската јавност. Вкупно се изведени 30 интервјуа. Теренската работа се одвивала во временски период помеѓу февруари и март 2016 година. Прашањата се идентични за сите, но разговорите се воделе слободно и се обработени квалитативно, односно оние прашања што имале само општа индикативна вредност. За средување на податоците од интервјуто и на отворените прашања е користена анализа на содржината (семантичка и фреквентна). Анализата во основа ја зачува автентичноста на податоците бидејќи е системска и целовита.

### *Анализа на трудот*

Анализата на трудот е направена врз основа на вршењето на парламентарната контрола на безбедносниот сектор со посебен осврт на ефикасноста и ефективноста на парламентарните постојани и повремени работни тела како најсилен механизам на Собранието во контрола и надзор на работењето на безбедносниот сектор во Република Македонија. Концептот на политичка контрола има своја долга историја и претставува посебен белег на демократските парламентарни системи во кои е имплементиран принципот на одговорност на носителите на власт. Притоа, во зависност од карактерот на уставното уредување на една држава, во теоријата и практиката се среќаваат различни концепти за политичка одговорност на Владата. Оттука, важно е да се потенцира дека контролата врз работењето на безбедносниот сектор во секое демократско општество, поради природата и карактерот на нивните основни функции е позначајно прашање од контролата кој бил друг државен орган или институција. Парламентарната контрола, како активност, процес или

појава, суштински ја оживотворува смислата за одговорност и за отчетност (транспарентност) на институциите на извршната власт. Преку нејзината содржина се создаваат основните предуслови за почитување на човековите слободи и права на граѓаните, владеење на правото и јакнење на довербата на граѓаните во институциите на системот.

Основно прашање што се поставува во тој контекст е прашањето кои се потребните демократски предуслови за остварување на улогата на Собранието во контрола и надзор над работењето на безбедносниот сектор, што е фокусот, меѓу другото, и на оваа докторска дисертација.

Првата глава насловена како „Методолошка рамка“ се однесува на методолошката рамка на истражувањето спроведено за потребите на докторската дисертација. Во овој дел се дефинирани предметот на истражувњето, методите и техниките на истражувањето, целите кои се очекува дека ќе бидат постигнати, хипотетичката рамка и, секако, научниот и општествениот придонес на истражувањето.

Во втората глава *„Поим за безбедносен сектор“* се разработени и детално се анализираат терминолошките дивергенции околу поимот и употребата на поимите безбедност, безбедносен систем и безбедносен сектор. Се констатира дека безбедноста како витална човекова потреба и клучен општествен и државен интерес претставува сложен феномен како во поглед на правилното поимирање и толкување, така и во поглед на нејзиното практично остварување. Анализирајќи ги постојните обиди за дефинирање на безбедноста, во докторската дисертација се констатира дека апсолутната безбедност е само илузија и дека не може да се постигне во ниту едно општество, но општата тенденцијата е насочена кон воспоставување рамнотежа меѓу безбедноста, заштитата на човековите слободи и права и интересите на заедницата, а на безбедноста потребно е да се гледа како на динамична, комплексна и мултидимензионална категорија која е присутна во целокупното опкружување на нашето живеење, во отсуство на надворешно и внатрешно загрозување.

Во врска со значењето и употребата на терминот безбедносен сектор во однос на темрминот безбедносен систем, во трудот е направена анализа на двата поима (безбедносен систем и безбедносен сектор) и констатирано е дека во странската литература, пред се′ во англиската, тие

се користат како синоними, но дека кај нас се′ почесто се користи поимот безбедносен сектор, особено кога се мисли на реорганизацијата и реформите на безбедносните институции како одговор на современите безбедносни предизвици. Суштински, како државен апарат кој има овластување за примена на законска присила, безбедносниот сектор претставува нераскинлив дел од системот на државната управа.

Во трудот се констатира дека diferenca specifica помеѓу субјектите на безбедносниот сектор и останатите државни институции се состои во тоа што првите се овластени да применуваат и да користат сила во име на државата.

Во третата глава „Механизми за контрола на безбедносниот сектор“ се анализира научната и стручната литература во однос на поимите надзор и контрола. Се констатира дека различни теоретичари различно ги дефинираат поимите контрола и надзор, во зависност од полето на истражување и областа за која се зборува или во која се врши контролата, односно надзорот. И покрај категоричната определба дека станува збор за блиски поими и дека нивната апликативност исклучиво продуцира нијансирање во нивното значење, односно дека во правната теорија, термините контрола и надзор може да се сметаат за синоними и означуваат следење, проверка и оцена на дејност, акти и однесување со цел да се обезбеди нивна целосна материјална и формална законитост, во трудот се констатира дека постои респектабилна разлика во значењето на овие два термина која не треба да биде занемарена. Во трудот се потенцира дека кај надзорот акцентот се става на постојаноста и континуитетот. Во тој контекст, надзорот, е долготраен процес кој во себе ја вклучува контролата, додека, пак, контролата претставува најважен облик на влијание на вршителот на надзорот во однос на оној чија активност се надзира. Таа доведува до најдлабок зафат во надзорната (контролираната) активност. На крајот се констатира дека надзорот без контрола е можен, но недоволно ефикасен.

Врз основа на организациската припадност на вршителот на контролата постои начелна поделба на контролата, а со тоа и на механизмите и на средствата за контрола на работата на безбедносниот сектор на надворешна и на внатрешна контрола, односно на надворешни

и на внатрешни механизми или средства за контрола на работата на безбедносниот сектор. Оваа поделба најчесто се комбинира со поделбата на демократските механизми за контрола на безбедносниот сектор на формални и неформални, каде што основен критериум за поделба е постоењето на формално-правно овластени субјекти кои државата законски ги оспособила и им дала законско право да ја спроведуваат контролата над безбедносниот сектор, во кој случај зборуваме за формална контрола, додека, пак, неформална е контролата која се остварува од страна на цивилното општество. Во делот на формални механизми за контрола на работата на институциите на безбедносниот сектор, во согласност со правните стандарди и најдобрите практики на демократски развиените држави се вбројуваат: парламентарната контрола, контролата која ја спроведува извршната власт и судската контрола. Од неформалните механизми за контрола на работата на безбедносниот сектор, најзначајна улога игра цивилното општество олицетворено преку медиуми, невладини организации, јавноста како и други критички групи, претставници од експертската јавност како и синдикалните организации како извесен механизам на контрола.

Во четвртата глава насловена како „Институционални и формални претпоставки за вршење на парламентарна контрола“ се пристапува кон теоретско определување на поимот парламент и поимот парламентарна контрола. Во современите политички системи, парламентите како носители на законодавната власт претставуваат клучни политички институции со доминантна законодавна и уставотворна власт и тие во основа го претставуваат срцето на демократијата. Парламентите од држава во држава меѓусебно се разликуваат не само во однос на начинот на кој се именуваат, туку и во однос на системот на општествено уредување на земјите во рамките на кои функционираат и секако во зависност од социјалните и од економските услови во различните системи. Како најважни функции на парламентите, без разлика на специфичностите споменати погоре, би можеле да ги наброиме следниве: избор и разрешување на владата, контрола на работата на владата, дебатирање, усвојување на буџетот, донесување на закони, политичко претставување и

многу други функции и надлежности кои им се ставаат на располагање на парламентите во различните општествени системи.

Со оглед на темата на докторската дисертација, во оваа глава е направена детална разработка и анализа на контролната функција на парламентот во однос на работата на безбедносниот сектор, на основните предуслови за вршење на парламентарна контрола, како и на законските механизми потребни за спроведување ефикасна парламентарна контрола на безбедносниот сектор.

Во петтата глава насловена како „Безбедносен сектор на Република Македонија“, детално се разработени трите клучни институции кои се наменети за остварување на националната безбедност на Р Македонија, а тука спаѓаат: полицијата, Армијата на Р Македонија, како институција која функционира во рамките на Министерството за одбрана, и разузнавачката заедница која ја сочинуваат три засебни служби, и тоа: Агенција за разузнавање, Управа за безбедност и контраразузнавање и Сектор - Служба за воена безбедност и разузнавање.

Во овој дел од докторската дисертација се потенцира потребата од темелни реформи во безбедносниот сектор на Р Македонија, со цел тој да биде приспособен на потребите на државата, но и на нормите на меѓународното право.

Во шестата глава „Парламентарна контрола и надзор на безбедносниот сектор – институционални и формални претпоставки за вршење на парламентарна контрола во Р Македонија“ се одредува положбата на Собранието на Р Македонија во нашиот специфичен модел на организација на државната власт, како и надлежностите со кои располага во остварување на својата контролна функција во однос на извршната власт. Во Уставот и законите кои се однесуваат на конкретната проблематика предвидени се следните механизми кои му се ставени на располагање на Собранието на Р Македонија за вршење контрола на работата на безбедносниот сектор: пратенички прашања, интерпелација, прашање на доверба на Владата, парламентарни (постојани и овремени) работни тела, надзорни расправи и парламентарниот институт како истражувачки центар кој на пратениците им обезбедува навремени,

објективни и независни стручни истражувања и анализи за извршувањето на пратеничката (контролната) функција.

Во оваа глава систематски и добро се обработуваат структурата, обемот, ефикасноста и ефективноста на воспоставените парламентарни механизми за контрола на работењето на безбедносниот сектор. Воедно, се прави критички осврт на нивната досегашна примена и се детектираат пречките кои влијаат на нивната функционалност.

Во седмата глава „Резултати од истражувањето за улогата на Собраниетовоконтрола и надзор на безбедносниот сектор на Република Македонија“ се разработени и анализирани податоците и резултатите од спроведеното теоретско – емпириско истражување за улогата на Собранието во контрола и надзор на безбедносниот сектор на Р Македонија. Притоа беше потврдена општата констатација дека во Р Македонија постојат формално пропишани (уставни, законски и деловнички) предуслови за остварување на парламентарната контрола и надзор над работењето на институциите на безбедносниот сектор, но дека во нејзиното практично остварување постојат суштински пречки и недостатоци. Резултатите појаснуваат дека контролниот процес генерално треба да се доживува како неопходност, односно како процес кој во својата основа има крајна цел да помогне во насока на ефикасно и ефективно работење на одредена организација. Следствено на тоа и безбедносниот сектор на Р Македонија ќе функционира поефикасно доколку неговите институции подлежат на целосна контрола и надзор од страна на Собранието и контролните механизми со кои тој располага.

### *Научна и општествена оправданост на истражувањето*

Од општествен аспект, истражувањето ќе оствари соодветно влијание врз јавното мислење во однос на значењето и целта на парламентарната контрола. Остварувањето на оваа цел ќе овозможи да се дополни и доизгради ставот дека парламентарната контрола и парламентарниот надзор се придобивки на едно демократски организирано општество, дека парламентарната контрола е неопходност

која придонесува да има здрави демократски процеси и дека ефикасната парламентарна контрола на безбедносниот сектор продуцира легитимитет на безбедносниот сектор, транспарентност во неговото работење и демократска отчетност пред своите граѓани.

**Оценка и предлог**

Докторската дисертација под наслов „Улогата на Собранието во контрола и надзор на работењето на безбедносниот сектор на Република Македонија," поднесена од м-р Севиљ Муаремоска, претставува сложен и обемен научен труд темелен на широко разработена теориска рамка на истражување на политичко- безбедносна и општествена проблематика, поткрепена со систематско собирање на факти и нивна последователна анализа, кои се употребени во презентацијата на специфични сознанија за безбедноста и безбедносниот сектор, како и потребата од ефикасна парламентарна контрола на нивното работење. Поаѓајќи од актуелноста и интересот што го побудува овој разработен проблем, може да се потврди дека трудот дава посебен придонес во научната проблематика од областа на безбедноста. Тоа значи дека кандидатката избрала оригинална тема, научно релевантна и актуелна во безбедносен контекст. Темата е систематски проучена, а теориската разработка и особено резултатите од истражувањето се смета дека ќе внесат нова димензија во академската дебата, но ќе значат и поттик за понатамошни истражувања.

Кандидатката јасно го дефинирала предметот на истражувањето и успешно ја поставила основната, како и посебните хипотези. Примената на широк спектар на методи за истражување за парламентарната контрола на безбедносниот сектор, укажува на доследноста, темелноста, сеопфатноста и методолошката подготвеност на кандидатката за анализа на исклучително важни прашања. Предложената дисертација содржи конзистентна структура и висок степен на научна прегледност.

Генерално, Комисијата смета дека докторската дисертација е научен труд со изворни и оригинални сознанија, која со својот обем и постигнато ниво на квалитет ги задоволува високите критериуми за изработка на трудови од ваков ранг. Во изработката на докторската

дисертација е применета сложена триангулациска истражувачка постапка и се применети истражувачки техники и инструменти со чија помош е извршена продлабочена анализа на парламентарната контрола на безбедносниот сектор низ перцепциите на претставниците на законодавната и на извршната власт (носители на јавни, одговорни функции и должности), како и низ перцепциите на претставниците на експертската заедница, за што се интервјуирани релевантен број на испитаници и е се добиени веродостојни податоци кои послужија за анализа и синтеза на одговорите.

Докторскиот труд, со теориско-концепцискиот пристап и истражувачката постапка применета во неговата изработка, во целост придонесува за критичко редефинирање и проблематизирање на досегашните сознанија, но и за добивање на теоретски и емпириски сознанија што се во функција на натамошна и продлабочена научната дескрипција на безбедноста, безбедносниот сектор и парламентарната контрола и надзор на безбедносниот сектор.

Комисијата е на мислење дека докторската дисертација ја содржи потребната конзистентност во која јасно се препознава, преку научното фундирање, секогаш актуелната потреба за промени во начинот на спроведување на парламентарната контрола на безбедносниот сектор. Во тој контекст, докторската дисертација, според својата содржина, како и според прикажаните резултати, укажува на фактот дека е работена во подрачјето на безбедносната наука.

Според тоа, Комисијата констатира дека докторскиот труд „Улогата на Собранието во контрола и надзор на работењето на безбедносниот сектор на Република Македонија“, од кандидатката м-р Севиљ Муаремоска, претставува научна анализа за едно доста специфично прашање и е извонредно вредна анализа со која се објаснува улогата на Собранието во контрола и надзор на работењето на безбедносниот сектор.

Оттука, Комисијата има особена чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложи да го прифати Извештајот за оцена на докторската дисертација, на кандидатката м-р Севиљ Муаремоска и да ја продолжи постапката за нејзина јавна одбрана.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Марина Митревска с.р

2. Проф. д-р Оливер Бакрески с.р.

3. Проф. д-р Лидија Георгиева с.р.

4. Проф. д-р Билјана Ванковска с.р.

5. Проф. д-р Ќебир Авзију с.р.

ПРЕГЛЕД
# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Владимир Кухар | „Армијата на IV крстоносен поход:воена опрема и тактика“ | „The army of the fourth crusade:military eguipment and war tactics“ | проф. д-р Бобан Петровски | 19. XII 2016 година<br>Бр. 10-2315/16 |
| 2. | Слободан Стојановски | „Улогата на дипломатијата во справување на современиот тероризам“ | "The role of diplomacy in handling the modern terrorism" | доц. д-р Тања Милошевска | 19. XII 2016 година<br>Бр. 10-2316/16 |
| 3. | Александра Ническа | „Менцирање со задоволството на работата и организациската приврзаност на вработените во приватниот сектор“ | „Managing employee work satisfaction and organization commitment in private sector“ | проф. д-р Виолета Арнаудова | 19. XII 2016 година<br>Бр. 10-2355/16 |
| 4. | Бесник Емини | „Концептот на борбените групи на Европската унија и придонесот на Армијата на Република Македонија“ | "The Battlegreup concept of the European Union and the contribution of the Army of Republic of Macedonia" | проф. д-р Зоран Нацев | 19. XII 2016 година<br>Бр. 10-2317/16 |
| 5. | Сања Трајановска | „Организациската култура и нејзиното влијание врз вработените во јавниот сектор“ | "Organizational culture and its impact on employees in the public sector" | проф. д-р Трајан Гоцевски | 19. XII 2016 година<br>Бр. 10-2351/16 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА” ОД М-Р РЕМЗИЈЕ РАКИПИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Ремзије Ракипи со наслов „Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија”, Советот на Економскиот институт во Скопје, на седницата одржана на 25 август 2016 година, донесе Одлука (бр. 02-1165/2 од 29.8.2016) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Биљана Ангелова
2. д-р Абдулменаф Беџети
3. д-р Климентина Попоска
4. д-р Диана Бошковска
5. д-р Елизабета Џамбаска.

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, на Советот на Економскиот институт му го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ремзије Ракипи со наслов „Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија” третира актуелна, комплексна проблематика од областа на јавните финансии, каде што фокусот на вниманието е насочен кон јавните расходи, со особен фокус на социјалните расходи, поточно јавните расходи за здравствено осигурување, за образование, за ПИО, за осигурување на невработените, за социјална заштита, како и јавните расходи наменети за посебна општествена групација.

Докторската дисертација на тема „Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија”, е насочена кон влијанието на јавните расходи врз социјалната исклученост и сиромаштијата во Република Македонија. Овој докторски труд има за цел да го утврди износот на средствата кои се одвојуваат од буџетот на Република Македонија од социјалниот аспект, како и да се анализира дали ваквото одвојување овозможува

намалување на сиромаштијата и зголемување на општествената благосостојба. Непосредна цел во истражувањето е да се оцени колку средства се трошат од буџетот, а не постигнуваат позитивни ефекти, анализирано од социјалниот аспект. Во оваа насока, кандидатката ги анализира и социјалните услуги, и при тоа елаборира дали услугите треба да се обезбедат од јавниот сектор или од приватните даватели на услуги, пред се, од аспект на обезбедување на поквалитативни услуги.

Актуелноста на самата проблематика произлегува од постојниот пораст на јавните расходи, како последица на бројот на државните функции, водењето на социјалната политика, вложување во развојот и инфраструктурата итн. Имајќи ги предвид овие причини, во случајот на Република Македонија се анализираат главните причини за постојан раст на јавните расходи во буџетот на Република Македонија и дали овие расходи се ориентирани за социјални цели или за развојот на економијата, односно дали буџетот на Република Македонија е повеќе социјален или развојен. Фискалната состојба во Република Македонија може да се види преку следниве аспекти или димензии: фискална, економска (развојна) и социјална (дистрибутивна) димензија.

Во докторската дисертација е опфатена и социјалната исклученост и сиромаштијата во Република Македонија. Во последните години се направени голем број на анализи или студија за сиромаштијата и социјалната исклученост. Социјалната исклученост постои до извесен степен во сите општества и може да опфати економски, социјални, политички и културни димензии. Изградбата на современ концепт на однесување кон социјално исклучените лица бара оформување на нов социјален модел, кој во прв план ја става личноста, персоналитетот, а не причината за исклученоста, припадноста (етничка или друга). Во МТСП е подготвена десет годишна стратегија (2010-2020) и за намалување на сиромаштијата и за социјалната исклученост, каде што целта е да се постигне до социјална вклученост и секој граѓанин на Република Македонија да има можност и пристап до сите ресурсите и услугите кои го прават неговиот живот поздрав, посреќен и по продуктивен. Овие стратегии се добар чекор за нашата држава, но се чека колку овие стратегии ќе се имплементираат и ќе имаат резултати.

Преку истражувањето во докторската дисертација се согледува моменталната состојба на Република Македонија од аспект на реализација на средствата во буџетот и нивната распределба според програми, функции и др. Резултатите од докторската дисертација укажуваат за кои програми или за кои функции на државата се трошат најмногу средства, со цел да се изнесе став дека буџетот на Република Македонија е повеќе социјален или развоен. Исто така, се прикажува дека и покрај потрошувачката на средства за социјални трансфери и други социјални цели, Република Македонија се сочува со социјални проблеми, со сиромаштија и социјална исклученост. На крајот, кандидатката дава насока за избор на оптимална распределба на расходите кои ќе имаат позитивни ефекти за развој и раст на економијата на земјата на една страна, и за раст на социјалната благосостојба, на другата страна.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ремзије Ракипи со наслов „ Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија” е конципирана во: воведен дел, четири тематски поглавја, заклучок, користена литература и прилози. Генерално, трудот има опфатено теоретски дел посветен на социјалната инклузија и социјалната исклученост; теоретските основи на јавните финансии; социјалната политика и социјалната кохезија во ЕУ и буџетот и јавните расходи во Република Македонија.

Воведниот дел ги содржи основните хипотези и целите на истражувањето, методолошкиот пристап во истражувањето, како и причините за поставувањето на оваа проблематика и нејзиното значење во науката.

Во Глава еден од докторската дисертација под наслов „ Теоретски осврт на социјална инклузија и социјална исклученост“, кандидатката м-р Ремзије Ракипи ги поставува основните концепти за тоа што претставува социјална инклузија и социјална исклученост. Социјалната инклузија или вклученост е процес кој обезбедува добивање на можности и на ресурси неопходни за целосна партиципација во економскиот, социјалниот и во културниот живот од страна на оние што се наоѓат под ризик од сиромаштија и социјална исклученост, како и уживање на животен стандард и на благосостојба кои се сметаат за нормални. Од друга страна, социјалната исклученост претставува процес во кој одредени индивиди се притиснати на маргините на општеството и им е оневозможено целосно да учествуваат во него поради сиромаштијата, недостаток на основни компетенции и можности за доживотно учење или поради дискриминација. На крајот на првиот дел, кандидатката ја анализира и состојбата со социјалната инклузија и исклученост во случајот на Република Македонија, како и стратегиите за намалување на овие состојби и нивното влијание врз сиромаштијата.

Во втората глава од трудот се анализираат теоретските аспекти за јавните расходи. Јавните расходи претставуваат трошоци на државата и на другите јавно-правни тела кои се прават за финансирање на понудата на јавни добра, како и на други цели на економската и на социјалната политика. Постојат неколку видови на јавни трошоци кои се прават од страна на државата кои, исто така, се елаборирани во оваа глава. Притоа се анализира и обемот на јавните расходи во една држава и нивната структура за кандидатката да се фокусира на начинот на класификација на овие расходи и главните причини за раст на јавните расходи. На крајот се елаборираат и ефектите кои се постигнуваат од трошоците што ги прави државата.

Третата глава под наслов “Социјална политика и социјална кохезија во ЕУ„ е посветена на социјалната политика и социјалната кохезија како концепти кои се многу анализирани и дискутирани од земјите на Европа. Овој дел го покрива прашањето на социјалната политика од различни агли, на различни нивоа – од Европа како целина до случајот од регионот и Република Македонија. Исто така, се разгледуваат и разни приоди кон социјалната политика, дискутирајќи ги концептите и практиката на имплементација од страна на националните и меѓународните субјекти. Во рамките на Европскиот комитет за социјална кохезија континуирано се разгледуваат и се дискутираат прашања од сферата на социјалната заштита, детската заштита, социјалната сигурност, ставајќи посебен акцент на најзагрозените категории од населението, како невработените млади лица, бездомниците, сиромашните лица без приходи, лицата со посебни потреби и сл. Заради заштита на правата на овие најзагрозени категории од населението, во рамките

на Комитетот се изготви и се усвои и посебен документ Нова стратегија за социјална кохезија, во која се содржани фундаменталните обврски за земјите членки на Советот на Европа во поставувањето и развивањето на одделни социјални права и услуги. Врз основа на препораките содржани во оваа Стратегија, земјите членки, вклучително и Република Македонија, ја изготвуваат и ја унапредуваат и својата национална легислатива во оваа област.

Во четвртата глава од трудот, која се смета за доминантна во дисертацијата, кандидатката спроведува и анализа на јавните расходи во Република Македонија, односно трошоци од страна на државата посветени за социјални цели. Анализите во оваа глава се посветени на социјалната состојба на граѓаните на Република Македонија, односно социјалната исклученост, социјалните услуги и квалитет на животот. Социјалните главни столба кои се третираат во оваа глава се јавните расходи за здравствено осигурување, за образование, за осигурување на невработените, за социјална заштита и јавни расходи за посебна општествена групација.

Во заклучните согледувања, кандидатката м-р Ремзије Ракипи ги сублимира и ги презентира клучните наоди, заклучоци и препораки од теоретските и апликативните истражувања на докторската дисертација.

## 3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација на м-р Ремзије Ракипи со наслов „Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија”, Комисијата оцени дека докторската дисертација е поставена на современ и оригинален приод и е исклучително содржаен и комплексен труд. Докторската дисертација обработува современа и актуелна проблематика од областа на јавните финансии.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман на јавните финансии, со посебен осврт кон социјалните аспекти на јавните расходи. Трудот заслужува посебно внимание пред сѐ и поради неговата актуелност и методолошкиот пристап во истражувањето кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал користен во истражувањето.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатката м-р Ремзије Ракипи во дисертацијата со наслов „Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија” целосно успеала да одговори на предизвикот што го поставила при дефинирањето на предметот на истражување.  Појдовните тези успева мошне успешно да ги развие со аргументирани заклучоци, со свои оригинални ставови и со јасни препораки за поефикасно управување со јавните расходи со цел намалување на социјалните разлики во Република

Македонија. Докторскиот труд е поставен на системот за плагијати и согласно со системот и генерираниот извештај за плагијати, има совпаѓање од 8,76%.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација „Социјалните аспекти на јавните расходи во Република Македонија",

2. на кандидатката м-р Ремзије Ракипи да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на

докторската дисертација

1.___________________________________с.р.

/Д-р Биљана Ангелова/

2.___________________________________с.р.

/Д-р Абдулменаф Беџети /

3.___________________________________с.р.

/Д-р Климентина Попоска /

4.___________________________________с.р.

/ Д-р Диана Бошковска /

5.___________________________________с.р.

/Д-р Елизабета Џамбаска /

**Реферат**

ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА И КАНДИДАТОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ

**ФАСАДНИ И КРОВНИ СЕНДВИЧ-ПАНЕЛИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАКОСТА И ДЕФОРМАБИЛНОСТА КАЈ ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ**

од кандидатот м-р Милош Стокуќа, дипл. град. инж., пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје

Со одлука на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 09-1505/1 од 25.10.2016, донесена на редовната седница одржана на 25.10.2016, формирана е Комисија за оцена на подобноста на кандидатот и темата „Фасадни и кровни сендвич-панели во функција на подобрување на јакоста и деформабилноста кај челични конструкции", поднесена од кандидатот м-р Милош Стокуќа, дипл. град. инж., студент на трет циклус на студии програмата на УКИМ-ИЗИИС, во следниов состав:

1. проф. д-р Голубка Нечевска-Цветановска, УКИМ-ИЗИИС, претседател
2. проф. д-р Виктор Христовски
3. доц. д-р Александра Богдановиќ.

Врз основа на поднесената документација, пријавата, предлог-програмата за изработка на докторската дисертација како и од личното познавање на кандидатот, Комисијата има задоволство да го изнесе следниов извештај:

## ИЗВЕШТАЈ

### Основна цел и предмет на истражувањата

Мотивација за избор на темата на кандидатот претставува неговото досегашно искуство во практиката како проектант и изведувач на индустриски објекти изработени од челична конструкција, а покриени и затворени со сендвич-панели.

Еднокатните објекти за индустриски намени моментално доминираат со околу 60% од вкупниот пазар за челични конструкции во Европската унија. Овој тип на објекти најчесто сè користат за работилници, дистрибутивни или спортски центри, при што можат да варираат во димензии од неколку стотици метри квадратни со намена за мали работилници, па сè до преку 100 000 $m^2$ за големи дистрибутивни центри. Исто така, анализи од друг аспект покажуваат дека, учинокот на челикот како материјал за градба на индустриски објекти на ЕУ-пазарот е близу 90%.

Типичното решение за челичен индустриски објект претставува екстериер од термоизолационен панел поставен врз секундарна конструкција, која, пак, е потпрена на главната носечка конструкција. Бидејќи овој конструктивен систем е оптимизиран во последните десетици години, тој резултира со исклучително ефикасни решенија.

Самите лесни сендвич-панели кои се користат за обложување и покривање на модерни индустриски објекти се производ на модерна технологија која се изведува во строго контролирани услови. Типичните сендвич-панели се состојат

од два метални лима за покривање (изведени како рамни или трапезно профилирани), и лесно термоизолационо јадро. Тие, воедно, претставуваат мошне економично решение за вкрутување на една кровна рамнина, особено кога кровната дијафрагма се користи во заемно дејство и со фасадни спрегови (или фасадна дијафрагма). На тој начин се добива решение кое е најекономично. Накратко кажано: тенкоѕидната дијафрагма е аналогна на ребро од I носач и нејзина главна улога е да спречи извивање од смолкнување, при што дијафрагмата игра улога на вертикално ребро, а ободните елементи на дијафрагмата, т.е. столбовите се 'фланшите' од I носачот.

Во рамките на истражувањата на докторската дисертација се очекува дека носечката конструкција ќе биде во интеракција со елементите за обложување и покривање (во овој случај – панелите) и како резултат на тоа ќе играат значајна улога во севкупното однесување на објектот. Кога ќе се земе предвид и фасадното обложување и покривање на објектот, може да се предвиди вистинското однесување на објектот.

На тој начин, интеракцијата помеѓу панелите и челичната конструкција ќе доведе до редуцирање на спреговите во кровната рамнина и вертикалните прегови, а со тоа ќе се придонесе кон заштедата на материјал за носечката конструкција.

Актуелниот принцип за пресметка на напрегања и деформации во носечката конструкција, пресметани само по основ на носечката конструкција кај која поместувањата се ограничени со употреба на вертикални спрегови и спрегови во рамнина на кров, дава мошне нереални и најчесто значително различни вредности од вистинските. Додатно, зголемената употреба на сендвич-панелите во проектирањето на индустриски (и поретко станбени) објекти бара развој на посоодветни методи за нивна анализа, како и нивното влијание врз самата носечка конструкција.

Принципите кои ќе бидат анализирани во оваа докторска дисертација првично се дадени во EN 1993-1-3, односно во EUROCODE 3 (проектирање на челични конструкци, особено во Appendix A.7, каде што се дефинираат условите кои мораат да бидат исполнети доколку проектантот сака да ги третира панелите како интегрален дел од конструкцијата) и во EN 14509 (Self-supporting double skin metal faced insulating panels. Factory made products. Specifications).

Глобално, овие системи се користат екстензивно во сеизмички активни подрачја како Нов Зеланд и Северна Америка. На просторите на поранешна СФРЈ не се правени истражувања на оваа тема, освен "Профилирани лимови во функција на носивост на метални конструкции" од проф. д-р Срѓан Кисин од Факултетот за технички науки во Нови Сад. Сепак, во Словенија и Хрватска, овој метод за пресметка на носивост на челични конструкции се применува, бидејќи важечки пропис за проектирање на челични конструкции е EUROCODE 3.

**Цели на истражувањето**

Земајќи ја предвид експанзијата на индустриските објекти во Македонија, како и потребата за брза и поекономична градба, најголем бенефит од ова истражување ќе имаат конечните инвеститори во индустриските објекти во Македонија.

Принципите кои се основа за оваа докторска дисертација се препознаени од страна на проектантите уште од 50те години од страна на C.B. Johnson, кој увидел дека системите за покривање, освен тоа што можат да ги носат товарите кои се нанесени на

нив, имаат и голема носивост во сопствената рамнина ДОКОЛКУ се соодветно прицврстени за носечката конструкција.

Истражувањето ќе содржи анализа на поместувањата на реално изведена двобродна хала изработена од челична конструкција во два различни модела, еден без моделирани панели и еден со моделирани панели во статичкиот систем.

Потоа ќе бидат направени и експериментални истражувања на сеизмичка виброплатформа на ИЗИИС, при што како релевантни вредности ќе бидат земени поместувањата од двата случаја.

Анализата на моделите на сеизмичка виброплатформа на ИЗИИС ќе се состои од изработка на три аналитички 3Д-модели со димензии во основа од 3,5m x 5,0m (согласно со димензиите од 5m x 5m на сеизмичката платформа на ИЗИИС) на конструкцијата во програмски пакет за анализа на конструкцијата и идентификување на релевантните параметри за поместување на конструкцијата (локација на мерни точки и дефинирање на товари). Моделите се предвидуваат такви што:

- првиот нема да има никакви вкрутувања или панели;
- вториот ќе биде вкрутен со вертикални спрегови;
- третиот ќе биде вкрутен со кровен и фасаден панел, а без спрегови.

Во истражувањата и резултатите во оваа докторска дисертација посебно внимание ќе биде посветено на избор на врските помеѓу елементите, т.е. избор на завртки и наврткисо соодветни карактеристики, начин на прицврстување на панелите по однос на елементите на челичната конструкција и оптимално растојание меѓу точките на прицврстување што ќе овозможи конструкцијата изградена на овој начин да одговори соодветно на различните товари (сеизмичко дејство, ветер, снег) на кои ќе биде изложена во текот на својот експлоатационен период.

Резултатите добиени од аналитичките и експерименталните истражувања ќе покажат какво влијание имаат спреговите, односно кровните и фасадните панели во зголемување на јакоста и крутоста на севкупната конструкција, односно дали кровните и фасадните панели на објектите можат да ја преземат улогата на спреговите во кровната рамнина, како и на вертикалните спрегови, и да ги поднесат хоризонталните товари од сеизмички сили, при тоа задоволувајќи ги бараните вредности за поместувања на конструкцијата во сеизмички активни региони.

**Очекуван научен придонес**

Како резултат на обемните анализи и експериментални истражувања се очекува резултатите добиени од ова истражување да имаат научен и практичен аспект, односно ќе бидат појдовна точка за воведување на Stressed skin design во Македонските прописи за проектирање на челични конструкции.

### Примена на резултатите од истражувањето

Од досегашното искуство во практика, кандидатот смета дека челикот како материјал нуди многу повеќе можности за градба на индустриски објекти со големи распони, а воедно (со можноста за префабрикување во работилница и користење на завртки за спојување на елементите) го намалува времето потребно за изведба на објектите. Со користење на панелите во крутоста на носивата конструкција се намалува количината на употребен челик, се унифицираат сите елементи (рамки со рамки, рожници со рожници итн) и се добива многу поекономична конструкција која се изведува за пократко време.

## ЗАКЛУЧОК ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА

Врз основа на изнесеното мислење, може да се заклучи дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со работен наслов **Фасадни и кровни сендвич-панели во функција на подобрување на јакоста и деформабилноста кај челични конструкции"** ќе претставува квалитетен и оригинален научноистражувачки труд, кој е логично продолжување на истражувањата и достигнувањата на оваа тема, кои се применети во EUROCODE 3, а се очекува да се применат и во важечките Македонски прописи. Предвидените, пак, експериментално-аналитички истражувања, во размер 1:1 ќе ги потврдат својствата на панелите за подобрувањето на јокостните и деформабилните својства на конструкцијата, при што посебно внимание ќе се обрне на врските помеѓу елементите на панелите со челичната носива конструкција.

Затоа, со задоволство и чест му предлагаме на Научниот совет на ИЗИИС во Скопје, да ја прифати предложената тема како подобна за изработка на докторска дисертација.

## ПОДОБНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот м-р Милош Стокуќа, студент на трет циклус студии на програмата на УКИМ-ИЗИИС, е роден на 29 јануари 1982 во Скопје.

**Образование:** По завршувањето на средното образование во 2000 година, се запишал на American University in Bulgaria, каде што дипломирал во 2004, на две насоки: Political Science – International Relations и European Studies.

По дипломирањето на AUBG во 2004 година, се запишал на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје, кој го завршил во 2008 година со одбрана на дипломската работа со наслов: „Висечки пешачки челичен мост на кеј 13ти Ноември – Скопје", при што се има стекнато со 240 ЕКТС.

Магистерските студии на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје успешно ги завршил со полагање на испитите и одбраната на магистерскиот труд во 2013 година со наслов „Споредбена анализа на влијанието на ветерот кај високите објекти", со што се стекнал со звањето магистер на технички науки, при што се има стекнато со 60 ЕКТС.

**Работно искуство:** Работното искуство на кандидатот е во континуитет поврзано со семејната фирма за проектирање и изведување на главно челични конструкции – СТОКУЌА ДООЕЛ – Скопје, со прекин во периодот од мај 2012 до мај 2014, кога е вработен како советник во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија.

Неговите главни професионални активности во семејната фирма се поврзани со проектирање и изведба на објекти од челична конструкција во Македонија, но и во странство, како на пример Германија, Швајцарија, Либија и други.

Самите објекти се, пак, во дијапазон од индустриски хали со површини и до 35000m$^2$, саеми, патни и железнички мостови, железнички и метростаници, радарски кули и др.

**Објавени научни трудови и стручни проекти:** Од приложената листа на објавени трудови на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и семинари, очигледно е дека кандидатот сериозно им приоѓа на своите активности во научната работа, со желба да ја промовира во пошироки рамки.

Кандидатот има приложено и богата листа од преку 70-тина стручни проекти во кои учествувал како проектант и/или инженер за изведба за разни типови на објекти во високоградба, мостови, железнички и метростаници и разни типови на инженерски објекти.

**Јазици:** македонски (мајчин), српски (мајчин), англиски (одлично), германски (добро).

**Технички вештини:** Работа со компјутер, повеќе компјутерски програми за анализа и моделирање на конструкции.

## ЗАКЛУЧОК ЗА ПОДОБНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Од изнесените податоци може да се заклучи дека кандидатот м-р Милош Стокуќа во изминативе години континуирано работи на своето усовршување и развој на својата професионална кариера, вклучувајќи ја и практичната и научно-истражувачката работа. Особено покажува залагање за нови методи на изведба на објекти од челична конструкција, користејќи современ софтвер и модерни материјали и опрема за изведба.

Затоа, Комисијата има став дека кандидатот м-р Милош Стокуќа, дипл. град. инж., е подобен како кандидат за изработка на предложената докторска тема и може да пристапи кон нејзина изработка.

## ОПШТ ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените согледувања и заклучоци за подобност на темата и кандидатот за научноистражувачката работа, ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на ИЗИИС во Скопје, да го прифати кандидатот м-р Милош Стокуќа, дипл. град. инж., како подобен кандидат за изработка на докторската дисертација со работен наслов „Фасадни и кровни сендвич-панели во функција на подобрување на јакоста и деформабилноста кај челични конструкции”.

Комисија

Проф. д-р Голубка Нечевска-Цветановска, претседател, с.р.

Проф. д-р Виктор Христовски, с.р.

Доц. д-р Александра Богдановиќ, с.р.

Реферат
За оцена на подобност на темата за докторска дисертација со работен наслов

**Иновативен метод за зголемување на сеизмичката отпорност на ѕидовите од исполната во армиранобетонски рамовски конструкции** и

подобност на кандидатот: м-р Бојаџиев Јордан, дипл. град. инж., за научна работа

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија- ИЗИИС при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 09-1506/1 од 25.10.2016 год. донесена на седницата одржана на 14.10.2016 год., формирана е Комисија за оцена на темата на докторската дисертација со работен наслов “**Иновативен метод за зголемување на сеизмичката отпорност на ѕидовите од исполната во армиранобетонски рамовски конструкции**” од кандидатот м-р Јордан Бојаџиев, дипломиран градежен инженер, во состав:

1. проф. д-р Роберта Апостолска
2. проф. д-р Живко Божиновски
3. проф. д-р Зоран Ракичевиќ,

сите од УКИМ-ИЗИИС, Скопје.

Врз основа на поднесената пријава и предлог-програмата за изработка на докторската дисертација, Комисијата го изнесува своето мислење за оцена на темата во следниов:

**Извештај**

**Образложение (подобност) на темата**

***<u>Предмет на истражување</u>***

Предмет на истражување во предложената докторска дисертација е да се предложи и анализира иновативно решение за врската помеѓу исполната од ѕидарија и армиранобетонските конструктивни елементи во рамовските конструкции, кое ќе го минимизира влијанието на исполната во однесувањето на конструктивниот систем и можните непредвидени сеизмички оштетувања, и во исто време ќе обезбеди оптимално решение и ќе даде препораки за проектирање на рамовски конструкции со исполна од ѕидарија, со посебен акцент на стабилноста на исполната од ѕидарија за време на земјотреси. Со предложеното решение се очекува да се добие поголема стабилност на исполната, адекватна економичност, флексибилност за практична примена и соодветна компатибилност со актуелната технологија на градба во Р Македонија.

Оттука, проучувањето на стабилноста и сигурноста на исполната и методите/техниките за подобрување на нејзиното сеизмичко однесување, претставуваат основна цел во рамките на темата.

***<u>Состојба на научното подрачје во кое ќе се работи дисертацијата</u>***

Врз основа на инвентаризацијата на конструктивните системи направена во рамките на неколку европски и светски проекти, АБ рамовските конструкции со исполна од тула се препознаени како еден од најмасовно присустните конструктивни системи. Најголемиот дел од современите сеизмички прописи ја третираат исполната од тула како неконструктивен елемент и на таков начин го занемаруваат нејзиното влијание врз однесувањето на конструкцијата за време на земјотрес. Неодамна случените силни земјотреси покажаа дека АБ рамовските конструкции со исполна од тула, па дури новопроектираните, имаат несоодветно сеизмичко однесување и манифестираат значајни конструктивни и/или неконструктивни оштетувања. Многу истражувачи покажале дека значајната интеракција помеѓу исполната и АБ рамка води до појава на неповолни локални ефекти (ефект на краток столб, лом на јазлите од смолкнување и сл.) и глобална нестабилност (формирање на мек кат). Ваквите појави може да бидат пресудни за сеизмичкиот одговор на интегралната конструкција, резултирајќи при тоа со непоправливи оштетувања, па дури и рушење на истата.

Во овој контекст, важно е да се напомене дека од дејство на помалите т.н. фреквентни земјотреси се очекува појава на контролирани оштетувања на исполната со различен интензитет, но не смее да се дозволи исполната да падне. Скопскиот земјотрес од 11 септември, 2016 год., битолскиот земјотрес од 1.9.1994, ѓевѓелискиот земјотрес од 21.12.1990, итн., покажаа дека исполната претрпела оштетувања кои влијаат не само на нарушување на функционалноста, туку и на самата стабилност и сигурност на исполната. Во вакви случаи, делумното или комплетното рушење на исполната, покрај директни материјални штети може посредно да предизвика и човечки жртви. Овие ефекти се уште поизразени кога основниот конструктивен систем е флексибилен.

Современите сеизмички прописи (EN1998:2004 - Дел 1. Проектирање на сеизмички отпорни конструкции), базираат на проектна филозофија на две нивоа која треба да превенира губење на локалната или глобалната стабилност на конструкцијата за ниво на проектен земјотрес и ограничени оштетувања (обезбедена функционалност), за ниво на фреквентен земјотрес. Но, дури и кај нив не се дадени конкретни насоки за соодветно проектирање на исполната, освен генералната информација според која со цел да се избегне крт лом на исполната потребно е да се вградат лесни арматурни мрежи или арматура во малтерот (EN1998-2004: 4.3.6.4). Кај конструкциите проектирани согласно со овие прописи, исполната се третира како извор на дополнителна јакост и не е дозволена редукција на влезното сеизмичко дејство. Ваквиот пристап е рационален, но истовремено и конзервативен.

Оттука, се наметнува потребата за квантификување на ефектот на исполната на сеизмичкото однесување на интегралната конструкција односно: (1) исполната да биде вклучена во аналитичкиот модел за пресметување и димензионирање на конструкцијата и (2) однесувањето на исполната да биде верификувано (експериментално и нумерички) за сеизмички барања добиени како од линеарната, така и од нелинеарната анализа на конструкцијата.

Актуелноста на оваа проблематика и отворените прашања претставуваат мотивација за дефинирање на предметот на истражување во рамките на предложената тема за докторската дисертација на кандидатот м-р Јордан Бојаџиев.

***Цел на изработка на дисертацијата***

Во правец на реализација на основната цел на истражувања во рамките на дисертацијата, односно дефинирање на специфична врска помеѓу исполната од тула и АБ-столбови со чија примена би се намалиле оштетувањата, како и давање на препораки за проектирање и градење на АБ-рамовски конструкции со исполна од тула во сеизмички активни региони, посебно внимание ќе се обрне на следново:

- преглед на актуелната литература со цел да се добие увид за сеизмичкото однесување и типовите на оштетување на АБ-рамки со традиционална исполна;
- идентификација на проблемите и празнините во постојните сеизмички прописи, а кои ја третираат проблематиката на исполната од тула во АБ рамовски конструкции;
- истражување/анализа на ефикасноста на иновативното предложено решение за врска на исполната со конструктивните армирано бетонски елементи анализирајќи резултати од извршени експериментални истражувања на ИЗИИС во рамки на проектот FRAMA;
- дефинирање на критериуми за сеизмичко однесување на АБ-рамки со исполна, чија врска со основната конструкција е проектирана и изведена согласно со предложениот метод, врз основа на систематска анализа и оцена на експерименталните резултати;
- дефинирање на нумерички модели за анализа на АБ-рамки со исполна, чија врска со основната конструкција е проектирана и изведена согласно со предложениот метод и верификација на добиените резултати од анализите со експерименталните податоци;
- препорачување на проектни насоки за примена на предложеното иновативно решение за врска на исполната од ѕидарија со армирано-бетонскиот конструктивен систем, посебно кај флексибилни конструкции и кај висококатниците.

За да се реализираат целите предвидени во пријавата за докторската дисертација, кои во крајна линија водат кон зголемување на

сеизмичката доверливост на АБ-рамовски системи со исполна од тула, предвидени се експериментални и аналитички истражувања.

Предвидените истражувања се базираат на анализа и синтеза на резултатите од: (1) претходни експериментални истражувања на ефектите на исполната, реализирани на ИЗИИС и пошироко; (2) резултатите од експерименталниот програм изведен во рамките на истражувачкиот проект FRAMA – Frame –masonry composites for modeling and standardization (IZIIS Report 2015-31), реализиран од страна на Градежниот факултет од Универзитетот во Осиек. Во овој проект, ИЗИИС беше партнер во делот на експерименталните истражувања, во чија реализација делумно учествуваше и кандидатот. Во рамките на овој проект, во делот на експерименталните истражувања, се изградени и се тестирани на вибро-платформата на ИЗИИС два трокатни АБ-рамовски модели во размер 1:2,5 со исполна од шуплива и полна тула.

Согласно со дефинираните истражувачки цели на дисертацијата, во рамките на проектот е тестиран и трет модел, на кој се применети нови (подобрени) врски на исполната со основниот систем, а со цел да се експериментално да се истражи и верификува сеизмичкото однесување на вака изведената исполна.

Аналитичките истражувања симулација на сеизмичкото однесување на АБ- рамкови системи со исполна од тула, применувајќи софистицирани компјутерски програми, методи за анализа со различен степен на сложеност (метод на еквивалентни сили и нелинеарна динамичка анализа во временски домен) и различни пристапи на моделирање на исполната. Во рамки на овие истражувања, предвидена е и компарација на аналитички и експериментално добиените резултати.

***Очекуван научен придонес на дисертацијата***

Со реализацијата на предвидените експериментални и аналитички истражувања се очекува да се даде придонес кон:

- дефинирање на влијанието на исполната од тула на сеизмичкото однесување на интегралната конструкција;
- дефинирање на иновативни решенија за врската помеѓу исполната од тула и конструктивните елементи од рамковиот систем, а во правец на подобрување на сеизмичката отпорност на исполната и конструкцијата во целина;
- развој на нумерички модели за симулација на однесувањето на АБ-рамовски системи со исполна од тула за време на земјотрес;
- да се дадат препораки за исполната и конструкцијата во целина, со посебен осврт на флексибилните конструкции.

На ваков начин, со верификација на предложениот метод и квантификација на влијанието на исполната од тула на сеизмичкиот одговор на конструкцијата, ќе се создадат услови за соодветен третман на

овој неконструктивен елемент уште во процесот на проектирањето. Со ова значајно ќе се намали сеизмичката повредливост на ваквите системи и преку намалувањето на оштетувањата (посебно од дејство на фреквентни земјотреси) ќе се создаде поповолна економска клима за нивна масовна примена.

Треба да се нагласи дека, ваквите истражувања одат во прилог на развојот на т.н. апликативна наука, при што се создава спрега помеѓу истражувачките резултати и сознанија и нивната директна примена во индустријата – градежништвото. При тоа, најголема придобивка има крајниот корисник на кој ќе му се овозможи не само безбедно туку и економично домување, преку намалување на трошоците за поправка на оштетувањата на исполната при евентуални идни фреквентни земјотреси.

**Подобност на кандидатот**

Кандидатот м-р Јордан Бојаџиев е роден на 11 август 1983 во Скопје.

**Образование:** По завршување на средното образование во 2002 година во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје, се запишал на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје, кој го завршил во 2007 година со одбрана на дипломската работа со наслов: „Основен проект за конструкција на Спортска сала”, под менторство на проф. д-р Атанас Филиповски.

Магистерските студии при УКИМ-ИЗИИС Скопје успешно ги завршил со полагање на испитите и одбраната на магистерскиот труд во 2012 година со наслов „Сеизмичка отпорност на армирано- бетонски високи згради”, под менторство на проф. д-р Роберта Апостолска, со што се стекнал со звањето магистер на технички науки.

Кандидатот се запишал на докторски студии во рамките на Школата за докторски студии на УКИМ, во февруари 2013 год.

**Работно искуство:** Работното искуство на кандидатот е во континуитет поврзано со проектирање на згради и инженерски објекти (мостови, потпорни ѕидови и сл.) во рамките на проектантската куќа Прима Инженеринг ДООЕЛ Скопје од 2008, па се до денес каде што е главен проектант во Одделот за статика.

Неговите главни професионални активности се поврзани со проектирање на објекти во Македонија и соседството, во дијапазон од армирано-бетонски згради, индустриски хали со површини и до 35000m$^2$, патни и железнички мостови и др.

**Објавени научни трудови и стручни проекти:** Во изминатиот период, кандидатот учествувал со реферати на домашни и светски конференции во областа на земјотресното инженерство, како и со трудови во домашни и странски научно-истражувачки списанија. Во продолжение дадена листа на објавените трудови на кандидатот.

1. SEISMIC PERFORMANCE OF RC HIGH-RISE BUILDINGS – A CASE STUDY OF 44 STOREY STRUCTURE IN SKOPJE, MACEDONIA Roberta Apostolska, Golubka Necevska-Cvetanovska, Jordan Bojadjiev, Julijana Bojadjieva. TEHNICKI VJESNIK (TECHNICAL GAZETTE) ISSN 1330-3651 (Print), ISSN 1848-6339 (Online) Impact Factor (2016): 0,579
2. Main project design of a Sports Hall, Space steel structure with reinforced concrete columns and shear walls, Graduate thesis - Jordan Bojadziev and Atanas Filipovski, 9-th Seminar in Zabljak, Monte Negro.
3. Analytical Investigations of Beam-Column Connections in Precast Buildings under Seismic Loads (2012). R. Apostolska, G. NecevskaCvetanovska & Jordan Bojadjiev. 15th World Conference on Earthquake Engineering, Lisbon, Portugal.
4. Performance-Based Seismic Design of Reinfoced Concrete HighRise Buildings. (2013) Jordan Bojadjiev, Roberta Apostolska, Golubka NecevskaCvetanovska. 2013 International Conference on Earthquake Engineering, Skopje, Macedonia
5. Seismic Performance Of Reinforced Concrete High- Rise Buildings. (2013) Jordan Bojadjiev, Roberta Apostolska, Golubka NecevskaCvetanovska, MASE Macedonian Association of Structural Engineers, Struga, Macedonia

Кандидатот има референца од преку 100-тина стручни проекти во кои учествувал како проектант и/или инженер за изведба за разни типови на објекти во високоградба, мостови и разни типови на инженерски објекти.

**Јазици:** македонски (мајчин), англиски (одлично).

**Технички вештини:** работа со компјутер, повеќе компјутерски програми за анализа и моделирање на конструкции.

## ЗАКЛУЧОК

### за подобноста на темата и на кандидатот

Врз основа на горенаведеното може да се заклучи дека: (1) предложената тема за изработка на докторска дисертација со работен наслов „**Иновативен метод за зголемување на сеизмичката отпорност на ѕидовите од исполната во армиранобетонски рамовски конструкции**" од кандидатот м-р Јордан Бојаџиев, дипломиран градежен инженер, претставува оригинален истражувачки труд кој ќе придонесе за проширување на знаењата од областа на проектирањето и сеизмичкото однесување на АБ-рамовски системи со исполна од тула, преку експериментална и нумеричка верификација на предложениот иновативен метод на врска на исполната со основната конструкција и преку квантитативно моделирање на параметрите кои го контролираат динамичкото однесување и механизмите на лом на армирано-бетонските рамовски конструкции со исполна од ѕидарија. На ваков начин ќе се пополнат постојните празнини во современите сеизмички прописи за проектирање на овие конструкции и ќе се зголеми

квалитетот на домување преку проектирање и градење на сеизмички сигурни и економични објекти; (2) кандидатот м-р Јордан Бојаџиев во изминативе години континуирано работи на своето усовршување и развој на својата професионална кариера, вклучувајќи ја и практичната, и научноистражувачката работа. Заради тоа, Комисијата има став дека кандидатот м-р Јордан Бојаџиев, дипл. град. инж., е подобен како кандидат за изработка на предложената докторска тема и може да пристапи кон нејзина изработка.

Чест ни е да му предложиме на Научниот совет на УКИМ-ИЗИИС во Скопје да ја прифати темата за изработка на докторска дисертација со работен наслов **Иновативен метод за зголемување на сеизмичката отпорност на зидовите од исполната во армиранобетонски рамовски конструкции** од кандидатот м-р Јордан Бојаџиев, дипломиран градежен инженер, и кандидатот како подобен за нејзина изработка.

Комисија

1. Проф. д-р Роберта Апостолска, с.р.

2. Проф. д-р Живко Божиновски, с.р.

3. Проф. д-р Зоран Ракичевиќ, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „ВЛАДИМИР И КОСАРА ВО КНИЖЕВНОСТА И ВО НАРОДНАТА ТРАДИЦИЈА“ ОД М-Р АНА МЛАДЕНОВСКА-ГЕОРГИЕВА, ПРИЈАВЕНА НА

## ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 8. редовна седница одржана на 16.11.2016 година, формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов „Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“ на кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева. Комисијата е во состав: проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ (претседател), проф. д-р Илија Велев (ментор), проф. д-р Марко Китевски (член), проф. д-р Ана Мартиноска (член) и проф. д-р Валентина Миронска-Христовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**1.Анализа на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „**Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција**“, од кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева, содржи 470 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со македонска поддршка, со 1,5 проред и големина на букви 12 (текст) и 10 (литература), со 360 фусноти, 720 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси објавувани на повеќе јазици.

Трудот е структуриран во 21 глава, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со поширок обем на наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно структурно и методолошко следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања што се третирале во поранешните истражувачки искуства, како и во актуелните перспективи кон податливоста на темата, натаму теоретската рамка и методите на истражувањето, но и претпоставените констатации кои

се изложени како резултат од повеќеслојното историографско, културолошко, книжевно и фолклористичко-етнолошко истражување на кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева. Во тој контекст, кандидатката укажува дека првенствено ги насочила истражувањата кон монографско претставување на историографските, култните, книжевните и народните согледувања за улогата и значењето на дукљанскиот кнез Владимир и на македонската принцеза Косара од семејството на царот Самуил, како во традиционалниот - така и во современиот однос на интеркултурните релации меѓу Македонија и Црна Гора, во контекстот на глобалните балкански и европски цивилизациски врски и влијанија.

Веќе се истакна дека докторската дисертација содржи 21 глава со бројни точки и потточки, што на трудот му приопштуваат поширока сеопфатност структурирана во неколку тематско-истражувачки пунктови: историографски, социолошко култно-легендарни, културолошки, книжевни (традиционални и современи) и етнолошко-фолклористички од аспект на одразот во народната културна традиција. Ваквиот пристап на истражување и на научно презентирање резултира со поместување во структурата на трудот на две посебни или можни монографски реализации: историографски труд за средновековното македонско и црногорско владетелство од крајот на X и почетокот на XI век, како и друго монографско истражување за одразот на Владимир и Косара во книжевната, култно-легендарната и во народната традиција. Но, на извесен начин м-р Ана Младеновска-Георгиева извршила структурен и методолошки спој на сите овие научни полиња, поврзувајќи ги со проследувањето на историографската, култно-легендарната, книжевната и народната традиционална перспектива на темата - што би требало да биде послоевит научен извор, произнесен од современиот македонистички аспект на толкување. Но, тоа не значи дека самата тема се изолира од монтенегристичкиот, односно балканолошкиот и пошироко, од европскиот контекст на нејзиното историско и современо одразување.

При рецензентската валоризација на овој обемен докторски труд едноставно е неприменливо посебно да се задржува стручната опсервација за секое од 21-то поглавје застапено во дисертацијата на м-р Ана Младеновска-Георгиева. Затоа, пристапот на рецензентската оценка се насочува кон првото поглавје и кон главните три тематски блокови со останатите поглавја.

Првата глава од докторската дисертација „Усната историја и традиција за Владимир и Косара низ преданијата, легендите и житијата, обликувани или преобликувани и преточени во зачуваните записи и книжевни жанрови“ е посветена на критичката анализа на изворите и на нивната легендарна, уметничко-посредна или непосредна историографска и теоретско-аналитичка податливост.

Поглавјата со чисто историографски насловни и истражувачки поставености во трудот (поглавја: 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 11) презентираат синтетизирани истражувачки претстави за македонската словенска држава на царот Самуил (969-1014/’18) и за црногорското кнежество Дукља на Јован Владимир (970-1015), во контекстот на средновековното македонско и црногорско минато на војување, политичка омраза и на динстиска љубов во периодот меѓу 998 и 1018 година. Напоменуваме дека

проследувањето на историографската податливост тематски и предметно се структурира во функција на конкретната имплементација во книжевната и во народната творечка трансмисија, за да се долови во уметничката или во инспиративната импресија, како и во култно-легендарните ремитологизации.

На преминот од историографските кон книжевните и народните истражувачки перценпции се премостуваат поглавијата (9, 10, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18) за култно-легендарната духовна традиција, што го одразува воспоставувањето и ширењето светителски култ кон Јован Владимир, а посредно и кон кнегињата Косара (односно монахињата Теодора). Во тој дел од истражувањата се проследуваат сите облици на воспоставување култ за св. Јован Владимир, преку: чудотворноста, христијанската милосрдност, чувањето и пренесувањата на неговите свети мошти, почитувањето како светителски заштитник, градител или обновувач на христијански храмови, неговиот светителски патрон на цркви и манастири, поклоничкиот однос кон светителот од различни верски конфесии, распространувањето на неговиот култ широко низ Балканот и во дел од централна Европа и сл. Токму преку проследувањето на св. Јован Владимир во духовната традиција, м-р Младеновска ги поврзува аспектите на поврзаноста меѓу разграничените историографски претстави, што творечки или легендарно-митологизирани се одразиле во книжевните и во народните форми на традиционално или современо доживување. Богоугодниот чин на светител Јован Владимир култно го стекнал како блажен мачениk, т.е. мироточив чудотворец - првиот светител на Дукља.

Ваквото повеќеслојно историографско и култно-легендарно пристапување кон истражувањето за одразот на Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција изнудило разјаснување на мотивските и на естетските супстрати што се одразиле во книжевните состави од повеќе жанровски видови и во различните форми од народната култура. Традиционалните книжевни творби и народните преданија, легенди, верувања или празнувања, сите взаемно извршиле надградување и проширување на творечкиот дискурс во современото книжевно манифестирање ангажирано со темата за Владимир и Косара, но и ја зацврстуваат современата импресија за нив - да го регенерираат македонското и црногорското минато и да ја оживуваат нивната духовна и културна сегашност во иднината. Ваквиот истражувачки потфат нашол финален и функционален пристап во последните поглавја (19, 20 и 21) на докторскиот труд, при што неговото монографско конституирање добива заокружен резултат на квантитативни и на квилитативни научноистражувачки достигнувања.

Култно-легендарната реализација на Јован Владимир со богоугоден чин на светител директно влијаела веднаш по неговата смрт постапно да се негуваат најразлични облици на народни верувања, негови празнувања или проникнувања на народни легенди и приданија. Всушност станува збор за одразот на култот на Јован Владимир во народната традиција, којашто ги надополнувала останатите облици на култна манифестираност: богослужбено-религиозниот, фрескосликарскиот или иконописниот, музичкиот, книжевниот, и сл. Особено култот и споменот за Владимир и Косара во народната традиција се одразиле преку преданијата, легендите, верувањата, како и во повеќето потжанровски поетски форми. Особено е впечатливо присуството на народни епски песни со мотиви за Владимир и Косара поместувани во бројни зборници

од 1756 година и сè до современоста, пеани по целиот балкански простор - со подоминантно присуство во Македонија, Црна Гора и во Албанија.

Одразот на мотивите за Владимир и Косара станале мошне продуктивна инспирација во книжевната традиција. М-р Младеновска-Георгиева функционално извршила класификација на книжевното творештво во кое е присутен мотивскиот слој за славата, споменот и легендата за Владимир и Косара (поглавја 20 и 21). Истражувањата од ваквиот аспект на анализи и толкувања правилно почнуваат да се толкуваат од средновековната книжевна традиција, преку проследувањето на хагиографското (житијното), химнографското и ораторско-реторичкото творечко искуство. Тука пред сè се имаат предвид најстарото несочувано житие кое доживеало мотивска трансформација во XXXVI глава од Летописот на поп Дукљанин, текстолошките варијанти на пространото и на проложното житие, грчкото житие или Елбасанската легенда од Козма Китијски, како и самиот чин на нивното подоцнежно распространување преку ракописни преписи и печатења. Посебно потпоглавје е посветено и на преписот со извесни компилации од стружанецот Калистрат Зографски, познатиот македонски светогорски духовник. Во контекстот на книжевната традиција за Владимир и Косара се проследени и химнографските богослужбено поетски творби, како што се службите, канонite, разните песнопеења, но и пофалното слово како типологизиран книжевен состав од ораторско-реторичкиот жанр. Секако дека се имаат предвид и најразновидните молитвословија. Ваквите култно-книжевни форми нашле и наоѓаат примена во богослужбената практика што се одвива празнично во чест на неговата слава и светителски спомен.

Значајно истражување е посветено на прашањето за повеста или романот за Владимир и Косара, но и над сè за одразот на оваа книжевна мотивска преокупација во балканските литератури и уметности: поезијата, прозата, драмата, операта, и сл. Во докторскиот труд се проследени скоро сите поважни книжевни творби и автори меѓу XVIII и XX век, кои се инспирирале од средновековната повест за Владимир и Косара, а меѓу кои ќе ги споменеме: поетите - Андрија Качиќ-Миошиќ, Никола I Петровиќ Његош, Момир Војводиќ, Људмил Стојанов, Николај Велимировиќ и др.; прозаистите - Стеван Сремац и Димитар Талев; драматурзите - Вилијам Шекспир, Лаза Лазаревиќ, Јован Стерија Поповиќ, Стефан Таневски, Александар Поповиќ, Милица Пилетиќ и Загорка Поп-Антоска-Андовска. Одразот на мотивите за Владимир и Косара нашле одраз и во оперското драмско-музичко творештво на Петар Прерадовиќ, како и во поново време (2006 година), либретото од Петре Бакевски и музиката на Сони Петровски.

Во заклучните напомени (стр.410-418) се произнесени синтетизираните констатации и критичките опсервации на кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева по однос на своите истражувања на предметот и на темата во докторската дисертација. На тој начин таа го заокружува монографското презентирање и методолошки ги дообјаснува сопствените постапки на анализи, толкувања и интерпретации, преку кои произлегле истакнати нејзините авторски констатации и ставови по однос на повеќе досега неразјаснети прашања.

Докторскиот труд се заокружува и со обемниот преглед на консултираната научна литература и извори, кој слободно може да се има предвид како основна библиографија при проучувањето од кој и да е аспект за расветлување на историските и културолошките профили на Владимир и Косара.

## 1.1. Предмет на истражување

*Предметот на истражувањата во дисертацијата беше конкретизиран уште при оценката за подобноста на темата, при што во завршниот труд се резултира со изготвување монографско претставување за ангажираната мотивска преокупација поврзана со култните и легендарните формати на историските личности Владимир и Косара, а во функција на воспоставувањето и на одбележувањето на историските, духовните и културните врски меѓу македонската и црногорската традиција и современост. Македонската и црногорската историска предодреденост на овие легендарни протагонисти ја овозможуваат и творечката дисперзија пошироко во глобалното балканско и европско културноисториско искуство. Во практично-истражувачка смисла, овој труд придонесува преку него да се оствари документиран увид во целокупното творештво на оваа тема кај одделните автори, во усната народна меморија и трагите во севкупната традиција на балканските простори и посебно во Македонија, во рамките на Охридската архиепископија и во творештвото на македонските и на другите автори. Едноставно, книжевно-творечката и легендарно-фолклорната обработката на овие историски личности придонесуваат за реафирмацијата на нивното место и значење во македонската и во црногорската култура од последните десет века, како и одразот во современите интеркултурни состојби.*

## 1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Конкретно, докторскиот труд „Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“ м-р Ана Младеновска-Георгиева го приспособува на актуелните научноистражувачки пристапи да се презентира интердисциплинарната постапка на повеќеслојно согледување, анализирање или толкувања на предметот на истражувањето. Оттука се впечатливи и презентираните аспекти на дескриптивно-историографските, социолошко-аналитичките, културолошко-политиколошките, култно-легендарните, етнолошко-фолклорните, книжевно-естетските и уметничко-експресионистичките подрачја на истражувања и согледби. Ваквиот мозаичен пристап му приопштува на докторскиот труд и модерен облик на интеркултурна комуникација меѓу повеќето балкански културни сообразувања во глобалните рамки на цивилизациското прелевање меѓу народите. На тој начин се регенерира минатото за да се возобнови современоста во иднината.

## 1.3. Краток опис на применетите методи

*Темата на изработената докторска дисертација ги зафаќа културолошките, книжевните и фолклористичките аспекти на проследување, па следствено на тоа при истражувањата и при самото структурирање на*

*текстот се применети повеќе функционални методологии: историско-дескриптивна, експликативна, структурална, компаративна и други истражувачки методи на анализа, индукција, дедукција и синтеза. Целината на трудот се надополнува и со искуствата на практичните истражувања врз оригиналните преписни варијанти на изворните сочувани текстови, на старопечатените изданија, или на современите творечки одгласи, а не отсуствува и критичкиот однос кон досега произнесените истражувачки искуства кои, за жал, сѐ уште се до крај неорганизирани, нецелосни и секогаш се недоречени.*

**1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето**

Изработениот докторски труд под наслов „Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“ од м-р Ана Младеновска-Георгиева нуди своевиден истражувачки предизвик од повеќе аспекти на третирање или интерпретации. Како прво, темата е мошне податлива и нуди основа за најразлични истражувачки пристапи на ангажираниот мотив за Владимир и Косара, којшто во традицијата и во современата книжевнотворечка перцепција има статус на култна, легендарна или на потврдена историска мотивација и драматика. Токму од различните пораки на духовни или на естетски произнесувања можат да се црпат богати творечки искуства за реализација на успешни историско-традиционални или современи книжевни достигнувања во скоро сите жанровски форми. Култната реминисценција за овие две историски личности ја поткрепуваат легендарната приказна која натаму низ творечките искуства се преточува во современо култно, митско и уметничко доживување. Особено тоа се потврдува преку творечките проекции во книжевната и во народната традиција и современост, преку жанровските книжевнотворечки искуства во хагиографските, химнографските или во ораторско-реторичките творби, преку легендите и преданијата, или со епските народни умотворби, сѐ до современите книжевни форми на прозното, поетското или на драмското творечко искуство и сл. Токму преку ваквиот одраз на мотивската преокупација за споменот и славата на овие историски личности во книжевноста и во народната традиција се гради и содржинската структура на докторската дисертација, што прегледно и успешно е презентирана од страна на кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева. Но она што би требало да остави личен белег на овој докторски труд ќе биде предавањето на претставата за воспоставената историска основа на интеркултурното искуство меѓу македонската и црногорската традиција, од чиишто извори ќе се напојуваат и современите творечки врски и влијанија како потврдено искуства на една до друга, но и на една со друга две блиски и препознаени меѓусебно култури во современиот глобален свет на интеграции.

**2. Оцена на дисертацијата**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева, со наслов ,,Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Изработката на темата на оваа докторска дисертација темелно и сестрано го профилира монографскиот истражувачки пристап на македонско-црногорските културноисториски

врски и влијанија, со посебен поглед кон значењето и улогата на историските и легендарни формати на Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција. Монографијата за првпат ги разјаснува конкретните релации на историските, духовните, културните и фолклорните облици и форми на интеркултурна партиципација меѓу македонската и црногорската традиција и современост, при што најилустративно ги афирмира актуелните за нашево современо време глобални тенденции за културно прелевање меѓу народите. Токму историските, култните и легендарно-митските проекции изградени од конкретните благороднички ликови на Владимир и Косара на типичен начин станале основа за творечка инспирација во книжевноста и во народната традиција. Успешноста на овој докторски труд на најсоодветен начин ја расветлува историската сцена од прикриените или од присвојуваните македонски и црногорски културноисториски традиции и културноисториски идентитети.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева, со наслов ,,Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## 3. Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата

Во функција на потврдувањето за исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата на м-р Ана Младеновска-Георгиева оди во прилог објавениот научен труд „Ликот на Скендербег во истоимениот еп на Григор Прличев“, што беше презентиран на Меѓународниот научен собир во Скопје по повод 600-годишнината од раѓањето на Ѓерѓ Кастриот Скендербег, а што го организираше Институтот за национална историја во Скопје. Нејзиниот научен реферат беше печатен и во Зборникот со одобрените рецензирани научни прилози (Скопје 2006, стр. 221-229). Истиот реферат е објавен и на албански јазик: Figura e Skënderbeut në epin me të njëjtin emër të Grigor *Përliçev-it,* „Gjergj Kastrioti-Skënderbeu (1405-1468)“, Materiale nga tubimi shkencor, me rastin e 600 vjetorit të lindjes së tij mbajtur në Shkup më 25 dhe 26 nëntor 2005, Instituti për histori nacionale, Shkup, 2006, 209-216. Нејзината оспособеност за научна работа посебно се потврди и во напишаниот и одбранет магистерски труд „Врските и односите на Македонската држава и Зета (998-1018)“, што од рецензентската комисија беше оценет како комплексен и сложен интердисциплинарен истражувачки потфат реализиран преку монографско научно претставување.

## 4. Заклучок и предлог

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Истражувањата презентирани во докторската дисертација „Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“ обемно, аналитички и полидисциплинарно ги приопшти феномените на средновековното македонско и дукљанско (црногорско) владетелство на цивилизацискиот крстопат меѓу афирмацијата на византиската и притоа на словенската

христијанска цивилизација и култура од крајот на X и почетокот на XI век. Преку книжевната и фолклорно-етнолошката ремитологизирана претстава за Владимир и Косара во духовната и во културната традиција во овој докторски труд функционално се оживуваат и се афирмираат често присвојуваните и притемнувани културноисториски идентитети на македонските и на црногорските современи култури и народи.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Истражувачките искуства и констатации коишто се понудени во односниот докторски труд нудат првични македонистички интерпретации и согледби за мошне важна тема од историската, духовната и од културната традиција и современост на македонско-црногорските врски и влијанија. Резултатите до коишто дошла кандидатката ќе бидат идна основа при применливоста на повеќеслојните методолошки и интердисциплинарни пристапи за толкување или за интеркултурно доживување на глобалните општоцивилизациски вредности, што нашле еднакви одрази во профилирањето на две современи национални културни традиции - напојувајќи се од ист културноисториски извор. Притоа, ова научноистражувачко проследување не е еднострано национално афирмирање на конкретен духовен и културноисториски супстрат, туку допушта нова насока по која треба да се движат и останатите национални културноисториски искуства на Балканот - издвојувајќи го она што се прифаќало како влијание во глобалното минатото, од она што се партиципирало во него со сопствениот традиционален и препознатлив влог.

**Можни понатамошни истражувања.** Веќе истакнавме дека докторскиот труд „Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“ на м-р Ана Младеновска-Георгиева е еден од ретките монографски истражувања на вака предметно ангажираната тематика, при што последователно се очекува тој да претставува податлива основа на секој план при идните истражувања посветувани на слични, или на приближно допирливи, подрачја за расветлување на македонската или на црногорската културноисториска традиција и современост. Но, над сè, овие истражувања ќе одат во прилог за афирмација и за потврдување на нераскинливите и непосредни историски, духовни и културни врски меѓу македонската и црногорската современа држава, а и меѓу Македонците и Црногорците како современи народи кои имаат богат културноисториски влог во современите тенденции на глобализацијата за културно прелевање на народите во Европа.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Младеновска-Георгиева со наслов „Владимир и Косара во книжевноста и во народната традиција“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, претседател, с.р.

Проф. д-р Илија Велев, ментор, с.р.

Проф. д-р Марко Китевски, член, с.р.

Проф. д-р Ана Мартиноска, член, с.р.

Проф. д-р Валентина Миронска-Христовска, член, с.р.